- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2166.01 Графички дизајнер
2166.02 Сценски дизајнер
2166.03 Дизајнер за внатрешно уредување
2166.04 Веб-дизајнер

2166.05 Мултимедијален дизајнер
2166.06 Мултимедијален аниматор
2166.07 Изработувач на рекламни материјали
2166.08 Компјутерски аниматор
2166.09 Пејзажен дизајнер

**ПОДГРУПА 22.**

## Стручњаци од областа на здравството

Стручњаците во областа на здравството спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа или применуваат научно знаење од областа на медицината, стоматологијата, фармацијата, физиотерапијата, офталмологијата, ветерината и други медицински гранки со цел да се унапреди целокупното здравје на живиот свет.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: истражување, проширување, примена на знаења добиени со проучување на сите форми на човечкиот и животинскиот свет, вклучувајќи го и изучувањето на одделни органи, ткива, клетки и микроорганизми, како и влијанието од факторите на околината, лековите и другите супстанции врз овие живи форми, проучување на човечките и животинските заболувања, давање соодветни совети за нивно лекување, примена на превентивни, лекувачки и негувателски мерки и заштита на здравјето, изработка на научни трудови и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**221. Доктори по медицина**

**222. Медицински сестри и акушери**

**223. Стручни лица кои се занимаваат со традиционална медицина**

**224. Парамедицински лекари**

**225. Ветеринари**

**226. Други стручњаци за здравство**

**СПОРЕДНА ГРУПА 221.**

## Доктори по медицина

Докторите по медицина спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа и применуваат научни знаења од областа на општата медицина и специјалистичките гранки за заштита на здравјето на луѓето. Тие, раководејќи се од медицинската етика, учат и дијагностицираат различни видови на болести, физички повреди, ментални нарушувања и лекуваат со примена на принципите и процедурите на модерната медицина, надгледуваат болни лица, едуцираат и водат истражувачки активности.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: спроведувања на истражувања и стекнување на научни сознанија со проучување на човечките и животинските нарушувања и заболувања и начините на нивно лекување; испитувања и интервјуирања на пациенти за да се утврди нивната здравствена состојба, анализа на наодите, советување и примена на превентивни мерки и мерки на лекување или унапредување на здравјето; следење на напредокот во лекувањето кај пациентите и советување за исхраната и начинот на живеење и однесување; вршење на хируршки зафати и други клинички постапки; професионално обезбедување на континуирана и сеопфатна грижа и давање на други видови на здравствени услуги; подготвување на научни трудови и пишување на извештаи и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2211. Општи доктори по медицина**

**2212. Специјалисти доктори по медицина**

## 2211. Општи доктори по медицина

Општите доктори по медицина спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа и применуваат научни знаења од областа на општата медицина и ја одржуваат општата здравствена состојба на луѓето во заедницата. Тие, раководејќи се од медицинската етика, учат и дијагностицираат различни видови на болести, физички повреди, ментални нарушувања и лекуваат со примена на принципите и процедурите на модерната медицина, надгледуваат болни лица, едуцираат и водат истражувачки активности.

Задачите вклучуваат:

- спроведување на испитувања и интервјуирања на пациентите за да се утврди нивната здравствена состојба;
- давање комплетна превентивна, куративна и рехабилитациска здравствена заштита;
- откривање и отстранување на причините на заболувањата, односно спречување на болести и повреди и нивните последици;
- лекување и рехабилитација на телесно и душевно заболени лица;
- препишување на основни лекарства за лекување на пациентите;
- советување на пациентите за здравата исхрана и начинот на живот;
- вршење на лесни клинички постапки;
- учество во донесувањето и реализацијата на законите и одредбите на општествената здравствена заштита, со цел зачувување и промовирање на здравјето во локалната заедница;
- давање на препораки на пациентите за повисок степен на медицинско специјалистичко лекување;
- поттикнување и насочување на активности за самозаштита на населението;
- отворање на боледување на болните работници кои не се во можност да ги вршат работните обврски;
- одржување на консултации со други релевантни стручњаци од областа на медицината;
- преземање на мерки за спречување на колективни болести и зарази со едукација на населението;
- вршење на законските обврски кај смртните случаи;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2211.01 | Доктор по медицина |
| 2211.02 | Доктор по општа медицина |
| 2211.03 | Доктор по школска медицина |
| 2211.04 | Доктор по медицина на трудот |
| 2211.05 | Доктор по медицина - општ хирург |

## 2212. Специјалисти доктори по медицина

Специјалистите доктори по медицина спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа и применуваат научни знаења од областа на медицината и ја одржуваат здравствената состојба на луѓето во заедницата. Тие, раководејќи се од медицинската етика, учат и дијагностицираат различни видови на болести, физички повреди, ментални нарушувања и лекуваат со примена на принципите и процедурите на модерната медицина, вршат специјализирани истражувања од различни категории, хируршки интервенции, надгледуваат болни лица, едуцираат и водат истражувачки активности во сопствените области на специјализација.

Задачите вклучуваат:

- спроведување на испитувања и интервјуирања на пациентите за да се утврди нивната здравствена состојба;
- давање комплетна превентивна, куративна и рехабилитациска здравствена заштита;
- нарачување на специјалистички дијагностички тестови за да се утврди причината на болеста;
- откривање и отстранување на причините на заболувањата, односно спречување на болести и повреди и нивните последици;

- лекување и рехабилитација на телесно и душевно заболени лица;
- препишување на лекарства за лекување на пациентите и давање на соодветни терапии;
- советување на пациентите за здравата исхрана и начинот на живот;
- вршење на лесни и тешки хируршки интервенции од општа или специјална природа;
- учество во донесувањето и реализацијата на законите и одредбите на општествената здравствена заштита, со цел зачувување и промовирање на здравјето во локалната заедница;
- планирање и дизајнирање на активности за самозаштита на населението;
- одржување на консултации со други релевантни стручњаци од областа на медицината и преземање на сеопфатна грижа за пациентите;
- преземање на мерки за спречување на колективни болести и зарази со едукација на населението;
- управување со нормални и комплицирани породувања на трудници;
- вршење на законските обврски кај смртните случаи и вршење на обдукција за да се утврдат причините за смртта;
- одржување на консултации со други стручњаци од областа на медицината;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи од специјализирани области;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2212.01 Доктор по медицина интернист
2212.02 Доктор по медицина пневмофтизиолог
2212.03 Доктор по медицина инфектолог
2212.04 Доктор по медицина невролог
2212.05 Доктор по медицина психијатар
2212.06 Доктор по медицина невропсихијатар
2212.07 Доктор по медицина психотерапевт
2212.08 Доктор по медицина дерматолог и венеролог
2212.09 Доктор по медицина дерматолог
2212.10 Доктор по медицина педијатар
2212.11 Доктор по медицина хирург - специјалист
2212.12 Доктор по медицина неврохирург
2212.13 Доктор по медицина - детска хирургија
2212.14 Доктор по медицина - максилофацијален хирург
2212.15 Доктор по медицина за пластична и реконструктивна хирургија
2212.16 Доктор по медицина уролог
2212.17 Доктор по медицина ортопед
2212.18 Доктор по медицина оториноларинголог
2212.19 Доктор по медицина офталмолог
2212.20 Доктор по медицина гинеколог и опстетичар
2212.21 Доктор по медицина анестезиолог и реаниматолог
2212.22 Доктор по медицина трансфузиолог
2212.23 Доктор по медицина радиолог
2212.24 Доктор по медицина радиотерапевт
2212.25 Доктор по медицина радиотерапевт и онколог
2212.26 Доктор по нуклеарна медицина
2212.27 Доктор по физикална медицина и рехабилитација
2212.28 Доктор по медицинска микробиологија со паразитологија
2212.29 Доктор по медицина патолошки анатом
2212.30 Доктор по медицина цитолог
2212.31 Доктор по судска медицина
2212.32 Доктор по медицина клинички фармаколог
2212.33 Доктор по медицина клинички фармаколог и токсиколог
2212.34 Доктор по медицина рендгенолог
2212.35 Доктор по социјална медицина
2212.36 Доктор по медицина епидемиолог

2212.37 Доктор по спортска медицина
2212.38 Доктор по медицина стажист
2212.39 Доктор по медицина специјализант
2212.40 Останати лекари специјалисти

**СПОРЕДНА ГРУПА 222.**

**Медицински сестри и акушери**

Медицинските сестри и акушери применуваат медицински сознанија и професионални принципи кои се однесуваат на негата и грижата на физички и ментално болни, повредени и хендикепирани лица, како и родилки и новороденчиња. Тие имаат одговорност за планирање на медицинските активности во организацијата, тимски надзор на пациентите и преземаат превентивни мерки за заштита.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: помош на докторите по медицина и научниците и сродните највисоки стручњаци за болничка нега и породување во практичната примена на мерките за лекување и превентива, услуга, нега, совети на болните, повредените, хендикепираните и други лица; следење на здравствената состојба на пациентите и информирање до соодветните доктори; координација на работата и консултација со членовите на здравствените тимови; породување и помош при породувањето, како и давање на упатства на мајките за нега на новороденчињата; спроведување на медицински истражувања и подготовка на научни трудови и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2221. Медицински сестри**
**2222. Акушери**

## 2221. Медицински сестри

Медицинските сестри обезбедуваат болничка нега на физички и ментално болни, повредени и други лица на кои им е потребна таква грижа. Работата ја вршат самостојно и како членови на болничкиот тим. Подготвуваат и спроведуваат медицинско - технички работи од специјалноста на која работат, учествуваат во подготовката и спроведувањето на дијагностички и терапевтски постапки. Водат евиденција за работата и вршат други административни задачи. Спроведуваат и здравствено воспитување на населението.

Задачите вклучуваат:

- давање на болничка нега на болниот;
- следење на терапевтски и дијагностички постапки;
- следење на состојбата на болниот, контрола и евиденција на виталните функции, состојбата на свеста, подвижноста и општата состојба;
- помош во исхраната на болниот и грижа за општата хигиена на болниот и неговата околина;
- подготовка на инструменти и прибор за операциски потфати;
- подготовка на инструменти и прибор за стерилизација;
- подготовка на болниот за анестезија;
- вршење на преврски, чистење на рани и давање на дневни лекарства на болните;
- дневна евиденција и други административно - финансиски работи;
- евиденција за трошоците за лекови, вакцини и друг материјал, како и грижа за нивната залиха;
- планирање, организирање и надгледување на спроведувањето на болничка нега;
- координација во консултација со други здравствени работници и членови на здравствени тимови;
- здравствено воспитување на болните и нивните семејства, како и на здравите лица;
- вршење на испитувања од специјализирани области и пишување на научни трудови;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2221.01 Дипломирана медицинска сестра
2221.02 Медицинска сестра - специјалист

2221.03 Медицинска сестра - анестезиолог
2221.04 Медицинска сестра за интензивна нега
2221.05 Медицинска сестра за патронажна нега
2221.06 Медицинска сестра за офталмолошка нега
2221.07 Медицинска сестра за психијатриска нега
2221.08 Главна медицинска сестра
2221.09 Одделенска медицинска сестра
2221.10 Отсечна медицинска сестра

## 2222. Акушери

Акушерите обезбедуваат медицински услуги, пораѓаат или им помагаат на докторите при породувањето, се грижат пред и по породувањето и ги советуваат мајките за негата на бебињата, учествуваат во здравственото воспитување на жените во врска со бременоста, доењето, исхраната и негата на новороденчињата.

Задачите вклучуваат:

- учество во спроведувањето на дијагностички и терапевтски постапки во гинекологијата и акушерството;
- подготвување на родилките и нивно пораѓање според стандардите за модерна акушерска заштита;
- давање на првична нега на новороденчињата и следење на нивната здравствена состојба;
- обука на мајката за доење, исхрана и заштита на новороденчето;
- давање на парентерална терапија;
- вршење на преврски, чистење на рани и давање на дневни лекарства на родилките;
- едукативни активности и совети во клиниката и во заедницата;
- размена на мислења и искуства со стручни лица од сродни области на медицината;
- вршење на испитувања од специјализирани области и пишување на научни трудови;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2222.01 Медицинска сестра за породилно - гинеколошка здравствена нега
2222.02 Акушер - специјалист

**СПОРЕДНА ГРУПА 223.**
**Стручни лица кои се занимаваат со традиционална медицина**

Стручните лица кои се занимаваат со традиционална и комплементарна медицина советуваат за методите на чување и подобрување на здравјето и лекуваат човечки ментални и физички болести со техники од традиционалната практика во заедницата за кои се верува дека лекуваат со помош на стекнати знаења и вештини или со сила на природата и верба во духовниот совет.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: советување на клиентите за правилно однесување и начин на исхрана за да се зачува или поврати менталното и физичкото здравје и сила; спроведување на физички испитувања на пациенти и утврдување на нивната здравствена состојба; развивање и имплементирање на планови за третман со користење на вештини од областа на акупунктурата и други културни филозофии; подготовка на природни лекови и лекување на пациенти со примена на традиционални техники кои лекуваат со помош или преку стимулирање на природата; лекување на болни со духовно влијание, сугестии и сила на верба; спроведување на истражувања во областите на алтернативната медицина и пишување на научни трудови, реферати и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**2230. Стручни лица кои се занимаваат со традиционална медицина**

## 2230. Стручни лица кои се занимаваат со традиционална медицина

Стручните лица кои се занимаваат со традиционална и комплементарна медицина лекуваат ментални и физички болести со растенија и други техники што традиционално се користат и за кои се верува дека лекуваат и исцелуваат со помош на стимулирање на природата, со психичко влијание и сугестија, со сила на верба и со духовен совет, и даваат совети и методи за чување и подобрување на здравјето и благосостојбата на луѓето.

Задачите вклучуваат:

- вршење на физички испитувања на пациентите за да се утврди нивната здравствена состојба;
- лекување на болести и повреди со употреба на билки, медицински растенија, инсекти и други традиционални техники за кои се верува дека лекуваат;
- подготовка на традиционални лекови, билки, растенија, минерални води и животински екстракти со кои се стимулира капацитетот на телото за самолекување;
- советување за правилен начин на исхрана и однесување за да се зачува или подобри здравјето и благосостојбата;
- настојување да се излечат човечките ментални и физички нарушувања со сила на вербата;
- развивање и имплементирање на планови за третман со примена на апликации на акупунктура и кинезитерапија;
- советување за правилно однесување за да се зачува или подобри здравјето и благосостојбата на болните;
- надгледување на пациентите за напредокот во процесот на лекување;
- размена на мислења и искуства со стручни лица од сродни области на медицината;
- вршење на испитувања од специјализирани области и пишување на научни трудови;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2230.01 | Стручно лице кое се занимава со традиционална медицина |
| 2230.02 | Специјалист за кинезитерапија |
| 2230.03 | Специјалист за акупунктура и акупресура |
| 2230.04 | Специјалист за алтернативна медицина |
| 2230.05 | Хомеопат |

**СПОРЕДНА ГРУПА 224.**
**Парамедицински лекари**

Парамедицинските лекари обезбедуваат советодавни, дијагностички и превентивни здравствени услуги на луѓето и работат самостојно или со ограничена контрола на докторите по медицина и применуваат напредни клинички процедури за дијагностицирање и спречување на различни видови на болести, повреди, физички и ментални нарушувања и друго.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: спроведување на физички испитувања на пациенти и интервјуирање за да се утврди нивниот здравствен статус; вршење на рутински медицински и хируршки процедури вклучувајќи и давање на лекови и други превентивни мерки за лекување; нарачување на дијагностички тестови, лабораториски постапки, различни видови на снимки и друго; вршење на терапевтски постапки, како и давање на инјекции, вакцини, шиење на рани и медицински преврски; помагање на докторите по медицина во посложени лекувања и следење на напредокот во заздравувањето на пациентите; советување на пациентите за начинот на исхрана и зачувувањето на своето здравје и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2240. Парамедицински лекари**

## 2240. Парамедицински лекари

Парамедицинските лекари обезбедуваат советодавни, дијагностички и превентивни здравствени услуги на луѓето и работат самостојно или со ограничена контрола на докторите по медицина и применуваат напредни клинички процедури за дијагностицирање и спречување на различни видови на болести, повреди, физички и ментални нарушувања и друго.

Задачите вклучуваат:

- вршење на физички испитувања на пациентите за да се утврди нивната здравствена состојба;
- вршење на основни и рутински медицински и хируршки зафати и надгледување на процесот на рехабилитација на пациентите;
- изведување или нарачување на дијагностички и лабораториски тестови на пациентите;
- спроведување на терапевтски постапки како ставање на инјекции, вакцини, чистење и шиење на рани, преврски и друго;
- советување за правилно однесување за да се зачува или подобри здравјето и благосостојбата на болните;
- помагање на докторите по медицина во сложените медицински и хируршки зафати;
- надгледување на пациентите за напредокот во процесот на лекување;
- размена на мислења и искуства со стручни лица од областа на медицината;
- вршење на испитувања од специјализирани области и пишување на научни трудови;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2240.01 Парамедицински лекар
2240.02 Парамедицински болничар
2240.03 Хируршки техничар

**СПОРЕДНА ГРУПА 225.**
**Ветеринари**

Ветеринарите спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат сознанија, теории и оперативни методи за работа и применуваат медицински знаења во областа на ветеринарството. Се занимаваат со спречување на болести и лекување на широк спектар на животни или специјализирани за одредена група на животни, а се занимаваат и со научно-истражувачка дејност.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: спроведување на испитувања и дијагностицирање на заболувања и повреди на животните; препишување на лекарства за животните и ставање на вакцини; овозможување на хируршко и медицинско ветеринарно лекување; давање на стоматолошки и акушерски услуги на животните; давање на совети за грижа и одгледување на животните; преземање на мерки за спречување на колективни болести и зарази кај животните; изработка на научни трудови и пишување на извештаи и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**2250. Ветеринари**

## 2250. Ветеринари

Ветеринарите спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат сознанија, теории и оперативни методи за работа и применуваат медицински знаења во областа на ветеринарството. Се занимаваат со спречување на болести и лекување на широк спектар на животни или специјализирани за одредена група на животни, а се занимаваат и со научно - истражувачка работа.

Задачите вклучуваат:

- истражување, унапредување и развивање на поими, теории и оперативни методи во областа на ветеринарството;
- спроведување на испитувања и дијагностицирање на заболувања и повреди на животните;

- препишување на лекарства за животните и ставање на вакцини;
- овозможување на хируршко и медицинско ветеринарно лекување;
- санирање на повреди и скршеници на коски кај животните;
- давање на стоматолошки и акушерски услуги на животните;
- давање на совети за грижа и одгледување на животните;
- инспекција на квалитетот, чистотата и безбедноста на прехранбените производи добиени целосно или делумно од суровини или од животинско потекло, наменети за исхрана на луѓето;
- помош во епидемиолошки, радиолошки и друг надзор на здравјето кај животните;
- преземање на мерки за спречување на колективни болести и зарази кај животните;
- вршење на обдукција на мртви животни за да се утврдат причините за смрт на животните;
- давање на услуги за еутаназија на животните;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2250.01 | Ветеринар |
| 2250.02 | Ветеринар за репродукција на животни |
| 2250.03 | Доктор по ветеринарна медицина |
| 2250.04 | Ветеринар хирург |
| 2250.05 | Ветеринар за домашни миленици |
| 2250.06 | Ветеринар за здравствена заштита на животните |
| 2250.07 | Ветеринар специјалист |
| 2250.08 | Ветеринар истражувач |
| 2250.09 | Самостоен ветеринар истражувач |
| 2250.10 | Ветеринарен инспектор |
| 2250.11 | Советник за ветеринарство |

**СПОРЕДНА ГРУПА 226.**

## Други стручњаци за здравство

Другите стручњаци за здравство обезбедуваат здравствени услуги поврзани со стоматологијата, фармацијата, животната средина, здравјето и хигиената, физикалната терапија, исхраната, слухот и говорот и даваат програми за нивна рехабилитација.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: процена на состојбата на пациентите и нивното здравје; дијагностицирање и лекување на болести и други нарушувања на здравјето на забите и устата; развивање, чување, мешање, тестирање и издавање на лекови и советување за нивната правилна употреба; планирање и спроведување на програми за следење на факторите на животната средина кои потенцијално можат да влијаат на здравјето на луѓето; планирање и спроведување на терапевтски активности поврзани со образование, стручно оспособување или рекреација заради помош на ментално неурамнотежени, болни или физички хендикепирани лица; подготовка и примена на диети и начини на исхрана за општи и терапевтски цели и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2261. Стоматолози**
**2262. Фармацевти**
**2263. Здравствени еколози и стручњаци за хигиена**
**2264. Физиотерапевти**
**2265. Диететичари и нутриционисти**
**2266. Терапевт за аудио и говор**
**2267. Офталмолози и оптометристи**
**2269. Стручњаци во здравството, некласифицирани на друго место**

## 2261. Стоматолози

Стоматолозите спроведуваат истражувања, креираат или подобруваат концепти, теории и оперативни методи за работа и применуваат медицински знаења од областа на стоматологијата. Се занимаваат со спречување на болести и аномалии на вилиците, забите, непцата и устата и користат широк спектар на дијагностички и хируршки техники од модерната стоматологија за зачувување на оралното здравје. Тие се занимаваат и со научно - истражувачка дејност.

Задачите вклучуваат:

- давање на комплетна превентивна и куративна заштита на уста и заби;
- откривање и отстранување на причините на заболувањата, односно спречување на болести и повреди на устата и забите и нивните последици;
- давање на анестетици за намалување на болката при стоматолошките интервенции;
- препишување на лекарства за стоматолошка терапија;
- конзервативно и хируршко лекување и рехабилитација на болести и повреди на устата и забите;
- земање на мерки и отисоци од забите на пациентите и изработка на вештачки заби и вилици;
- изработка и монтажа на протези за корекција на забите;
- учество во јавните акции за следење и подобрување на стандардите за орално здравје и стоматолошка заштита;
- учество во информирањето од областа на денталната хигиена и стоматолошката заштита;
- одржување на консултации со други стручњаци од областа на стоматологијата;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2261.01 | Доктор за детска и превентивна стоматологија |
| 2261.02 | Доктор стоматолог ортодонт |
| 2261.03 | Доктор по стоматологија пародонтолог |
| 2261.04 | Доктор по стоматологија протетичар |
| 2261.05 | Доктор по стоматологија орален хирург |
| 2261.06 | Доктор по стоматологија орален патолог |
| 2261.07 | Доктор по стоматологија дентален патолог и ендодонт |
| 2261.08 | Доктор по стоматологија дентален и орален патолог и пародентолог |
| 2261.09 | Доктор по стоматологија |
| 2261.10 | Доктор по стоматологија стажист |
| 2261.11 | Доктор по стоматологија специјалист |

## 2262. Фармацевти

Фармацевтите применуваат соодветни концепции и теории по пат на подготовка, делење или продавање лекови и други фармацевтски препарати. Тие даваат совети за издадените лекови препишани од страна на лекар или други стручњаци од областа на здравството. Се занимаваат и со научно-истражувачка дејност.

Задачите вклучуваат:

- примање на рецепти за лекови препишани од лекар и проверка на медицинската историја на пациентите и испитување на административната компатибилност;
- набавка, подготовка и издавање на медикаменти и инфузиски течности;
- снабдување со помошни материјали, помошни средства при лекување, медицински производи, детска храна, диететски производи, козметички и други средства за заштита на здравјето;
- советување за пропишувањето и употребата на лековите и помошните средства при лекување;
- издавање на ветеринарни лекови и средства за нега и заштита на животни;
- водење на регистри на лекови, особено на наркотици, отрови и лекови кои создаваат зависност и давање на информации за штетното дејство на наркотиците;
- собирање на податоци за интеракциите и нуспојавите на лековите;

- чување на лековите во посебни услови;
- етикетирање, пакување и рекламирање на лекови;
- испитување и контрола на квалитетот на лековите за да се дефинира нивната чистота, сила и време на дејствување;
- спроведување на испитувања со кои ќе се подобри квалитетот на лековите, козметиката и другите хемиски средства;
- водење на евиденција за издадените лекарства;
- одржување на консултации со други стручњаци од областа на фармацијата;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2262.01 Доктор по фармација
2262.02 Клинички фармацевт
2262.03 Фармацевт за лековити билки
2262.04 Фармацевт за испитување и контрола на лековите
2262.05 Фармацевт за фармакоинформатика
2262.06 Фармацевт во големопродажба
2262.07 Доктор по фармација стажист
2262.08 Доктор по фармација специјалист
2262.09 Фармацевт
2262.10 Фармацевт во малопродажба
2262.11 Фармацевт во индустрија
2262.12 Специјалист по санитарна хемија
2262.13 Специјалист по фармацевтска технологија
2262.14 Специјалист по токсиколошка хемија
2262.15 Специјалист по аптекарска практика
2262.16 Специјалист по клиничка лабораториска генетика
2262.17 Специјалист по медицинска биохемија

## 2263. Здравствени еколози и стручњаци за хигиена

Здравствените еколози и стручњаци за хигиена планираат и спроведуваат програми за следење и контрола на еколошките фактори кои потенцијално можат да влијаат врз здравјето на луѓето и осигуруваат безбедни и здрави услови за работа.

Задачите вклучуваат:

- развој, спроведување и преглед на програми и политики за да се намалат потенцијалните опасности и професионалните ризици за здравјето и безбедноста;
- подготовка и имплементација на планови и стратегии за безбедно отстранување на отпад;
- спроведување на превентивни програми и стратегии за заразни болести;
- идентификација, документирање и известување за опасности, проценување на ризиците на работните места и советување за усогласеност со релевантните закони и прописи;
- спроведување на програми за намалување на загадувањето на работните места;
- советување за методите за спречување на работниците од изложеност на радиолошки и други опасности;
- промовирање на ергономски принципи во рамките на работното место;
- обезбедување на едукација, информирање, обука и совети за професионална хигиена и здравствена екологија;
- координирање на аранжмани за надомест на штета на работниците, рехабилитација и враќање на работа на повредени работници;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2263.01 Доктор по медицина здравствен еколог
2263.02 Советник за заштита од радијација

## 2264. Физиотерапевти

Физиотерапевтите лекуваат мускулни и коскени заболувања или делови на циркулаторниот или на нервниот систем со рачни методи и со ултразвучни, загреани, ласерски или слични техники, или применуваат физиотерапија и сродни терапии за олеснување на движењето и болките како дел од лекувањето на физички неспособните, ментално болните или неурамнотежените.

Задачите вклучуваат:

- испитување на мускулите, нервите и рефлексите на болните за да се утврди степенот на проблемот кај пациентот;
- разгледување на рендгенски снимки за да се дијагностицира болката;
- планирање на третмани и дизајнирање на програми за намалување на физичката болка и зајакнување на мускулатурата, мобилноста на зглобовите и подобрување на рамнотежата;
- спроведување постапки на физикална терапија (хидротерапија, криотерапија, парафинотерапија, масажи, електротерапија);
- спроведување на кинезитераписки постапки во професионалната рехабилитација;
- рачно масирање, акупунктура и акупресурна масажа во рехабилитацискиот процес;
- примена на балнеотерапија;
- советување на пациентите за постапките кои треба да се преземаат надвор од клиничкото лекување;
- водење на медицинска евиденција за пациентите;
- одржување на консултации со други стручњаци од областа на физиотерапијата;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2264.01 Физиотерапевт

## 2265. Диететичари и нутриционисти

Диететичарите и нутриционистите спроведуваат истражувања, планираат, унапредуваат и развиваат сознанија, програми и оперативни методи за работа поврзани со подготовката и примената на диети и начини на исхрана за општи и терапевтски цели.

Задачите вклучуваат:

- собирање на информации и развој на нутрициони методи и диети и нивно тестирање;
- планирање и насочување на подготовки на терапевтски и други диети за поединци, групи во болници или работници во одредени сектори со цел да се зголемат здравствените придобивки и да се намали потенцијалниот ризик за здравјето;
- учество во програми за нутриционо образование и нутрициони рехабилитациски активности;
- советување за нутриционите аспекти на проблемите со храната на заедницата и едукација за здравствените програми;
- развој и оцена на храната и додатоците во исхраната за да се задоволат барањата за исхрана;
- следење на научните достигнувања во сродните области и одржување соработка со соодветни стручњаци;
- организирање на разговори и држење на часови за диета и нутрициона исхрана;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2265.01 Нутриционист
2265.02 Клинички нутриционист
2265.03 Спортски нутриционист
2265.04 Техничар советник за здрава исхрана
2265.05 Техничар советник за диетална исхрана
2265.06 Нутриционист - инженер технолог

## 2266. Терапевт за аудио и говор

Терапевтите за аудио и говор спроведуваат истражувања, планирање и вршат терапевтски активности за помош на ментално неурамнотежени, болни или физички хендикепирани лица и се занимаваат со отстранување на нарушувањата во говорот и слухот на пациентите.

Задачите вклучуваат:

- оценување на перформансите на слухот, говорот и јазикот кај пациентите за да се утврди природата на комуникациските нарушувања;
- планирање и вршење на терапевтски активности поврзани со образование, стручно оспособување или рекреација заради помош на ментално неурамнотежени, болни или физички хендикепирани лица;
- работа со лица со говорни маани;
- работа со лица со хендикеп на слухот;
- спроведување на испитувања со специјални инструменти и опрема и толкување на резултатите од тестовите;
- препишување на апарати за уво кај лица со нарушен слух и давање на инструкции за нивна правилна употреба;
- задавање на вежби на лицата со проблем во говорот за да го надминат тој проблем;
- третман за лекување на очните мускули со помош на вежби;
- спроведување на претпрофесионални и професионални работни терапии и оспособување;
- спроведување на кинезитерапија во постапките во професионалната рехабилитација;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2266.01 Терапевт за говор и глувост
2266.02 Терапевт за нарушувања на видот
2266.03 Логопед

## 2267. Офталмолози и оптометристи

Офталмолозите и оптометристите препишуваат и ставаат очила, контактни леќи и визуелни системи и советуваат за нивната употреба или за употребата на други оптички помагала, како и за правилно осветлување при работа и читање.

Задачите вклучуваат:

- преглед на очи и препишување очила, контактни леќи или друго лекување за да се подобри видот, а случаите кои тоа го бараат ги испраќаат на медицинско лекување кај лекари специјалисти по офталмологија;
- испитување на видната функција на окото кај пациентите со користење на специјализирани инструменти и опрема;
- мерење на очниот притисок кај пациентите;
- дијагностицирање и управување со болестите на око и препишување на лекарства за нивен третман;
- советување за правилна употреба на очила и контактни леќи, соодветно осветлување при работа и читање и други оптички помагала;

- местење на препишана диоптрија во рамки и контактни леќи на корисниците;
- одржување на консултации со други стручњаци од областа на физиотерапијата;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2267.01 Офталмолог
2267.02 Оптометрист

## 2269. Стручњаци во здравството, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа стручњаци во здравството кои не се класифицирани на друго место во подгрупата 22. Стручњаци од областа на здравството.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2269.01 Советник за здравство
2269.02 Советник за здравствено осигурување
2269.03 Соработник за здравствена заштита
2269.04 Економист за здравствен менаџмент

**ПОДГРУПА 23.**

**Стручњаци за образование**

Стручњаците за образование предаваат теорија и пракса од една или повеќе дисциплини на различни образовни нивоа, спроведуваат истражувања, утврдуваат и развиваат концепти, теории и работни методи во областа на својата дисциплина и подготвуваат наставни материјали и учебници.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: одржување часови, семинари, курсеви или вежби во клас на одделни воспитно-образовни нивоа, во основни, општообразовни или стручни училишта, спроведување на програма за описменување на возрасни, подучување - образование за лица со тешкотии во развојот, дизајнирање и модифицирање на образовната програма, проверка и советување за наставни методи, како и наставни средства и помагала; учествување во одлуките во врска со организацијата и предавањето на сродни активности во училиштата и на универзитетите; истражување во своите предмети за да се утврдат или развијат концептите, теориите или работните методи за примена во индустријата и другите области; подготвување на школски материјали и книги и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**231. Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки**
**232. Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки**
**233. Наставен кадар за средношколско образование**
**234. Наставен кадар за основно и предучилишно воспитување и образование**
**235. Друг наставен кадар за образование**

**СПОРЕДНА ГРУПА 231.**

**Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки**

Стручњаците за универзитетско и високо образование во општествените науки спроведуваат истражувања, развиваат или подобруваат концепции, теории и работни методи, предаваат различни студиски дисциплини од општествените науки на универзитетите како институции на високото образование и подготвуваат и објавуваат стручни трудови.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: изработување и развивање на научно - образовни, уметнички и стручни програми; одржување на часови и семинари, предавања, вежби, имаат консултации и се ментори на студентите; ги оценуваат студентите за степенот на знаење; учествуваат во одлуките во врска со предавањето на универзитетот и сродни активности, спроведување и истражување во посебните дејности за да се подобрат или развиваат концептите, теориите и работните методи за примена во

практиката; подготвување на училишен материјал, книги, стручни трудови и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**2310. Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки**

## 2310. Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки

Стручњаците за универзитетско и високо образование во општествените науки спроведуваат истражувања, развиваат или подобруваат концепции, теории и работни методи, предаваат различни студиски дисциплини од општествените науки на универзитетите како институции на високото образование и подготвуваат и објавуваат стручни трудови.

Задачите вклучуваат:

- дизајнирање и модифицирање на наставни планови и подготвување на студиски планови во согласност со барањата, на различни нивоа, дипломски, последипломски и специјалистички студии, воведување и организирање на нови колеги;
- одржување на часови и советувања, семинари и лабораториски експерименти;
- стимулирање на дискусии, интерактивна настава и независно размислување меѓу студентите;
- вршење на надзор на експерименталната и практичната работа што ја изведуваат студентите;
- спроведување на испити, преглед и оценување на испитните листови и тестови;
- насочување на истражувањата на последипломците или на другите членови на одделот;
- истражување и развивање на концептите и теориите и работните методи за примена во општествено - хуманитарните области;
- подготвување на учебници, скрипти или текстови;
- согледување и вреднување на сопствената работа заради унапредување на наставата;
- учествување и одлучување за политиката на водење на универзитетот;
- одржување на консултации со други стручњаци од областа на општествените науки;
- давање на помош во воннаставни активности;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2310.01 Предавач по филозофија
2310.02 Универзитетски асистент по филозофија
2310.03 Универзитетски професор по филозофија
2310.04 Предавач по историја
2310.05 Универзитетски асистент по историја
2310.06 Универзитетски професор по историја
2310.07 Предавач по археологија
2310.08 Универзитетски асистент по археологија
2310.09 Универзитетски професор по археологија
2310.10 Предавач по етнологија
2310.11 Универзитетски асистент по етнологија
2310.12 Универзитетски професор по етнологија
2310.13 Предавач по педагогија
2310.14 Универзитетски асистент по педагогија
2310.15 Универзитетски професор по педагогија
2310.16 Предавач по психологија
2310.17 Универзитетски асистент по психологија
2310.18 Универзитетски професор по психологија
2310.19 Предавач по социологија
2310.20 Универзитетски асистент по социологија
2310.21 Универзитетски професор по социологија
2310.22 Предавач по право

2310.23 Универзитетски асистент по право
2310.24 Универзитетски професор по право
2310.25 Предавач по економија
2310.26 Универзитетски асистент по економија
2310.27 Универзитетски професор по економија
2310.28 Предавач по политикологија
2310.29 Универзитетски асистент по политикологија
2310.30 Универзитетски професор по политикологија
2310.31 Предавач по дефектологија
2310.32 Универзитетски асистент по дефектологија
2310.33 Универзитетски професор по дефектологија
2310.34 Предавач по организациски науки
2310.35 Универзитетски асистент по организациски науки
2310.36 Универзитетски професор по организациски науки
2310.37 Предавач по криминалистика
2310.38 Универзитетски асистент по криминалистика
2310.39 Универзитетски професор по криминалистика
2310.40 Предавач по општествено - хуманитарни науки
2310.41 Универзитетски асистент по општествено - хуманитарни науки
2310.42 Универзитетски професор по општествено - хуманитарни науки
2310.43 Предавач по социјална работа
2310.44 Универзитетски асистент по социјална работа
2310.45 Универзитетски професор по социјална работа
2310.46 Предавач по информациски науки
2310.47 Универзитетски асистент по информациски науки
2310.48 Универзитетски професор по информациски науки
2310.49 Предавач по кинезиологија
2310.50 Универзитетски асистент по кинезиологија
2310.51 Универзитетски професор по кинезиологија
2310.52 Предавач по теологија
2310.53 Универзитетски асистент по теологија
2310.54 Универзитетски професор по теологија
2310.55 Предавач по филологија
2310.56 Универзитетски асистент по филологија
2310.57 Универзитетски професор по филологија
2310.58 Предавач по бизнис администрација
2310.59 Универзитетски асистент по бизнис администрација
2310.60 Универзитетски професор по бизнис администрација

**СПОРЕДНА ГРУПА 232.**

## Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки

Стручњаците за универзитетско и високо образование во природните науки спроведуваат истражувања, развиваат или подобруваат концепции, теории и работни методи, предаваат различни студиски дисциплини од природните науки на универзитетите како институции на високото образование и подготвуваат и објавуваат стручни трудови.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: изработување и развивање на научно - образовни, уметнички и стручни програми; одржување на часови и семинари, предавања, вежби, имаат консултации и се ментори на студентите; ги оценуваат студентите за степенот на знаење; учествуваат во одлуките во врска со предавањето на универзитетот и сродни активности, спроведување и истражување во посебните дејности за да се подобрат или развиваат концептите, теориите и работните методи за примена во практиката; подготвување на училишен материјал, книги, стручни трудови и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2320. Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки**

## 2320. Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки

Стручњаците за универзитетско и високо образование во природните науки спроведуваат истражувања, развиваат или подобруваат концепции, теории и работни методи, предаваат различни студиски дисциплини од природните науки на универзитетите како институции на високото образование и подготвуваат и објавуваат стручни трудови.

Задачите вклучуваат:

- дизајнирање и модифицирање на наставни планови и подготвување на студиски планови во согласност со барањата, на различни нивоа, дипломски, последипломски и специјалистички студии, воведување и организирање на нови колеги;
- одржување на часови и советувања, семинари и лабораториски експерименти;
- стимулирање на дискусии, интерактивна настава и независно размислување меѓу студентите;
- вршење на надзор на експерименталната и практичната работа што ја изведуваат студентите;
- спроведување на испити, преглед и оценување на испитните листови и тестови;
- насочување на истражувањата на последипломците или на другите членови на одделот;
- истражување и развивање на концептите и теориите и работните методи за примена во општествено - хуманитарните области;
- подготвување на учебници, скрипти или текстови;
- согледување и вреднување на сопствената работа заради унапредување на наставата;
- учествување и одлучување за политиката на водење на универзитетот;
- одржување на консултации со други стручњаци од областа на општествените науки;
- давање на помош во вонаставни активности;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2320.01 | Предавач по математика |
| 2320.02 | Универзитетски асистент по математика |
| 2320.03 | Универзитетски професор по математика |
| 2320.04 | Предавач по физика |
| 2320.05 | Универзитетски асистент по физика |
| 2320.06 | Универзитетски професор по физика |
| 2320.07 | Предавач по геофизика |
| 2320.08 | Универзитетски асистент по геофизика |
| 2320.09 | Универзитетски професор по геофизика |
| 2320.10 | Предавач по астрономија |
| 2320.11 | Универзитетски асистент по астрономија |
| 2320.12 | Универзитетски професор по астрономија |
| 2320.13 | Предавач по механика |
| 2320.14 | Универзитетски асистент по механика |
| 2320.15 | Универзитетски професор по механика |
| 2320.16 | Предавач по хемија |
| 2320.17 | Универзитетски асистент по хемија |
| 2320.18 | Универзитетски професор по хемија |
| 2320.19 | Предавач по биологија |
| 2320.20 | Универзитетски асистент по биологија |
| 2320.21 | Универзитетски професор по биологија |
| 2320.22 | Предавач по географија |
| 2320.23 | Универзитетски асистент по географија |
| 2320.24 | Универзитетски професор по географија |
| 2320.25 | Предавач по геологија |
| 2320.26 | Универзитетски асистент по геологија |
| 2320.27 | Универзитетски професор по геологија |
| 2320.28 | Предавач по природни науки |

| | |
|---|---|
| 2320.29 | Универзитетски асистент по природни науки |
| 2320.30 | Универзитетски професор по природни науки |
| 2320.31 | Предавач по медицина |
| 2320.32 | Универзитетски асистент по медицина |
| 2320.33 | Универзитетски професор по медицина |
| 2320.34 | Предавач по стоматологија |
| 2320.35 | Универзитетски асистент по стоматологија |
| 2320.36 | Универзитетски професор по стоматологија |
| 2320.37 | Предавач по ветерина |
| 2320.38 | Универзитетски асистент по ветерина |
| 2320.39 | Универзитетски професор по ветерина |
| 2320.40 | Предавач по фармација |
| 2320.41 | Универзитетски асистент по фармација |
| 2320.42 | Универзитетски професор по фармација |
| 2320.43 | Предавач по медицинска биохемија |
| 2320.44 | Универзитетски асистент по медицинска биохемија |
| 2320.45 | Универзитетски професор по медицинска биохемија |
| 2320.46 | Предавач по рударство |
| 2320.47 | Универзитетски асистент по рударство |
| 2320.48 | Универзитетски професор по рударство |
| 2320.49 | Предавач по металургија |
| 2320.50 | Универзитетски асистент по металургија |
| 2320.51 | Универзитетски професор по металургија |
| 2320.52 | Предавач по машинство |
| 2320.53 | Универзитетски асистент по машинство |
| 2320.54 | Универзитетски професор по машинство |
| 2320.55 | Предавач по електротехника |
| 2320.56 | Универзитетски асистент по електротехника |
| 2320.57 | Универзитетски професор по електротехника |
| 2320.58 | Предавач по информатика |
| 2320.59 | Универзитетски асистент по информатика |
| 2320.60 | Универзитетски професор по информатика |
| 2320.61 | Предавач по хемиско инженерство и технологија |
| 2320.62 | Универзитетски асистент по хемиско инженерство и технологија |
| 2320.63 | Универзитетски професор по хемиско инженерство и технологија |
| 2320.64 | Предавач по графичка технологија |
| 2320.65 | Универзитетски асистент по графичка технологија |
| 2320.66 | Универзитетски професор по графичка технологија |
| 2320.67 | Предавач по текстилна технологија |
| 2320.68 | Универзитетски асистент по текстилна технологија |
| 2320.69 | Универзитетски професор по текстилна технологија |
| 2320.70 | Предавач по архитектура и урбанизам |
| 2320.71 | Универзитетски асистент по архитектура и урбанизам |
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2433.01 Продажен претставник на индустриски производи
2433.02 Продажен претставник на медицински и фармацевтски производи
2433.03 Технички претставник на продажба

## 2434. Стручњаци за продажба на информатичка и комуникациска технологија

Стручњаците за продажба на информатичка и комуникациска технологија вршат специјализирана продажба на компјутерска и комуникациска опрема, вклучувајќи и нејзина инсталација и упатство за правилно користење.

Задачите вклучуваат:

- прибирање на нарачки за продажба на информатичка и комуникациска технологија од мали и големи потрошувачи;
- продавање на техничка опрема, материјали и услуги поврзани со претпријатија или поединци;
- изнаоѓање на нови потрошувачи и обезбедување на специјализирани информации како да ги задоволат потребите на потрошувачите;
- преговарање за цените и условите за кредитирање и подготовка на купопродажни договори;
- водење на евиденција на потрошувачи и изготвување на извештаи за продажбата;
- организирање на испорака на производи, монтажа и обезбедување на дополнителни услуги;
- консултација со потрошувачите за степенот на задоволство од продажбата;
- информирање на потрошувачите за настанатите промени во продажбата;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2434.01 Специјализиран продавач на информатичка технологија
2434.02 Специјализиран продавач на комуникациска технологија

**ПОДГРУПА 25.**
**Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија**

Стручњаците за информатичка и комуникациска технологија истражуваат, планираат, проектираат, тестираат, унапредуваат и развиваат начела и оперативни методи за работа за да се подобрат системите на информатичката и комуникациската технологија и концептите кои се однесуваат за специфични апликации, програми, придружна документација, бази на податоци, управувачки системи и друго за да се постигнат оптимални перформанси и сигурност на податоците.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: истражување од теоретски аспекти и оперативни методи за користење на компјутерите; истражување на уредувањето на податоци и на база на податоци; програмирање на логаритми како вештачка интелегенција, компјутерски јазици, комуникации со податоци и роботи; оценување, планирање и дизајнирање на конфигурацијата на опремата за посебни примени како интернет, интранет, мултимедија и др.; креирање, пишување, тестирање, одржување и интегрирање на компјутерски програми, системи и администрирање на мрежи; изработка на научни трудови, документации, прирачници и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**251. Развивачи и аналитичари на софтвер и апликации**

**252. Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи**

**СПОРЕДНА ГРУПА 251.**

**Развивачи и аналитичари на софтвер и апликации**

Развивачите и аналитичари на софтвер и апликации спроведуваат истражувања, планираат, дизајнираат, унапредуваат и развиваат начела и оперативни методи за работа од областа на информатичката технологија за да се постигнат одредени специфични барања.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: истражување на теоретски аспекти и оперативни методи за користење на компјутерите; истражување а анализирање на компјутерската технологија во корист на бизнис функциите и идентификување на подрачја за зголемување на ефективноста и ефикасноста на технологијата; оценување, планирање и креирање на хардверски и софтверски конфигурации за специфични апликации; креирање, пишување, тестирање и одржување на компјутерски програми; развој на веб-страници, мултимедија, интернет, интранет и други информатички системи, изработка на научни трудови, документации, прирачници и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2511. Систем аналитичари**

**2512. Развивачи на софтвер**

**2513. Развивачи на веб и мултимедија**

**2514. Програмери за апликации**

**2519. Развивачи и аналитичари на софтвер и апликации, некласифицирани на друго место**

## 2511. Систем аналитичари

Систем аналитичарите на компјутерските системи спроведуваат истражувања, анализираат и оценуваат, унапредуваат или развиваат концепции и оперативни методи за работа по барање на потрошувачите, имплементираат планови за подобрување на информатичките системи и советуваат во врска со нив или за нивната практична примена.

Задачите вклучуваат:

- истражување на начелата и оперативните постапки на компјутерите и системите кои се базирани на компјутерите за информатичко комуницирање и обработка на податоци, планирање, дизајнирање, како и управување со процесите и производството;
- придонесување и следење на техничкиот развој на компјутерите, компјутерските методи и програмска поддршка на нивните можности и ограничувања;
- анализа на барањата на корисниците за утврдување на составот на опремата и програмска поддршка имајќи ги предвид функционалноста и потребите за понатамошен развој, како и применување на анализа на трошоците;
- одговорност за распоредување на функционални решенија како креирање и имплементација на планови за тестирање на информатичките системи;
- проширување и изменување на системите за подобрување на протокот на работа и остварување на повисоки цели;
- координирање и поврзување на компјутерските системи за да се зголеми нивната компатибилност;
- изработка на научни трудови и извештаи;
- вршење на сродни работи;

- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2511.01 Аналитичар на систем за инженерско-научен процес
2511.02 Аналитичар на информациски систем
2511.03 Аналитичар програмер
2511.04 Дизајнер на систем
2511.05 Инженер на систем
2511.06 Инспектор за заштита на личните податоци
2511.07 Советник за примена на информатичка технологија
2511.08 Соработник за информатичка поддршка
2511.09 Менаџер по информациски системи
2511.10 Инженер по информациски технологии
2511.11 Инженер за криптографија и безбедност на информации
2511.12 Информатички инженер
2511.13 Инженер за компјутерски науки

## 2512. Развивачи на софтвер

Развивачите на софтвер за компјутерските системи спроведуваат истражувања, планираат, анализираат, дизајнираат, тестираат, унапредуваат или развиваат концепции и оперативни методи за работа за постоечките или нови софтверски апликации и оперативни системи за да ги задоволат барањата во практичната примена.

Задачите вклучуваат:

- истражување, анализирање и оценување на барањата за софтверски апликации и оперативни системи;
- истражување, дизајнирање, тестирање и развој на компјутерски софтверски системи;
- консултации со други стручњаци за да се постигне усогласеност и компатибилност помеѓу хардверот и софтверското решение;
- менување на постоечките софтверски решенија за да се исправат грешките, да се приспособат на хардверот или да се подобрат перформансите;
- процена, развој, унапредување и документирање на процедури за оперативни системи;
- консултација со потрошувачите во врска со одржувањето на софтверските програми и оперативните системи;
- изработка на научни трудови и извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2512.01 Аналитичар на софтвер
2512.02 Дизајнер на софтвер
2512.03 Инженер на софтвер
2512.04 Развивач на софтвер
2512.05 Инженер за роботика и интелигентни системи

## 2513. Развивачи на веб и мултимедија

Развивачите на веб и мултимедија спроведуваат истражувања, планираат, анализираат, дизајнираат, тестираат, унапредуваат или развиваат концепции и оперативни методи за изработка и развој на веб-страници, анимации, слики, аудио и видео записи и интерактивни медиуми и вршат советување во врска со нив или се вклучени во нивната практична примена.

Задачите вклучуваат:

- анализа, дизајнирање и развој на интернет страници со примена на комбинација на техничко знаење и креативност;

- дизајнирање и развој на дигитални анимации, слики, презентации, игри, аудио и видео клипови, интерактивни графики, мултимедијален софтвер и друго;
- дизајнирање, развој и интегрирање на компјутерски кодови на слики, аудио и видео за да се даде поддршка на интернет-страниците;
- комуницирање со специјалисти за веб-прашања поврзани со безбедноста и контролата на интернет-серверот и планирање и спроведување на континуитет на корисничкиот пристап;
- анализа, специфицирање и развој на интернет-стратегии, методологии и планови за развој;
- изработка на научни трудови и извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2513.01 Инженер на компјутерска графика
2513.02 Програмер на анимација
2513.03 Програмер на компјутерски игри
2513.04 Програмер на мултимедија
2513.05 Дизајнер на интернет-страници

## 2514. Програмери за апликација

Програмерите за апликација пишуваат, тестираат и поддржуваат компјутерски програми и технички упатства за задоволување на потребите на корисниците на компјутерски софтверски апликации и оперативни системи.

Задачите вклучуваат:

- изработка на програмски спецификации, извештаи и прирачници со упатства за методите на работа и одржување на опремата и програмска поддршка;
- ревизија и проширување на постоечките програми за зголемување на нивната оперативна ефикасност и прилагодување на новите барања;
- тестирање на работата на програмите и апликациите за да се утврди дали системот ги дава посакуваните информации;
- одржување на програмите и нивните документации при измена на влезните и излезните спецификации, односно составот на опремата;
- подготовка и пишување на документација во врска со програмата;
- идентификување на технички проблеми, процеси и решавање на проблемите;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2514.01 Програмер за анализа на програми
2514.02 Програмер
2514.03 Програмер на комуникации
2514.04 Проектант за апликации на програми

## 2519. Развивачи и аналитичари на софтвер и апликација, некласифицирани на друго место

Во оваа единечна група спаѓаат занимањата информатичари - професионалци кои не се класифицирани на друго место во споредната група 251. Развивачи и аналитичари на софтвер и апликација.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2519.01 Информатичар
2519.02 Тестирач на софтвер
2519.03 Тестирач на оперативен систем

**СПОРЕДНА ГРУПА 252.**
**Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи**

Стручњаците за бази на податоци и компјутерски мрежи спроведуваат истражувања, планираат, унапредуваат или развиваат концепции и оперативни методи за изработка и одржување на инфраструктура за информатичка технологија, вклучувајќи бази на податоци, компјутерски мрежи и нивна администрација и советуваат во врска со нив или се вклучени во нивната практична примена.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: дизајнирање и развивање на структура и речници на податоци; конструирање, модифицирање, интегрирање, имплементирање и тестирање на системите за управување со базите на податоци; развој и спроведување на безбедносни планови, податоци, администрација и стандарди; одржување и администрирање на компјутерски мрежи и поврзани компјутерски единици; анализирање, толкување и оценка на комплексни системи и модели на податоци, дијаграми во развојот, конфигурацијата и интеграцијата на компјутерските системи. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2521. Дизајнери на бази на податоци и администратори**
**2522. Систем администратори**
**2523. Стручњаци за компјутерски мрежи**
**2529. Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи, некласифицирани на друго место**

## 2521. Дизајнери на бази на податоци и администратори

Дизајнерите на бази на податоци и администраторите спроведуваат истражувања, планираат, дизајнираат, унапредуваат или развиваат концепции и оперативни методи за изработка и одржување на бази на податоци и советуваат во врска со нив или се вклучени во нивната практична примена.

Задачите вклучуваат:

- дизајнирање и развој на бази на податоци, структури на податоци, табели, речници и системски проекти;
- дизајнирање, конструирање, модифицирање, интеграција, имплементација, тестирање и управување со базните системи;
- спроведување на истражувања и давање на совети при избор, примена и спроведување на алатките за управување со базите на податоци;
- развивање и спроведување на административна политика на податоци, документи, стандарди и модели;
- развивање на политики и процедури за пристап до базите и употреба на системи за обновување на податоците;
- анализа на барањата на корисниците за утврдување на составот на опремата и програмска поддршка имајќи ги предвид потребите за понатамошен развој, како и применување на анализа на трошоците;
- реализирање на контроли и унапредување на безбедноста на податоците;
- изработка на научни трудови и извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2521.01 | Аналитичар на бази на податоци |
| 2521.02 | Администратор на бази на податоци |
| 2521.03 | Проектант на бази на податоци |

## 2522. Систем администратори

Систем администраторите спроведуваат истражувања, унапредуваат, развиваат концепции и оперативни методи за работа и поддршка на оптимални перформанси и безбедност на системите за информатичка технологија.

Задачите вклучуваат:

- одржување и администрирање на компјутерски мрежи и компјутерски конфигурации вклучувајќи компјутерски хардвер, системски софтвер и апликациски софтвер;
- донесување и следење на техничкиот развој на компјутерите, компјутерските методи и програмска поддршка и нивните можности и ограничувања;
- утврдување на барањата за компјутерски и мрежни конфигурации и вршење на промени од различен тип;
- дијагностицирање на хардверски и софтверски проблеми;
- решавање на проблеми кои се јавуваат во компјутерските системи;
- координирање на пристап и употреба на компјутерски мрежи и следење на перформансите на компјутерските системи;
- обликување, пишување, одржување и осовременување на системска програмска поддршка;
- изработка на научни трудови и извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2522.01 Инженер на систем за опрема
2522.02 Систем администратор

## 2523. Стручњаци за компјутерски мрежи

Стручњаците за компјутерски мрежи спроведуваат истражувања, планираат, анализираат, унапредуваат или развиваат концепции и оперативни методи за имплементација, управување, одржување и конфигурирање на мрежен хардвер и софтвер и следење на нивната ефективност.

Задачите вклучуваат:

- анализирање, развој, толкување и оценка на дизајниран систем на податоци, модели и конфигурации во интегрирањето на компјутерските системи;
- истражување, анализа, оценување и следење на мрежната инфраструктура за да се обезбедат оптимални перформанси на конфигурациите;
- утврдување и препорака за подобрување на мрежните операции;
- употребување на знаење за решавање на итни случаи во мрежната поврзаност;
- инсталирање, конфигурирање, тестирање и одржување на нови напредни мрежи, апликации, сервери и работни станици;
- мониторинг на сообраќај, активности и обезбедување на капацитет за континуирана и оптимална употреба на компјутерската мрежа;
- изработка на научни трудови и извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2523.01 Аналитичар за комуникации
2523.02 Аналитичар за мрежи

## 2529. Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи, некласифицирани на друго место

Во оваа единечна група спаѓаат занимањата информатичари - професионалци кои не се класифицирани во споредната група 252. Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2529.01 Дигитален форензичар специјалист
2529.02 Специјалист за безбедност на информатичка и комуникациска технологија
2529.03 Дијагностичар на хардвер и софтвер и поправка

2529.04 Заштита и поправка на оштетени податоци

**ПОДГРУПА 26.**
**Правни, општествени и стручњаци од областа на културата**

Правните, општествените и стручњаците од областа на културата истражуваат правни, општествени и проблеми од областа на културата, ги подобруваат или развиваат концептите, теориите и оперативните методи, го применуваат знаењето во областа на правото, складираат и пронаоѓаат информации и артефакти, го применуваат знаењето во областа на психологијата, социјалната работа, политиката, економијата, историјата, религијата, јазиците, социологијата и други општествени науки, како и во областа на уметноста и забавата.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: спроведување на истражувања за правни проблеми; изготвување на закони и прописи; давање правни совети на клиенти; преземање на правни работи во име на клиентите и водење парници; претседавање со судски постапки и изрекување пресуди; развој и одржување на архиви во библиотеки и галерии; спроведување на истражувања, подобрување или развој на концепти, теории и оперативни методи или примена на знаења во областа на општествените науки; креирање и изведба на литературни и уметнички дела, толкување и пренесување на вести, идеи, импресии и факти. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**261. Правни стручњаци**
**262. Архивари, библиотекари и музејски стручњаци**
**263. Стручњаци за општествени науки и религија**
**264. Писатели, новинари и лингвисти**
**265. Уметници кои создаваат или изведуваат**

**СПОРЕДНА ГРУПА 261.**
**Правни стручњаци**

Правните стручњаци истражуваат правни проблеми, советуваат клиенти за правните аспекти на предметите, ги застапуваат пред суд, водат судски постапки, претседаваат со судски постапки и изрекуваат пресуди на суд.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: давање правни совети на клиенти, преземање на правни работи во име на клиентите и водење парници; прибирање на докази за составување на одбраната или за иницирање на правни дејства преку интервјуирање на клиентите и сведоците; застапување и одбрана на клиентите пред судови, трибунали и административни одбори или давање инструкции за жалби во повисоките судови; изработка на правни документи; претседавање со судски постапки, изрекување на пресуди и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2611. Правни застапници**
**2612. Судии**
**2619. Правни стручњаци кои не се класифицирани на друго место**

## 2611. Правни застапници

Правните застапници им дават правен совет на клиентите, составуваат правни документи (тужби, жалби), ги застапуваат клиентите пред административни одбори или трибунали, бранат случаи и застапуваат обвиненија во судот и им даваат инструкции на правниците да се бранат (жалат) во повисоките судови.

Задачите вклучуваат:

- давање правни совети на клиентите и преземање на правни работи во име на клиентите;
- проучување на закони, прописи и судска пракса;

- прибирање на докази за составување на одбраната или за иницирање на правни дејства преку интервјуирање на клиентите и сведоците;
- оценка на наодите и фактите и развој на стратегии и аргументи при подготовката на презентациите на случаите;
- застапување и одбрана на клиентите пред судови, трибунали и административни одбори или давање инструкции за жалби во повисоките судови;
- прифаќање на инструкциите и поднесување на жалба во повисоките судови;
- дејствување како обвинител во име на владата;
- преговарање за решенијата во правните спорови;
- изготвување на законодавството и подготовка на владини регулативи врз основа на постоечките закони;
- изработка на правни документи (тужби, жалби, договори, тестаменти , мислења, имотно - правни работи);
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2611.01 Правник
2611.02 Правен советник
2611.03 Адвокат
2611.04 Адвокатски приправник
2611.05 Адвокатски стручен соработник
2611.06 Правен застапник
2611.07 Нотар
2611.08 Извршител
2611.09 Помошник-нотар

## 2612. Судии

Во рамките на со закон определени надлежности и делокруг на работа, судиите водат судски постапки според Уставот и законот, го штитат правниот поредок на државата и обезбедуваат единствена примена на законите, рамноправност и еднаквост на сите пред законот, а судат како судија (поединец) во судското собрание или општата седница на судот.

Судиите одлучуваат во споровите за основните права и обврски на човекот и граѓанинот, за правата и обврските на државата, единиците на локалната самоуправа и управа, изрекуваат казни и други мерки на извршителите на кривични дела, одлучуваат за законитоста на одделни акти на управните власти и лица кои имаат јавни овластувања, решаваат спорови за личните односи на граѓаните, работни, трговски, имотни и други граѓанско - правни спорови и одлучуваат за други правни работи кога е одредено со закон.

Задачите вклучуваат:

- претседавање со судски расправи и рочишта;
- толкување и примена на правилата на постапката и донесување на одлуки во зависност од доказите;
- утврдување на правилата и обврските на вклучените страни и во случаите кои се судени од страна на поротата;
- давање инструкции на поротата за точки од случајот;
- проценување и разгледување на доказите во судења без порота и донесување судски одлуки;
- изрекување на казни на лица кои се обвинети за кривични постапки, одредување на штетата или други соодветни правни лекови во граѓански предмети и издавање на судски налози;
- истражување на правни прашања и пишување на мислења за тие прашања;
- вршење на сродни работи во рамките на законот;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2612.01 Судија на уставен суд
2612.02 Судија на врховен суд

2612.03 Судија на апелационен суд
2612.04 Судија на основен суд
2612.05 Судија
2612.06 Судски приправник
2612.07 Судски советник
2612.08 Судски стручен соработник
2612.09 Самостоен судски советник
2612.10 Судија-поротник
2612.11 Судија во Виш управен суд
2612.12 Судија во Управен суд

## 2619. Правни стручњаци кои не се класифицирани на друго место

Во оваа единечна група спаѓаат занимањата правни стручњаци кои не се класифицирани во споредната група 261. Правни стручњаци.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2619.01 Раководител на општи и правни работи
2619.02 Раководител на протокол
2619.03 Истражувач на правни науки
2619.04 Самостоен истражувач на правни науки
2619.05 Дипломиран управен правник
2619.06 Советник за правни и нормативни работи
2619.07 Соработник за правни работи

**СПОРЕДНА ГРУПА 262.**
**Архивари, библиотекари и музејски стручњаци**

Архиварите, библиотекарите и музејските стручњаци развиваат и одржуваат фондови и збирки на архиви, библиотеки, музеи, уметнички галерии и слични институции.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: развој, проценување и организирање на архивски материјали и артефакти од историско, културно и уметничко значење и обезбедување на нивно чување и заштита; организирање на збирки и изложби во архивите, музеите, уметничките галерии и слични институции; унапредување и одржување на систематски збирки на снимени и печатени материјали и нивно подготвување да бидат достапни на корисниците во библиотеките и другите институции; изработка на студии и извештаи; спроведување на истражувања и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**2621. Архивари, музејски стручњаци и конзерватори**
**2622. Библиотекари и сродни стручни лица**

## 2621. Архивари, музејски стручњаци и конзерватори

Архиварите, музејските стручњаци и конзерваторите собираат, проценуваат и обезбедуваат чување и заштита на архивски содржини, артефактни записи од историско, културно и уметничко значење, како и уметнички и други предмети. Тие планираат, осмислуваат и спроведуваат системи на чување на записи и историски вредни документи.

Задачите вклучуваат:
- процена и чување на записите/документите за административни, историски, правни и други цели;
- насочување и подготовка на индекси, библиографии, микрофилмови и други помошни средства за собирање на материјалот и нивно претставување во јавноста на начин да бидат достапни на корисниците;
- истражување на потеклото, раширеноста и употребата на материјали и предмети од културно и историско значење;
- организирање, развивање и одржување на збирки од уметничко, културно, научно и историско значење во музеите, уметничките галерии и архивите;

- водење и организирање, класифицирање и каталогизирање на музејски и галериски збирки и подготвување на изложби;
- истражување, процена, развој, организирање и чување на историско значајни и вредни документи од типот на државни и приватни архивски граѓи, фотографии, мапи, звучни снимки и филмови;
- изработка на студии и извештаи;
- планирање и спроведување на компјутерско управување со архиви и електронски записи;
- организирање на изложби во музеи, уметнички галерии, промовирање на експонати и уредување на посебни паноа за општ, специјализиран или образовен интерес;
- процена и наоѓање на архивски материјали за изработка и развој на архивски збирки за истражувачки цели;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2621.01 Архивар
2621.02 Архивар за обработка и средување на граѓата
2621.03 Архивист
2621.04 Конзерватор во уметнички галерии
2621.05 Конзерватор за заштита на природни објекти
2621.06 Конзерватор за музикологија
2621.07 Кустос
2621.08 Кустос документарист
2621.09 Музејски конзерватор
2621.10 Музејски лаборант
2621.11 Конзерватор за заштита на културното наследство
2621.12 Советник за култура
2621.13 Музејски едукатор

## 2622. Библиотекари и сродни стручни лица

Библиотекарите и сродните стручни лица набавуваат, селектираат, организираат и одржуваат библиотекарски и други информативни збирки, ги организираат и контролираат другите библиотекарски услуги и обезбедуваат информации за корисниците.

Задачите вклучуваат:
- организирање, развивање и чување на збирки на книги, периодики и друг печатен или аудиовизуелен снимен материјал;
- селектирање и препорака на книги и друг печатен или аудиовизуелен снимен материјал;
- организирање, класифицирање и каталогизирање на библиотекарски материјал;
- организирање и управување со библиотекарското задолжување и информациските системи;
- сочувување на материјалот и информирање на деловните и други корисници врз основа на самата колекција или врз основа на библиотекарскиот или системот на информативната мрежа;
- истражување, анализирање или модифицирање на библиотекарските и информативните служби во согласност со промените на потребите на корисниците;
- развој и спроведување на програми и концепти за складирање, организација, класификација и пронаоѓање на информации;
- изработка на студии и извештаи;
- вршење на рачни, on-line и интерактивни медиски истражувања, вршење на меѓубиблиотекарски позајмувања и други функции за да им помогнат на корисниците во пристапот до библиотекарскиот материјал;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2622.01 Библиотекар
2622.02 Библиотекарски конзерватор

2622.03 Библиотекар - информатор
2622.04 Библиотекар - каталогизатор
2622.05 Библиотекар - класификатор
2622.06 Библиотечен реставратор
2622.07 Виш библиотекар
2622.08 Виш книжничар
2622.09 Библиограф
2622.10 Документарист
2622.11 Документарист - преведувач
2622.12 Библиотекарски советник

**СПОРЕДНА ГРУПА 263.**

**Стручњаци за општествени науки и религија**

Стручњаците за општествени науки и религија спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат концепти, теории и методи или применуваат научно знаење од филозофијата, политиката, економијата, социологијата, антропологијата, историјата, филологијата, психологијата и други општествени науки и овозможуваат социјални услуги за да се задоволат потребите на поединецот и семејството во општеството.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: креирање и примена на решенија за тековните или очекуваните економски, политички и социјални проблеми; истражување и анализа на минатите настани и активности и следење на потеклото и развојот на човечкиот род; проучување на потеклото и развојот на јазикот и нивно преведување и толкување; проучување на психичкиот развој и однесувањето на индивидуи и групи; давање социјални услуги; изработка на студии и извештаи и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2631. Економисти**
**2632. Социолози, антрополози и сродни стручњаци**
**2633. Филозофи, историчари, политиколози и сродни стручњаци**
**2634. Психолози**
**2635. Стручњаци за социјални работи и советување**
**2636. Свештени лица**

## 2631. Економисти

Економистите водат истражувања, вршат контрола на податоците, анализа на информациите и подготовка на извештаи и планови за решавање на постоечките економски и бизнис проблеми, развиваат модели за анализа, објаснување и предвидување на економските движења и модели. Тие им даваат совети на бизнис - економските и на други интересни групи, како и на владата, за формулирање на решенија за постоечките и прогнозираните економски и бизнис проблеми.

Задачите вклучуваат:

- предвидување на промени во економското опкружување за краткорочно финансирање, долгорочно планирање и оценка на инвестициите;
- формирање на препораки, политики и планови во економијата, корпоративни стратегии и инвестиции и преземање на физибилити судии за проекти;
- следење на економските податоци за оцена на ефективноста и совети за соодветноста на монетарната и фискалната политика;
- прогнози за производството и потрошувачката на одредени производи и услуги врз основа на минати сознанија за производството и потрошувачката, како и врз општите економски и специфични индустриски услови;
- подготовка на прогнози за приходи и расходи, каматни стапки и девизен курс;
- анализа на факторите кои го одредуваат учеството во работната сила, вработеноста, платите, невработеноста и другите исходи на пазарот на трудот;
- тестирање на економските теории, како и изнаоѓање на економски решенија со помош на математички формули и бројни статистички и други техники;

- прибирање, анализа и толкување на економските податоци со помош на економската теорија и бројни статистички и други техники;
- оценка на резултатите од политичките одлуки кои се однесуваат на општата економија и јавните финансии и советување за економската политика и можните насоки за дејствување во однос на минатото, сегашноста и идните економски фактори и трендови;
- изработка на студии и извештаи;
- истражување на проблеми поврзани со економските активности на индивидуалните компании;
- спроведување на истражувања за условите на пазарот на локално, регионално и национално ниво за да се одреди нивото на продажбата и цените на производите и услугите, да се оцени потенцијалот на пазарот, идните трендови и да се развијат деловни/бизнис стратегии;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2631.01 | Аграрен економист |
| 2631.02 | Економетричар |
| 2631.03 | Економист |
| 2631.04 | Економист аналитичар |
| 2631.05 | Економист за финансии |
| 2631.06 | Економист за маркетинг |
| 2631.07 | Економист за угостителство |
| 2631.08 | Економист за менаџмент |
| 2631.09 | Економист за работа со хартии од вредност |
| 2631.10 | Економист за царински работи |
| 2631.11 | Економист за анализа и планирање |
| 2631.12 | Економист за платен промет |
| 2631.13 | Економист за кредитно - гарантни работи |
| 2631.14 | Економист за девизно работење |
| 2631.15 | Економист за банкарство |
| 2631.16 | Економист за осигурување |
| 2631.17 | Економист за меѓународна размена |
| 2631.18 | Економист за инвестиции |
| 2631.19 | Економист за даночен систем |
| 2631.20 | Економист советник |
| 2631.21 | Економист за политика на цени |
| 2631.22 | Економист за развој |
| 2631.23 | Економист - комерцијалист |
| 2631.24 | Економист за деловна информатика |
| 2631.25 | Економист - консултант |
| 2631.26 | Економист за туризам |

## 2632. Социолози, антрополози и сродни стручњаци

Социолозите, антрополозите и сродните стручњаци спроведуваат истражувања и ја опишуваат социјалната структура на општеството, потеклото и еволуцијата на човештвото и заемната зависност на околината и човечките активности. Тие даваат совети за формирањето на економските и општествените политики, преку практична примена на нивното знаење и наоди.

Задачите вклучуваат:

- истражување на потеклото, развојот, структурата, општествените модели, организациите и меѓучовечките односи на човековото општество;
- следење на потеклото и еволуцијата на човештвото преку проучување на карактеристиките на промените и културните и општествените институции;
- следење на развојот на човештвото преку проучување на материјалните докази од минатото, како што се храмови, оружје, орудија, грнчарија, скулптури и гробови;

- проучување на физичките и климатските аспекти на областите и регионите и поврзување на овие откритија со економските, социјалните и културните активности;
- развој на теории, модели и методи за да се протолкуваат и опишат социјалните појави;
- оценка на резултатите на политичките одлуки кои се однесуваат на социјалната политика;
- анализа и оценка на социјалните податоци;
- советување за практичната примена на овие откритија во формулирањето на економската и социјалната политика за популационите групи и региони, и за развој на пазарот;
- изработка на студии и извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2632.01 | Антрополог |
| 2632.02 | Антрополог - филозоф |
| 2632.03 | Археолог |
| 2632.04 | Археолог - конзерватор |
| 2632.05 | Етнолог |
| 2632.06 | Криминолог |
| 2632.07 | Методолог |
| 2632.08 | Пенолог |
| 2632.09 | Социјален патолог |
| 2632.10 | Социолог |
| 2632.11 | Географ |
| 2632.12 | Криминалист |
| 2632.13 | Форензичар |
| 2632.14 | Геоморфолог |
| 2632.15 | Биогеограф |
| 2632.16 | Демогеограф |
| 2632.17 | Семејнолог |

## 2633. Филозофи, историчари, политиколози и сродни стручњаци

Филозофите, историчарите, политиколозите и сродните стручњаци спроведуваат истражувања за природата на човековото искуство и постоење, фази или аспекти на човековата историја, политичките структури, движења и ставови. Тие ги истражуваат и опишуваат минатите настани и активности, вклучувајќи го развојот на економските и социјалните структури или на културните и политичките институции и нивното движење и стекнатото знаење го ставаат на располагање како основа за политички, дипломатски и слични активности.

Задачите вклучуваат:

- истражување, претежно со размислување, за општите причини, принципи и значења на светот, човековите дејства, искуството и постоењето, и интерпретирање и развој на филозофски концепти и теории;
- консултирање и споредување на примарните извори, како што се оригиналите или сегашните записи за настани од минатото, со секундарните извори како што се археолошки и антрополошки откритија;
- вадење (наоѓање) на релевантен материјал, проверка на автентичноста и истражување и опишување на историјата за одреден период, земја или регион, или за одреден аспект, на пример, економски, општествен и политички во историјата;
- истражување на полињата како што се политичката филозофија или изминатата и сегашната теорија и пракса на политичките системи, институции или однесувања;
- набљудување на современите политички институции и мислења, собирање податоци за нив од разни извори, вклучувајќи разговори со официјални претставници на владата и политичките партии и со други релевантни личности;
- развој на теории, модели и методи за да се објасни и опише природата на човековото искуство, како и историските и политичките настани и движења;

- презентирање на откритија и заклучоци за публикации или за потребите на владата, политичките партии и на други организации и заинтересирани лица;
- изработка на студии и извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2633.01 | Историчар |
| 2633.02 | Историчар генеолог |
| 2633.03 | Историчар на уметност |
| 2633.04 | Историчар стручен соработник |
| 2633.05 | Филозоф |
| 2633.06 | Филозоф - етичар |
| 2633.07 | Филозоф - истражувач |
| 2633.08 | Филозоф - логичар |
| 2633.09 | Филозоф - стручен соработник |
| 2633.10 | Политиколог |
| 2633.11 | Политиколог истражувач |
| 2633.12 | Дефендолог |
| 2633.13 | Специјалист од областа на безбедноста, одбраната и мирот |
| 2633.14 | Историчар - архивист |

## 2634. Психолози

Психолозите ги истражуваат и проучуваат психолошките процеси и човечкото однесување како поединец или во групи и го применуваат ова знаење со цел да го промовираат личното, социјалното, образовното и стручното прилагодување и развој.

Задачите вклучуваат:

- планирање и вршење на тестови за мерење на психичките, физичките и други карактеристики како интелигенција, способности, вештини, потенцијали и друго и оцена на резултатите и давање на совет;
- анализа на ефектот на наследни, општествени, професионални и други фактори кои влијаат на човековото однесување и размислување;
- спроведување на советувања или терапевтски интервјуа со поединци или групи и нивно следење;
- одржување на потребните контакти, како оние со членовите на семејството, раководители во образованието или работодавачи и предложување на можни решенија за третман и решавање на проблемот;
- проучување на психолошките фактори во дијагнозите, третманот и превенцијата од ментални заболувања и од емоционални или нарушувања на личноста и соработка со сродни професионалци;
- изработка на студии и извештаи;
- изработка на тестови за дијагноза и предвидување кои се користат од страна на наставниците во образованието во планирањето на методите и содржината на наставата;
- водење на истражувања и истражувачки студии за моделот на работа, работните групи, моралот, мотивацијата, надзор и менаџмент;
- развој на теории, модели и методи за да се објасни и опише човековото однесување;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2634.01 | Индустриски психолог |
| 2634.02 | Клинички психолог |
| 2634.03 | Школски психолог |
| 2634.04 | Спортски психолог |
| 2634.05 | Психолог - истражувач |

2634.06 Психолог
2634.07 Самостоен психолог - истражувач
2634.08 Психолог советник во советувалиште
2634.09 Воен психолог
2634.10 Психотерапевт
2634.11 Психолог - психотерапевт

## 2635. Стручњаци за социјални работи и советување

Стручњаците за социјални работи и советување даваат совети и ги водат поединците, фамилиите, групите, заедниците и организациите низ социјалните и личните потешкотии. Тие им помагаат на клиентите да ги развијат своите вештини и способности, да пристапат до ресурсите и ги поддржуваат услугите кои се потребни за да се одговори на одредени прашања кои произлегуваат од невработеноста, сиромаштијата, хендикепот, зависноста, криминалното или деликвентното однесување и брачни или други проблеми.

Задачите вклучуваат:

- интервјуирање на клиентите поединечно, во семејства или во групи, за да се оцени нивната ситуација и проблеми, и да се одреди типот на услугите кои им се потребни;
- анализа на состојбата на клиентот и презентирање на можните пристапи за решавање на проблемите;
- собирање податоци за случајот или извештаи за на суд или за други правни процедури;
- овозможување на советување, терапии и посредни услуги, како и групни сесии, со цел да им се помогне на клиентите да ги развијат своите вештини и способности за увид, потребни за да се справат со своите социјални и лични проблеми;
- планирање и воведување на програми за помош на клиентите, вклучувајќи интервенции во криза и упатување до агенции кои даваат финансиска, правна, домашна, медицинска помош и други услуги;
- истражување на случаите за злоупотреба и запоставување и преземање мерки за заштита на децата и на другите загрозени лица;
- работа со осуденици во текот или после казната, да им се помогне да се интегрираат во заедницата и да им се смени ставот и однесувањето, со цел да се спречат понатамошните прекршоци;
- давање на совети на управители на затвори и на одборите за условно помилување кои помагаат да се одреди дали и под кои услови сторителот треба да биде затворен, ослободен од затвор или предложен за алтернативни воспитни мерки;
- дејствување како адвокат на групи на клиенти во заедницата и лобирање за решавање на проблемите кои ги засегаат;
- развој на превентивни и интервенциски програми за да се постигнат целите на заедницата;
- одржување на контакт со други агенции за социјални услуги, образовни и здравствени институции за да се добијат информации, како и повратни информации за целосната ситуација и напредокот на клиентите;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2635.01 Социјален работник во центар
2635.02 Социјален работник во дом
2635.03 Социјален работник во образованието
2635.04 Социјален работник во здравството
2635.05 Социјален работник во правосудството
2635.06 Социјален работник
2635.07 Социјален работник за стари лица
2635.08 Социјален работник за хендикепирани лица
2635.09 Социјален работник за деца
2635.10 Социјален работник за решавање на жалби
2635.11 Социјален работник на трговски претпријатија и други правни лица
2635.12 Советник за социјална заштита

## 2636. Свештени лица

Свештените лица одржуваат религиозни традиции, обичаи и обреди во согласност со одредени верувања. Тие водат религиозни служби, ги слават или ги спроведуваат ритуалите на одредена религија, даваат духовна или морална насока и вршат други функции поврзани со спроведувањето на религијата.

Задачите вклучуваат:

- зачувување на светите традиции, обичаи и верувања;
- водење на богослужби, литургии и церемонии;
- вршење на разни административни и социјални работи како што се присуство на комитети и средби на верските организации;
- морално и духовно водење во согласност со проповедањето религија;
- проповедање и ширење на верските доктрини;
- подготвување и изведување на верски ритуали и проповеди;
- развивање и насочување на курсеви и религиозни едукациски програми;
- советување на поединци за меѓучовечките, здравствените, финансиските и религиозните проблеми;
- учество на посебни настани како кампови, конференции, семинари и слично;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2636.01 Митрополит
2636.02 Епископ
2636.03 Свештеник
2636.04 Реисулема
2636.05 Муфтија
2636.06 Имам
2636.07 Кардинал
2636.08 Надбискуп
2636.09 Бискуп
2636.10 Рабин
2636.11 Теолог
2636.12 Претстојник на манастир
2636.13 Претстојничка на манастир

**СПОРЕДНА ГРУПА 264.**

### Писатели, новинари и лингвисти

Писателите, новинарите и лингвистите пишуваат литературни дела, толкуваат и пренесуваат вести, новости и комуницираат со јавноста преку весниците, телевизијата, радиото и други медиуми и вршат превод од еден јазик во друг.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: пишување на литературни дела; оценување на литературни и други уметнички дела; собирање на информации за тековните настани и пишување за нив; истражуваат, анкетираат, толкуваат и пренесуваат вести и јавни односи преку весниците, телевизијата, радиото и други медиуми; превод на пишани материјали од еден јазик на друг; симултан превод од еден јазик на друг јазик и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2641. Писатели и сродни занимања**
**2642. Новинари**
**2643. Преведувачи, толкувачи и други лингвисти**

## 2641. Писатели и сродни занимања

Писателите и сродните занимања планираат, истражуваат и пишуваат книги, сценарија, стории, драмски претстави, есеи, говори, прирачници, спецификации и други неновинарски статии за објавување или презентации.

Задачите вклучуваат:

- осмислување и пишување на литературни дела (новели, претстави, сценарија, поезија и друго) за објавување или презентација;
- спроведување на истражување за да се одреди фактичката содржина и да се добијат другите потребни информации;
- пишување на сценарија и текстови и подготовка на театарски, филмски, радио и телевизиски програми;
- анализа на материјалот, како што се спецификации, белешки и нацрти и пишување на прирачници, упатства за употреба и други документи со кои јасно и концизно ќе се објасни инсталацијата, работата и одржувањето на софтвер, електронска, машинска и друга опрема;
- пишување брошури, прирачници, технички публикации;
- проверка на материјалот за публикување, проверка на стилот, граматиката и содржината, преземање на сите потребни ревизии и проверки пред печатење;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници;

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2641.01 | Уредник |
| 2641.02 | Писател |
| 2641.03 | Драматург |
| 2641.04 | Сценарист |
| 2641.05 | Технички писател |
| 2641.06 | Рецензент |
| 2641.07 | Модератор |
| 2641.08 | Драмски писател |
| 2641.09 | Филмолог |
| 2641.10 | Поет |
| 2641.11 | Биограф |

## 2642. Новинари

Новинарите истражуваат, анкетираат, толкуваат, пишуваат и пренесуваат вести и јавни односи преку весниците, телевизијата, радиото и други медиуми.

Задачите вклучуваат:

- собирање локални, национални и интернационални вести преку интервјуа, анкети и набљудувања, присуство на јавни настани, барање на документи и записи, преглед на запишаната работа, присуство на сценски и филмски изведби;
- собирање, известување и коментирање на новостите и актуелните настани за објавување во весници и периодични изданија или пренос преку телевизија, радио или веб-медиуми;
- примање, анализа и верифицирање на точноста на вестите и другите новости;
- интервјуирање на политички и други јавни личности на конференции за печат и на други пригоди, вклучувајќи индивидуални интервјуа за радио или телевизија или веб-медиуми;
- истражување и известување за развојот во специјализирани области како што е медицината, науката и технологијата;
- пишување колумни и коментари за актуелни теми со цел да се стимулира јавниот интерес и да се изразат ставовите на одредена публикација или радиодифузна станица;
- процена и пишување на критика за литературни, музички и други уметнички дела базирани на знаење, процена и искуство, во весниците, телевизијата, радиото и други медиуми;
- проверка на материјалот за публикување, проверка на стилот, граматиката и содржината, преземање на сите потребни ревизии и проверки пред печатење;

- поврзување со персоналот за печатење за финална проверка на материјалот непосредно пред печатење;
- селекција, собирање и подготвување на рекламен материјал за деловни или други организации за објавување преку печат, радио, телевизија и други медиуми;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2642.01 Новинар
2642.02 Коментатор
2642.03 Критичар
2642.04 Репортер
2642.05 Редактор
2642.06 Составувач на рекламни огласи
2642.07 Музички уредник
2642.08 Ликовен уредник
2642.09 Филмски критичар и публицист
2642.10 Одговорен уредник
2642.11 Помошник и главен уредник
2642.12 Уредник за забавно - сценска програма
2642.13 Уредник за концертна програма
2642.14 Уредник за видео програма

## 2643. Преведувачи, толкувачи и други лингвисти

Преведувачите, толкувачите и другите лингвисти го проучуваат потеклото, развојот и структурата на јазикот, и преведуваат или толкуваат од еден јазик на друг.

Задачите вклучуваат:

- проучување на врските меѓу прајазиците и модерните јазични групи, следејќи го коренот и еволуцијата на зборовите, граматиката и јазичните форми, и презентирање на откритијата;
- советување и подготвување на јазични класификациски системи, граматики, речници и слични материјали;
- преведување од еден јазик на друг со верност на оригиналот, пренесувајќи ги со точност термините од правото, техниката и науката, и што е можно поточно пренесувајќи ја фразеологијата и терминологијата на литературните дела;
- развивање на методи за употреба на компјутери и други инструменти за да се подобри продуктивноста и квалитетот на преводот;
- симултан и консекутивен превод од еден јазик на друг, особено на конференции, состаноци и слични настани, со запазување на точноста на значењето и колку што е можно духот на оригиналот;
- преглед и корекција на преведениот материјал;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2643.01 Лектор
2643.02 Преведувач
2643.03 Лексикограф
2643.04 Фонетичар
2643.05 Филолог
2643.06 Филолог - истражувач
2643.07 Самостоен филолог - истражувач
2643.08 Славист
2643.09 Индолог
2643.10 Лингвист
2643.11 Толкувач
2643.12 Судски толкувач

2643.13 Судски преведувач
2643.14 Симултан преведувач
2643.15 Семантичар

**СПОРЕДНА ГРУПА 265.**

**Уметници кои создаваат или изведуваат**

Уметниците кои создаваат или изведуваат пренесуваат идеи, впечатоци и факти во широк спектар на медиуми за да се постигнат одредени ефекти преку интерпретација на композиции, изведување на сценарија или водење на изведби и се домаќини на такви изведби или други медиумски настани.

- подготовка на математички, актуарски и статистички показатели и други резултати за графичко или табеларно прикажување, односно објавување;
- употреба на знаења за математички, актуарски и статистички методи за пресметување на показатели, сродни принципи и практики, за решавање на проблемите што се јавуваат во текот на работењето;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3314.01 Стручен соработник за финансиски план и анализа
3314.02 Стручен соработник за математички операции и прикази
3314.03 Стручен соработник за статистички операции и прикази
3314.04 Стручен соработник за операции и прикази во осигурувањето
3314.05 Соработник за статистичко-математички работи

## 3315. Проценувачи и валоризатори

Проценувачите и валоризаторите ја проценуваат вредноста на разновидни стоки и имот и ги проценуваат загубите што ги покрива одредена осигурителна компанија.

Задачите вклучуваат:

- одредување на квалитетот или вредноста на суровините, недвижниот имот, индустриската опрема, личните или домашните вредности, уметничките дела, скапоцените камења и други предмети што се нудат на продажба или се осигуруваат;
- процена на големината на загубата и обврската на осигурителните друштва за загубите покриени со полисите за осигурување;
- добивање извештаи за продажба и процена на слични предмети или имоти;
- прегледување и процена на условите, големината и конструкцијата на предметите или имотите;
- подготвување на процена, шема и проценување на користените фактори и методи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3315.01 Проценувач на уметнички дела
3315.02 Проценувач на осигурување
3315.03 Проценувач на накит
3315.04 Проценувач на имот
3315.05 Проценувач и валоризатор

**СПОРЕДНА ГРУПА 332.**

**Агенти и брокери за продажба и купување**

Агентите и брокерите за продажба и купување ги претставуваат компаниите, владините и другите организации, купуваат и продаваат продукти, роба, осигурувања, опрема и други услуги за индустриски, професионални, комерцијални и услужни претпријатија.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: добивање информации околу следењето и анализата на пазарниот тренд и условите на работодавците и конкуренцијата на стоката и услугите, следење на информациите во врска со клиентите потребни за идентификација на соодветните продукти и услуги, објаснување и демонстрација на продуктите и услужување на клиентите, преговарање околу цените, постигнување на договори, утврдување на термини, посредување околу шпедитерски услуги за набавка и продажба на стока, како и вршење на други услуги.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3321. Осигурителни застапници**
**3322. Комерцијалисти во продажба**
**3323. Набавувачи**
**3324. Трговски посредници**

## 3321. Осигурителни застапници

Осигурителните застапници советуваат и продаваат на нови и на постојани клиенти животно осигурување, осигурување во случај на несреќа, автомобилско, парично и осигурување против пожар, животно осигурување каде што целокупната уплата може да се врати на осигуреникот под договорените услови и други видови осигурување.

Задачите вклучуваат:

- прибирање известувања за состојбата на осигурениците кои се неопходни за да се одреди видот и условите на осигурувањето;
- преговори со осигурениците за да се одреди видот и степенот на ризик за кој се дава осигурувањето, обемот на осигурувањето и условите на плаќање;
- преговори и обновување на договорите за осигурување;
- советување и преговарање за условите на договорите за осигурување за големи или специјални видови на проекти, инсталации или ризици;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3321.01 Застапник за осигурување
3321.02 Самостоен диспонент за осигурување
3321.03 Контролор за осигурување (луѓе и имоти)
3321.04 Контролор на инкаса на живот
3321.05 Манипулант за осигурување
3321.06 Манипулант за осигурување на имот
3321.07 Манипулант за осигурување на сообраќај
3321.08 Манипулант за осигурување од незгоди
3321.09 Манипулант за осигурување на животи
3321.10 Референт за осигурување на имоти и лица
3321.11 Референт за проверка на податоци за осигурување
3321.12 Ликвидатор на штети

## 3322. Комерцијалисти во продажба

Комерцијалисти во продажба продаваат разновидни производи на големо, вклучувајќи уреди, опрема и технички производи и даваат потребни известувања.

Задачите вклучуваат:

- продажба на производи на мало, продажба по пат на каталог, како и прибирање на порачки;
- продажба на техничка опрема, понуди и слични услуги на претпријатија или на поединци;
- давање општи и специфични информации на можните купувачи за карактеристиките на опремата и демонстрирање на нивната употреба;
- известување за намерите на купувачите и нивните барања до производителите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3322.01 Комерцијалист
3322.02 Комерцијалист за надворешна трговија
3322.03 Комерцијалист за внатрешна трговија
3322.04 Технички застапник на продажба
3322.05 Застапник - трговски патник
3322.06 Референт за продажба
3322.07 Советник за продажба
3322.08 Комерцијален експедитер
3322.09 Советник за туристички аранжмани
3322.10 Шеф на продажба
3322.11 Шеф на трговско претставништво
3322.12 Шеф на складишно работење
3322.13 Шеф на продавница
3322.14 Пазаришен инспектор
3322.15 Инспектор за трговија
3322.16 Инспектор за туризам
3322.17 Раководител на возен парк

## 3323. Набавувачи

Набавувачите купуваат производи и услуги во име на производни, комерцијални и други претпријатија и институции.

Задачите вклучуваат:

- преговарање и потпишување на договори за набавка на опрема, суровини и производи и испорака на материјали за индустриски погони, државни и други претпријатија, како и набавка на стока за препродажба;
- прибирање информации за барањата и залихите, одредување на количината и квалитетот на нарачката, трошоците, датумот на испорака и други услови на договорот;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3323.01 Самостоен референт за набавка
3323.02 Шеф за снабдување на продавница

## 3324. Трговски посредници

Трговски посредници купуваат и продаваат производи, обично на големо, на самите аукции или за дополнителна испорака.

Задачите вклучуваат:

- воспоставување контакти меѓу купувачите и продавачите на производи;

- разгледување на барањата за продажба и купување на клиентите и соодветно советување во врска со нив;
- изработка на каталози за лицитации, одредување на цените, посетување на аукции;
- преговори за купување или продажба на производите кои не се продадени на аукциите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3324.01 Трговски посредник
3324.02 Посредник за превоз

**СПОРЕДНА ГРУПА 333.**

**Агенти за деловни услуги**

Агентите за деловни услуги воспоставуваат контакт за продажба на различни деловни услуги како рекламирање, давање на дозвола за осигурување на потребни документи, спојување на лица што бараат работа со соодветни работни позиции, наоѓање на работници за вработување, подготвување на договори, организирање на конференции и слични настани, менаџирање со просторот и други недвижнини и други слични активности.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: реализирање на постапки за клиентите за увоз и извоз, осигурување на стоката по барање на комитентите, договарање на конференции и важни настани, угостителски услуги, обезбедување на простор и визуелна и компјутерска опрема, транспорт за потребите на социјални настани, спојување на лицата што бараат работа со работодавците, наоѓање на работници за вработување, вршење на проценителски работи, изготвување на договори и нивно извршување и друго.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3331. Агенти за клиринг и шпедиција**
**3332. Планери на конференции и слични настани**
**3333. Посредници за вработување и посредници за работни договори**
**3334. Агенти за недвижности и менаџирање на просторот**
**3339. Агенти за деловни услуги, некласифицирани на друго место**

## 3331. Агенти за клиринг и шпедиција

Агентите за клиринг и шпедиција организираат доставување, испраќање и складирање на стока во меѓународниот промет, вршат царински формалности во увозот, извозот, помагаат на увозно-извозните претпријатија при склучување купопродажни договори, вршат осигурување на стоката по барање на комитентите, вршат посебни и други работи за комитентите.

Задачите вклучуваат:

- помош при склучување на купопродажни договори;
- избор на најповолни средства и начин на транспорт;
- вршење на тарифни работи, пресметување на цената на транспортот;
- осигурување и реосигурување на стоката при транспорт;
- средување на потребната документација за транспорт на стоката;
- пополнување на царинска декларација и постапка при царинење и други царински формалности при увоз, извоз и транспорт на стока;
- организирање на контрола на квалитетот и на количината на стоката, земање примероци и вршење на одделни работи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3331.01 Шпедитерски техничар
3331.02 Шпедитерски царински декларант
3331.03 Референт за извоз и за увоз

3331.04 Тарифант
3331.05 Агент за транспорт, шпедиција и логистика

## 3332. Планери на конференции и слични настани

Планерите на конференции и слични настани планираат, организираат и координираат услуги за конференции, конгреси, приредби, свечености, банкети, семинари, јубилеи и други слични настани и случувања.

Задачите вклучуваат:

- рекламирање на конференции, конвенции и организирање на изложби за потенцијалните купувачи;
- барање и давање на информации во поглед на услугите, ако е потребно, за наемнина за простор, опрема, угостителски услуги, репрезентација и други услуги;
- одржување на состаноци со клиентите и дискутирање за потребните услуги и можности во врска со нивните свечености;
- аранжирање и координација на услугите и средствата како што се уреди за сигнализација, проекција, опрема за звучни и визуелни ефекти, услуги околу транспортот за настаните, подготвување на презентација и слично;
- организација на уписнина со партиципација;
- преговарање за типот на услугите и цените во рамките на дозволениот буџет;
- надгледување на работните договори и поднесување на извештаи за варијациите на работните нарачки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници;

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3332.01 Секретар на организација
3332.02 Агент за културни приредби
3332.03 Агент за музички приредби
3332.04 Агент за театарски приредби
3332.05 Организатор на конгреси
3332.06 Организатор на конференции
3332.07 Организатор на културно - забавни приредби
3332.08 Планер на венчавки
3332.09 Агент за логистика

## 3333. Посредници за вработување и посредници за работни договори

Посредниците за вработување и посредниците за работни договори посредуваат меѓу лицата кои бараат работа и работодавците.

Задачите вклучуваат:

- стручен избор на работниците според условите кои треба да ги исполнуваат, упатување на работниците до работодавците;
- давање известувања на невработените за можностите за стручно оспособување, како и за другите права на невработените;
- потпишување на договор за работа со вработениот;
- водење задолжителни евиденции при вработување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3333.01 Посредник за вработување
3333.02 Референт за засновање работен однос
3333.03 Референт за избор на кадри

## 3334. Агенти за недвижности и за менаџирање на просторот

Агентите за недвижности и за менаџирање на просторот вршат подготовки за купопродажба, изнајмување и земање под закуп на недвижен имот, најчесто во корист на клиенти и врз база на полномоштво.

Задачите вклучуваат:

- собирање на информации за имотот што се продава или издава под закуп, условите на сопственикот и потребите на можните купувачи или закупци;
- покажување на имотите што треба да се продадат или изнајмат на можните купувачи или закупци и објаснување за условите на продажбата или за условите за изнајмување или издавање;
- подготовки за потпишување на договорите за изнајмување и пренос на сопственичките права;
- собирање на наемнина во име на сопственикот и преглед на имотот пред и по изнајмувањето;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3334.01 Агент за промет со недвижности

## 3339. Агенти за деловни услуги, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група ги содржи занимањата на агенти за деловни услуги кои не се класифицирани на друго место во споредната група 333.Агенти за деловни услуги.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3339.01 Аукционер
3339.02 Агент за литература
3339.03 Агент за пропаганда
3339.04 Агент за спорт
3339.05 Организатор на спортско - рекреативни дејности

**СПОРЕДНА ГРУПА 334.**

**Административни и специјализирани секретари**

Административните и специјализираните секретари применуваат и поддржуваат комуникација, документација и внатрешни менаџерски координативни активности на организационата единица и организираат проток на информации меѓу различни организациони единици.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: примена и поддршка на комуникациски, документациски и внатрешни менаџерски координативни активности на организационата единица за да му помогнат на раководителот на единицата и на другиот раководен персонал, водат записници од состаноци и белешки за работењето, водат комплетна евиденција и изработка на извештаи за финансиските трансакции, собирање, обработка и презентирање на математички, статистички и актуарски податоци. Занимањата од оваа споредна група може да примаат инструкции од директорите или научниците и од сродни стручњаци. Може да биде вклучен и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3341. Канцелариски надгледувачи**
**3342. Правни секретари**
**3343. Административни и секретари на извршната власт**
**3344. Медицински секретари**

## 3341. Канцелариски надгледувачи

Канцелариските надгледувачи ги надгледуваат, координираат и контролираат работните активности на канцелариските работници за внес на податоци и пишување.

Задачите вклучуваат:

- поставување на планираната работа и извршување и координирање на активностите помеѓу вработените;

- одредување и прегледување на работата на вработените службеници следејќи ги нивните работни должности, обработка и чување на забелешки и досиеја;
- употреба на канцелариски и административни вештини;
- ракување со телефони и телефонски централи;
- решавање на сродни проблеми, подготовка и поднесување на извештаи;
- обучување и давање на инструкции за работните должности и безбедносните процедури;
- поставување на работни норми и оценување на вработените за извршената работа;
- регрутирање на кадри, интервјуирање и избор на вработените;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3341.01 Администратор
3341.02 Организатор на патувања
3341.03 Туристички аниматор
3341.04 Посредник за патувања
3341.05 Надгледувач на службеници
3341.06 Надгледувач на внесувач на податоци
3341.07 Раководител на смена

## 3342. Правни секретари

Правните секретари применуваат специјализирано знаење од законската терминологија и вршат поддршка на законски комуникации, документи, внатрешни менаџирања, координација на активности, помош во адвокатски, нотарски, извршителски канцеларии и правни одделенија во разновидни институции.

Задачите вклучуваат:

- подготвување и извршување на правни документи и хартии како што се тапии, писмени изјави, полномоштва, застапување и друго;
- прикажување и читање на документи за корекција и обезбедување на одговори во согласност со правните процедури;
- испраќање на пошта, факсови, средување на испораки и одговори на клиенти, сведоци или судски службеници;
- организирање и одржување на документи од судски процеси и судската библиотека;
- испитување на поднесените молби и одржување на слободни средби со клиентите;
- асистирање во подготовките на буџетот, следење на трошоците, составување на нацрти на куповните и набавните договори;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3342.01 Правен секретар
3342.02 Правен менаџер
3342.03 Правен асистент

## 3343. Административни и секретари на извршната власт

Административните секретари на извршната власт применуваат и поддржуваат комуникациски, документациски и внатрешни менаџерски координативни активности на организационата единица со цел помагање на директорите и другиот раководен персонал, закажуваат состаноци, водат записници за работењето, пишуваат писма и одговараат на пошта.

Задачите вклучуваат:

- водење на административна кореспонденција и записници;
- собирање информации, предлагање и надгледување на рокови и состаноци;

- избор на барања за состаноци, планирање и организирање на состаноци и патувања на раководителите на организационата единица и друг раководен кадар;
- помош во подготовката на фактури, контрола на трошоците, скицирање на договорите и барањата за набавка;
- помош на раководителот на организационата единица и на другиот раководен кадар по прашања од административна или организациона природа;
- помош на раководителот на организационата единица во организирање и давање гостопримство на надворешни лица или членови на раководниот одбор;
- водење записници за работата на собранија, собири, судови и друго со помош на стенографија или со други помагала;
- пишување на деловни и стручни писма и друга кореспонденција и одговарање;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3343.01 Административен секретар
3343.02 Технички секретар
3343.03 Кореспондент
3343.04 Извршен секретар во конзуларно претставништво
3343.05 Секретар на друштво
3343.06 Секретар на месна заедница
3343.07 Матичар управник
3343.08 Матичар
3343.09 Управител
3343.10 Асистент на управител
3343.11 Јавен администратор

## 3344. Медицински секретари

Медицинските секретари користат специјализирано знаење од медицинската терминологија и процедури во здравството, асистираат на здравствените помошници и вршат разновидни комуникации, документации, координирање на административни внатрешни функции за поддршка на здравствените работници во здравствените објекти и други сродни здравствени организации.

Задачите вклучуваат:

- планирање и потврдување на здравствената служба и комуникативните пораки за медицинскиот персонал и пациентите;
- вршење на графички записи на карти, извештаи, документи и одговори;
- интервјуирање на пациенти за комплетирање на медицинската документација и случаи за историјата на болеста;
- комплетно осигурување и други потребни форми;
- професионален третман на медицинските досиеја, извештаи и технички книги;
- подготвување на финансиски сметки и процедури за плаќање;
- асистирање во подготовката на буџет, составување на нацрти од куповните и набавните договори или снабдување со нарачки;
- поддршка на вработените и други канцелариски работи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3344.01 Медицински секретар
3344.02 Медицински административен помошник
3344.03 Медицински стенограф

**СПОРЕДНА ГРУПА 335.**

**Царински службеници, даночни, полициски и референти за социјална заштита и сродни владини стручни соработници**

Службениците на државната управа опфатени во оваа споредна група обезбедуваат спроведување и примена на релевантни закони, правила и прописи што се однесуваат на државната граница, царинска контрола на стока и патници во царинското подрачје, царинење на стока, даноци, социјална заштита и други активности. Пропишуваат или испитуваат барања за дозволи и одобренија во врска со патувања, увоз, извоз на стока, транзит, основање на претпријатија, изградба на објекти и други активности на физички и правни лица, во зависност од прописите.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: контрола на државната граница и царинското подрачје и проверка на лицата и возилата, патнички и транспортни документи и стока на граничните премини, за да се обезбеди почитување на релевантни закони и прописи; преглед и одлучување за барањата за социјални бенефиции, преглед на пријавите за данок на доход или добивка што ги плаќаат физичките или правните лица, преглед и одлучување за барањата за одобренија и дозволи што се неопходни за патување, увоз и извоз на стока, изградба на градежни објекти, основање на претпријатија и преземање на други активности во зависност од прописите.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3351. Царински службеници**
**3352. Даночни службеници**
**3353. Референти за социјална заштита**
**3354. Референти за издавање дозволи**
**3355. Полициски инспектори и детективи**
**3359. Царински службеници, даночни, полициски и сродни владини помошници и референти кои не се класифицирани на друго место**

## 3351. Царински службеници

Царинските службеници извршуваат царински надзор, контрола на извозот, увозот и транзитот на стока, царинење на стока, откривање на царински и други прекршоци како и кривични дела, вршење на пресметка и наплата или враќање на извозни и увозни давачки, обработка на документи и наплата на акцизи и водење на царинско управна постапка.

Задачите вклучуваат:

- патролирање по државните граници и крајбрежните води за да се спречи илегално влегување или излегување, надзор на други работници, девизи или стоки;
- спроведување на царински надзор и контрола;
- проверка на патнички документи на лица на граничните премини за да се утврди дали имаат неопходни дозволи и потврди;
- проверка на багажот на лицата кои ја минуваат границата за да се утврди дали се почитуваат соодветните прописи и правила поврзани со увоз или извоз на стока и девизи;
- проверка на транспортните документи и товарот на возилата што ја минуваат границата за да се утврди дали се почитуваат законските регулативи што се однесуваат на стоката во транзит, увоз или извоз на стоката и проверка дали се платени сите потребни давачки;
- сведочење на суд за околностите и резултатите од спроведените истраги, доколку е потребно;
- соработка со други државни органи, странски царински управи и меѓународни организации;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3351.01 Цариник, виш соработник
3351.02 Управник на царинарница
3351.03 Царински соработник
3351.04 Шеф на испостава
3351.05 Царински службеник
3351.06 Царински инспектор

## 3352. Даночни службеници

Даночните службеници испитуваат даночни пријави, купопродажни договори, пропишани деловни книги и други документи, за да се утврди видот на данокот, таксата и другите давачки што треба да ги уплатат обврзниците, а за посебни и важни случаи ги известуваат надлежните по чии упатства и контрола работат.

Задачите вклучуваат:

- советување на правните и физичките лица за точно разбирање на законската регулатива во врска со одредувањето и плаќањето даноци, придонеси, такси и други давачки и за правата и обврските на граѓаните;
- прегледување на даночните пријави, купопродажните договори и релевантните документи за да се утврди видот и износот на данокот, придонесите и другите давачки што треба да се платат;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3352.01 | Даночен извршител |
| 3352.02 | Даночник |
| 3352.03 | Референт за данок |
| 3352.04 | Службеник за данок |
| 3352.05 | Координатор на даночно одделение |
| 3352.06 | Шеф на даночен шалтер |

## 3353. Референти за социјална заштита

Референтите за социјална заштита испитуваат и решаваат барања за социјална помош во пари или во натура и други бенефиции за да се утврди видот и висината на бенефициите и известување на надлежните институции за посебните и важни случаи.

Задачите вклучуваат:

- советување на лицата, институциите и организациите за правата и обврските на граѓаните, за правните толкувања на законите, прописите и правилата на социјалната заштита и одредување и исплата на парична помош;
- прегледување на барањата и другите документи за да се утврди видот и висината на помошта што лицата треба да ја добијат и донесување решенија за реализирање на помошта;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3353.01 | Референт за пензиско и инвалидско осигурување |
| 3353.02 | Референт за социјални прашања |
| 3353.03 | Референт за социјално осигурување |
| 3353.04 | Референт за здравствено осигурување |

## 3354. Референти за издавање дозволи

Референтите за издавање дозволи, одобренија, уверенија, документи и друго, ги разгледуваат поднесените барањата за узоз или извоз на стока, основање претпријатија, издавање градежни дозволи, издавање пасоши, лични карти, возачки легитимации и друго. Утврдуваат дали се исполнети условите за поднесеното барање, како и дали се исполнети и специфичните барања. За посебните и важни случаи ги известуваат надлежните органи под чијшто надзор и работат.

Задачите вклучуваат:

- толкување на закони и прописи што се однесуваат на одреден вид дозвола (одобренија, уверенија и др.) и условите поврзани со одобрувањето, како и правата и обврските на граѓаните;
- проверка на поднесените барања, приложените релевантни документи и одлучување дали може да се издаде бараната дозвола или не и под кои услови;

- проверка на барањата за издавање пасоши и други лични документи и нивно одобрување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3354.01 Референт за издавање на лични дозволи
3354.02 Референт за пасоши
3354.03 Референт за регистрации на возачи на моторни возила
3354.04 Референт за издавање на градежни дозволи

## 3355. Полициски инспектори и детективи

Полициските инспектори и детективите спроведуваат истраги за извршени кривични дела и се обидуваат да добијат информации за лицата и институциите што можат да се употребат во спречување на криминалот, испитуваат докази и околности поврзани со извршени кривични дела и се обидуваат да добијат информации кои не се лесно достапни или очигледни во врска со институциите и однесувањето на лицата, а со цел да се спречат кривичните дела.

Задачите вклучуваат:
- воспоставување контакти и извори на информации за планирани или извршени кривични дела за да се спречат таквите дела и да се најдат виновниците;
- испитување на настани и околности за кои постои сомнеж дека се со криминална природа за да се соберат докази и за да се идентификуваат организаторите;
- воспоставување контакти и извори на информации што не се достапни или очигледни, а се поврзани за институции, околности и однесувања на лица, обично со цел да се спречи криминал;
- испитување на можни случаи на кражба на стоки, пари или информации од претпријатија и на можни случаи на незаконско однесување од страна на корисници или вработени лица;
- испитување на институции или други околности и однесување на лица во корист на правните власти или клиентите;
- апсење или помош при апсење, по налог или доколку постои овластување;
- сведочење на суд или известување на претпоставените или клиентите за околностите и за резултатите од истрагите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3355.01 Инспектор за спречување на стопански криминал
3355.02 Инспектор во областа на недозволена трговија и растурање на опојна дрога
3355.03 Инспектор во службата за безбедност
3355.04 Инспектор за јавна безбедност
3355.05 Инспектор за разбојништво, тешки кражби, измами, фалсификати и криење
3355.06 Криминалистички инспектор
3355.07 Криминалистички референт
3355.08 Криминалистички лаборант
3355.09 Криминалистички техничар
3355.10 Криминалистички фототехничар
3355.11 Приватен детектив
3355.12 Началник на полиција
3355.13 Полициски инспектор

## 3359. Царински службеници, даночни, полициски и сродни владини помошници и референти кои не се класифицирани на друго место

Во оваа единечна група треба да бидат класифицирани занимањата за кои со сигурност може да се заклучи дека припаѓаат на државната служба и да не се распределени на друго место во споредната група 335. Царински службеници, даночни, полициски и референти за социјална заштита и сродни владини

стручни соработници, а недостигаат податоци за конкретната работа според која би можеле да се распределат во соодветна единечна група.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3359.01 Референт за јавно-управни работи
3359.02 Помлад референт
3359.03 Референт
3359.04 Виш референт
3359.05 Самостоен референт

**ПОДГРУПА 34.**
**Правни, општествени и културни стручни соработници**

Правните, општествените и културните стручни соработници вршат технички задачи поврзани со практична примена на науката во правни сродни услуги, социјална работа, култура, религија, кулинарство, религија и спортско-рекреативни активности.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: обезбедување на технички и практични услуги и функционална поддршка на легални истражни процеси, програми за социјална помош на заедницата за религијата и културни активности, учествување во судско решавање на спортски натпревари, развивање и спроведување на спортски тренинзи, фитнес и рекреативни програми, комбинирање на практичната и техничката вештина во различни уметнички, културни и кулинарски активности, подготовка и надзор на менија и храна и друго.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**
**341. Правни, општествени и религиозни стручни соработници**
**342. Спортски и фитнес работници**
**343. Стручни соработници за уметност, култура и кулинарство**

**СПОРЕДНА ГРУПА 341.**
**Правни, општествени и религиозни стручни соработници**

Правните, општествените и религиозните стручни соработници вршат технички и практични услуги и обезбедуваат функционални и правни процеси, програми за социјална и општествена помош и религиозни активности.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: асистирање и правна поддршка, подготвување на правни документи и судски услуги, добивање и анализирање на докази, вршење на социјални работи, управување и извршување на програми за социјална помош и општествени услуги, помагање на клиентите и решавање на лични и социјални проблеми, советување, морална и духовна поддршка на индивидуални лица или на целокупната заедница.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**3411. Правни и сродни стручни соработници**
**3412. Социјални работници**
**3413. Сродни стручњаци за религија**

## 3411. Правни и сродни стручни соработници

Правните и сродните деловни помошници им помагаат на директорите и правните и други стручњаци во врска со правни прашања, вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на осигурувањето, одобрувањето на заеми и други финансиски трансакции.

Задачите вклучуваат:
- проучување или договор за проучување на закони, прописи, правни записи и соодветни правни документи;
- подготовка на документи кои содржат правни аспекти или одредување на услови под кои се даваат заеми или договараат осигурувања;
- советување на клиенти и агенти за правни и технички прашања кои се однесуваат на нивните случаи;

- подготовка на документи кои се однесуваат на пренос на недвижен имот, акции и други прашања кои бараат формална регистрација;
- проверка на валидноста на документите и нивно внесување во акционерскиот регистар на претпријатието;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3411.01 Референт за правни работи
3411.02 Стручен соработник во правосудните органи
3411.03 Судски референт
3411.04 Судски администратор
3411.05 Судски полицаец
3411.06 Управен правник
3411.07 Асистент во осигурување
3411.08 Нотарски приправник

## 3412. Социјални работници

Социјалните работници насочуваат клиенти по социјални и сродни прашања за да им овозможат да ги откријат и искористат можностите за надминување на потешкотиите, давање помош на поединци и семејства за лични и социјални проблеми и превенција во развојот на деликвентните појави во општеството а со цел да се постигнат одредени цели.

Задачите вклучуваат:

- помош на поединци и семејства за лични и социјални проблеми;
- собирање на информации важни за потребите на клиентите и советување за нивните права и должности;
- анализирање на ситуацијата на клиентот и известување на алтернативните приоди во разрешувањето на проблемите;
- составување на извештаи од суд или на извештаи за суд и на други правни лица;
- планирање, процена, вреднување и развој на социјалните служби;
- превенција на развојот на деликвенцијата или успешна рехабилитација на деликвенти со организирање и надзор на социјални, рекреативни и образовни активности во младински клубови, општински центри и во слични организации или на некој друг начин;
- помош на физички или ментално хендикепирани лица за да се постигне адекватен третман и за да се подобри нивната способност за снаоѓање во општеството;
- откривање на деца без примерна родителска грижа и преземање мерки за нивно згрижување;
- планирање, организирање или обезбедување на служби за обезбедување за домашна помош, како и друг вид помош на стари лица;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3412.01 Социјален работник во центар
3412.02 Социјален работник во дом
3412.03 Социјален работник во образование
3412.04 Социјален работник во здравство
3412.05 Социјален работник во правосудство
3412.06 Социјален работник

## 3413. Сродни стручњаци за религија

Сродните стручњаци за религија учествуваат и изведуваат религиозни работи или ги посветуваат своите животи на контемплативни молитви или на медитација и проповедаат и пропагираат учење од својата определена религија.

Задачите вклучуваат:

- учествување и изведување на религиозни работи;
- живеење како член на посебна заедница и следење на нејзините правила и дејствија;
- посветување на своите животи на контемплативна молитва или на медитација;
- проповедање и пропагирање на учење од одредена религија;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3413.01 Други членови на верски редови
3413.02 Јеромонах
3413.03 Калуѓер (калуѓерка)
3413.04 Манастирски настојник
3413.05 Милосрдна сестра
3413.06 Монах (монашка)
3413.07 Редовник
3413.08 Редовник- лаик
3413.09 Редовник-свештеник
3413.10 Фратар
3413.11 Други верски работници
3413.12 Ѕвонар
3413.13 Клерик
3413.14 Свирач на оргули во црква
3413.15 Подѓакон
3413.16 Сакристан
3413.17 Црковен одборник
3413.18 Црковен пејач
3413.19 Црковник
3413.20 Ѓакон

**СПОРЕДНА ГРУПА 342.**

**Спортски и фитнес работници**

Спортските и фитнес работници целосно подготвуваат спортски настани за конкретна финансиска заработувачка, тренираат професионални спортисти и спортски аматери, промовираат стандарди во спортот, планираат и организираат спортски настани, даваат спортски инструкции, надгледуваат разновидни форми на вежби и други рекреативни активности и ја зголемуваат вредноста на спортските дисциплини.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: партиципирање на различни спортски настани, водење на спортски тренинзи за развивање на способностите и знаењата во спортот, поставување на правила и норми што се однесуваат на водењето на натпревари и контролирање на прогресот на тие настани, планирање, организирање и спроведување на практични седници, развивање на фитнес програми, одржување на часови за групни вежби и лично обучување на различни фитнес активности, промовирање на спортски вештини и спортски настани и надгледување на учеството на млади луѓе во спортот.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3421. Атлети и спортисти**
**3422. Спортски тренери, инструктори и службеници**
**3423. Инструктори за фитнес и рекреација и програмски лидери**

## 3421. Атлети и спортисти

Атлетите, спортистите и сродните занимања учествуваат во натпреварувачки спортски настани, тренираат други спортисти, воспоставуваат правила во врска со спортски настани и го контролираат напредокот на овие настани.

Задачите вклучуваат:

- учество во натпреварувачки спортски настани;

- тренирање на други спортисти за да се развие способноста и знаењето на спортот;
- воспоставување правила во врска со водење на спортски натпревари и контролирање на напредокот на овие настани;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3421.01 | Спортист |
| 3421.02 | Велосипедист |
| 3421.03 | Веслач |
| 3421.04 | Гимнастичар |
| 3421.05 | Автомобилски тркач |
| 3421.06 | Пингпонгар |
| 3421.07 | Кајакар |
| 3421.08 | Кошаркар |
| 3421.09 | Кревач на тегови |
| 3421.10 | Атлетичар |
| 3421.11 | Мечувалец |
| 3421.12 | Одбојкар |
| 3421.13 | Пливач |
| 3421.14 | Боксер |
| 3421.15 | Ракометар |
| 3421.16 | Борач |
| 3421.17 | Ватерполист |
| 3421.18 | Шахист |
| 3421.19 | Шаховски мајстор |
| 3421.20 | Спортски скијач |
| 3421.21 | Тенисер |
| 3421.22 | Уметнички лизгач на мраз |
| 3421.23 | Фудбалер |
| 3421.24 | Хокеар |
| 3421.25 | Џокеј |
| 3421.26 | Џудист |
| 3421.27 | Каратист |
| 3421.28 | Стрелец |
| 3421.29 | Параглајдерист |
| 3421.30 | Спортски качувач |

## 3422. Спортски тренери, инструктори и службеници

Спортските тренери, инструктори и службеници работат со професионални спортски лица и аматери, придонесуваат за зголемување на вредностите на спортот, поддржуваат поголеми учества и афирмација во спортот, организираат и официјализираат спортски настани, поставуваат норми и критериуми во спортот и друго.

Задачите вклучуваат:

- идентификување на физичката способност на спортистите или тимовите;
- планираат, развиваат и одржуваат тренинзи и состаноци;
- планираат, развиваат и координираат шеми и програми за натпреварувања;
- поттикнуваат и подготвуваат спортисти или тимови за натпреварувачки настани;
- развивање на натпреварувачка стратегија;
- вршат анализа на програмата за работа;
- забележување на тимските грешки;
- судење на спортски натпревари, доделување на поени, пресудување на казни за прекршоци и одредување на официјалните резултати;
- евиденција на спортски резултати и рекорди;

- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3422.01 Водител на спортска рекреација
3422.02 Водител на спортски активности за деца и млади
3422.03 Спортски тренер
3422.04 Спортски судија
3422.05 Спортски инструктор
3422.06 Спортски делегат

## 3423. Инструктори за фитнес и рекреација и програмски лидери

Инструкторите за фитнес и рекреација и програмските лидери водат, управуваат и учат групи и индивидуалци со спортско-рекреативни активности.

Задачите вклучуваат:

- планирање и изведување на рекреативни и фитнес активности;
- следење на рекреативни, спортски и фитнес активности и обезбедување и осигурување од спортски ризици;
- давање на прва помош кога е потребно;
- оценка и следење на способноста и кондициската подготвеност на клиентите и препорачување на соодветни активности;
- демонстрирање на техниките за движење на телото, користејќи концепти на вештини и фитнес рекреативни активности;
- давање на инструкции за користење на опрема;
- објаснување и применување на безбедни процедури, правила и регулативи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3423.01 Инструктор по аеробик
3423.02 Инструктор по фитнес
3423.03 Инструктор по боди билдинг
3423.04 Инструктор по јавање
3423.05 Инструктор по едрење
3423.06 Инструктор по пливање
3423.07 Инструктор по рекреативни спортови

**СПОРЕДНА ГРУПА 343.**

**Стручни соработници за уметност, култура и кулинарство**

Стручните соработници за уметност, култура и кулинарство комбинираат и креираат вештини, техники и културни знаења, вршат фотографски задачи, подготвуваат објекти за изложба, одржуваат библиотеки и колективни галерии, подготвуваат сцени за филмска и телевизиска продукција и други области од уметноста и културните настани, креираат менија, подготвуваат и презентираат храна.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: вршење на снимање и сликање на луѓе, настани, сцени, материјали, продукција и други предмети, поставување на уметнички техники за продукција на цртежи, декорирање на ентериери и промоции на простор, аранжирање на експонати од домашен мебел, подготвување на објекти за одржување на изложби, креирање на менија и надгледување на подготовката на храна.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3431. Фотографи**
**3432. Декоратери и ентериер дизајнери**
**3433. Техничари во галерија, библиотека и музеј**

**3434. Главни готвачи**
**3439. Стручни соработници за уметност, култура и кулинарство, некласифицирани на друго место**

## 3431. Фотографи

Фотографите и операторите на опрема за снимање на слика фотографираат, контролираат професионални фотоапарати и друга опрема за да снимаат и да претставаат слика.

Задачите вклучуваат:

- фотографирање за потребите на рекламирање и други комерцијални и индустриски или научни цели, како и за илустрирање на репортажи и текстови во весници, магазини и други публикации;
- организирање и управување со микроскопи, филмски, видео и други специјални фотоапарати за воздушно снимање;
- контрола на опрема за да се претставаат снимки со слика за да се обезбеди задоволувачки квалитет и за да се создаде специјална слика;
- примена на знаења од принципите и практиката на снимањето и презентирање на слика за да се откријат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3431.01 Фотограф
3431.02 Филмски и електронски монтажер
3431.03 Фотограф за комерцијални илустрации
3431.04 Фотограф за индустриски фотографии
3431.05 Фоторепортер
3431.06 Микрофотограф
3431.07 Фотографски техничар
3431.08 Контролор на камера
3431.09 Сниматeл на трик
3431.10 Техничар за развивање на филм
3431.11 Видео техничар
3431.12 Филмски фотограф

## 3432. Декоратери и ентериер дизајнери

Декоратерите и ентериер дизајнерите применуваат уметнички техники во дизајнирањето, декорирањето, внатрешното уредување и рекламирањето.

Задачите вклучуваат:

- дизајнирање на индустриски и комерцијални производи вклучувајќи и нови видови и стилови и прибор и стремеж да се доведат во хармонија естетските, техничките и другите барања;
- креирање на внатрешни декоративни шеми и планирање на мебел за станови, јавни згради, бродови и за други места;
- дизајнирање на реквизити на актери и бојадисување на сценски кулиси;
- аранжирање на излози и изложбени простории;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3432.01 Креатор за облека
3432.02 Конструктор на облека
3432.03 Креатор и конструктор за обувки
3432.04 Креатор и конструктор за кожна галантерија
3432.05 Дизајнер на амбалажа
3432.06 Дизајнер на стакло
3432.07 Дизајнер на керамика
3432.08 Декоратер
3432.09 Илустратор

3432.10 Аранжер
3432.11 Цртач на модели
3432.12 Кетеринг работник
3432.13 Дизајнер на ентериери
3432.14 Дизајнер на детски играчки

## 3433. Техничари во галерија, библиотека и музеј

Техничарите во галерија, библиотека и музеј подготвуваат уметнички работи, собирање на примероци и артефакти, уредуваат и конструираат изложби во галериите и им помагаат на библиотекарите за организирање на оперативни системи за управување на материјалите и досиејата.

Задачите вклучуваат:

- поставување и подготвување на предмети за изложба;
- дизајнирање и аранжирање на експонати од домашен мебел, изложби на предмети и простории;
- асистирање во осветлувањето на околината и изложените предмети;
- примање, опремување, пакување, распакување и евиденција на експонатите;
- подредување на новиот библиотекарски материјал и одржување на библиотекарските записи;
- пребарување и проверување на библиографските податоци;
- печатење на каталози и снимање на материјал;
- внесување на податоци во базата на податоци и уредување на компјутерски записи;
- управување со опрема за презентација и опрема за укоричување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3433.01 Техничар во галерија
3433.02 Техничар во библиотека
3433.03 Техничар во музеј
3433.04 Препаратор

## 3434. Главни готвачи

Главните готвачи планираат, организираат, подготвуваат и готват храна во хотели, ресторани и други места за јавна исхрана, на бродови, патнички возови и во домаќинствата.

Задачите вклучуваат:

- планирање на оброци, подготвување и готвење на јадења;
- планирање, надзор и координирање на работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3434.01 Шеф на кујна
3434.02 Главен готвач

## 3439. Стручни соработници за уметност, култура и кулинарство, некласифицирани на друго место

Во оваа единечна група треба да бидат класифицирани занимањата за кои со сигурност може да се заклучи дека припаѓаат во стручни соработници за уметност, култура и кулинарство и не се распределени на друго место во споредната група 343. Стручни соработници за уметност, култура и кулинарство, а недостигаат податоци за конкретната работа според која би можеле да се распределат во соодветна единечна група.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3439.01 Тетовирач

**ПОДГРУПА 35.**

**Техничари за информатичка и комуникациска технологија**

Техничарите за информатичка и комуникациска технологија вршат задачи за воспоставување и одржување на компјутерски, комуникациски и мрежни системи и нивни делови и технички задачи поврзани со телекомуникација и пренос на слика и звук, како и други телекомуникациски сигнали на копно, вода и воздух.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: ракување со централни компјутерски системи, поставување на нови надворешни опреми, развој и одржување на системски програмски поддршки, давање помош на корисниците на компјутерска опрема, управување и сервисирање на подрачни компјутерски мрежи, модификации на интернет страници, снимање со видеокамери и претставување на комбинација од слика и тон, емитување на програма во живо, контрола на системи за трансмисија на радиотелевизиски и сателитски пренос за радио и телевизиски програми, проектирање и подготовка на електронски шеми и други документации според дадени спецификации, производство, користење, одржување и поправка на електронска опрема и друго.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**351. ИКТ оператори и техничари за поддршка на корисниците**

**352. Техничари за телекомуникација и пренос на слика и звук**

**СПОРЕДНА ГРУПА 351.**

**ИКТ оператори и техничари за поддршка на корисниците**

Операторите на информатичка и комуникациска технологија и техничарите за поддршка на корисниците вршат задачи за воспоставување и одржување на компјутерски системи и нивни делови, пренесуваат и обработуваат податоци, воспоставуваат мрежна поврзаност во институциите, уредуваат веб-страници и даваат поддршка на корисниците на компјутерска опрема.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: ракување со централни компјутерски системи, организирање на компјутерски работи според барањата на корисниците, поставување на нови надворешни опреми, развој и одржување на системски програмски поддршки, давање помош на корисниците на компјутерска опрема, поддршка кога ќе се појават проблеми во работата и нивно решавање, поставување, управување и сервисирање на подрачни компјутерски мрежи, воспоставување на интернет и интранет сајтови, модификации на интернет страници и преостаната поддршка на корисниците на компјутерска опрема.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3511. ИКТ оператори**

**3512. ИКТ техничари за поддршка на корисниците**

**3513. Техничари за компјутерски системи и мрежи**

**3514. Веб техничари**

## 3511. ИКТ оператори

Операторите на информациска и комуникациска технологија ја надгледуваат работата на воспоставените компјутерски системи и неговите делови, ракуваат со опрема за снимање, потхранување, пренос и обработка на дигитални податоци, како и нивно прикажување со бројки и букви или графички облик на екран, хартија или лента.

Задачите вклучуваат:

- водење на оперативни задачи, подготовка и надзор, како и обработка на деловни, научни, инженерски и други податоци;
- ракување со централни компјутерски системи;
- ракување со надворешни и сродни компјутерски опреми за снимање, пренос и обработка на дигитални податоци како и нивно прикажување во форма на букви и бројки или графички облик на екран, хартија или лента, според потребата на корисниците;
- организирање на компјутерски работи според барањата на корисниците за да се обезбеди навремено, безбедно и ефикасно вршење;

- монтирање на магнетни ленти и дискови според потребите на процесирањето и меморирањето на податоците во машински код и чување на библиотека на дискови и ленти;
- водење дневник на компјутерски операции;
- вршење на операции за добивање сигуроносни копии според прописите и постапките;
- примена на знаења за начелата на ефикасност на компјутерската пракса и принципите на периферната опрема, за да се откријат и решат проблемите кои се појавуваат во текот на употребата, како и помали поправки и прилагодувања;
- надгледување на работата на опремата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3511.01 Контролор на оперативна подготовка на податоци
3511.02 Техничар - оператор
3511.03 Организатор за подготовка на податоци
3511.04 Администратор за обработка на податоци

## 3512. ИКТ техничари за поддршка на корисниците

Техничарите за компјутерска поддршка на корисниците вршат широк спектар на задачи во одделни информатички специјализации, пред сé, заради поддршка на инженерски истражувања, проектирање, програмираат и одржуваат системи на поддршка на компјутери, даваат помош на корисниците на компјутерските опреми, како и вршат низа технички задачи на инсталирање на нови опреми, одржување и подобрување на постоечките компјутерски програми.

Задачите вклучуваат:

- давање техничка помош во истражување на начелата и оперативните методи на компјутерите и системите, како и развој и одржување на системски програмски поддршки, воведување на бази на податоци, како и алгоритми, вештачка интелигенција и роботика;
- учество во проектирањето на системи на поддршка на компјутери, изработка на потребни програмски поддршки и одржување на системите во работна состојба под водство на информатички стручњаци на повисоко ниво на оспособување;
- помош на корисниците на компјутерска опрема и стандардна програмска поддршка при поставување и кога ќе се појават проблеми во работата;
- воведување на нови оперативни системи и програми на компјутерска постава којашто одговара;
- поставување на нови надворешни опреми, вклучувајќи и потребно прилагодување на големините во оперативните системи и погонските единици;
- инсталирање, одржување и осовременување на компјутерските програми со помали измени и прилагодувања, со надзор на информатички стручњаци на повисоки нивоа на оспособување;
- одржување и осовременување на документацијата за компјутерските програми и поставената системска опрема;
- примена на знаењата за начелата и за работата на компјутерите и програмирањето за да можат да се препознаат и решат проблемите кои се среќаваат во работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3512.01 Техничар за одржување на програмата
3512.02 Техничар - програмер
3512.03 Техничар за помош на корисниците
3512.04 Компјутерски техничар
3512.05 Компјутерски администратор

## 3513. Техничари за компјутерски системи и мрежи

Техничарите за компјутерски системи и мрежи ја надгледуваат работата на воспоставените компјутерски системи и нивните делови, ракуваат со опрема за инсталирање на компјутерски елементи и опрема, ги доведуваат во функција и ги сервисираат компјутерските системи, како и поставување, управување и одржување на компјутерски мрежи и други технички задачи.

Задачите вклучуваат:

- давање техничка помош во истражување на начелата и оперативните методи на компјутерите и системите, како и развој и одржување на системски програмски поддршки, воведување на бази на податоци, како и алгоритми, вештачка интелигенција и роботика;
- учество во проектирањето на системи за поддршка на компјутери, изработка на потребни програмски поддршки и одржување на системите во работна состојба под водство на информатички стручњаци на повисоко ниво на оспособување;
- воведување на нови оперативни системи и програми на компјутерска постава;
- поставување на нови надворешни опреми, вклучувајќи и потребно прилагодување на големините во оперативните системи и погонските единици;
- инсталирање, одржување и осовременување на компјутерските програми со помали измени и прилагодувања, со надзор на информатички стручњаци на повисоки нивоа на оспособување;
- поставување и управување со подрачни компјутерски мрежи;
- одржување и сервисирање на компјутерски мрежи;
- одржување и осовременување на документацијата на компјутерските програми и поставената системска опрема;
- примена на знаењето за начелата и за работата на компјутерите и програмирањето, за да можат да се препознаат и решат проблемите кои се среќаваат во работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3513.01 | Техничар за системско-програмска опрема |
| 3513.02 | Информатичар на систем |
| 3513.03 | Администратор на подрачна компјутерска мрежа |
| 3513.04 | Систем оператор |

## 3514. Веб-техничари

Веб-техничарите се задолжени да креираат веб-страници, како и да одржуваат, надгледуваат и обезбедуваат оптимални функции од интернет веб-страниците, веб-хардверите и софтверите.

Задачите вклучуваат:

- инсталирање, контрола и поддршка на доверливи информации и нивна употреба на интранет и на интернет веб-страници или веб-хардвери и софтвери;
- развивање и одржување на документација, полиси и наредби, запишување на оперативни процедури и логирање на системи;
- развивање, координирање, остварување и разгледување на безбедносни мерки;
- анализа и подготовка на препораки за зголемување на успехот, вклучувајќи нови системи за подобри резултати;
- поврзување со клиенти и корисници и разменување на совети и искуства;
- прилагодување и сервисирање на веб-страници;
- операции на веб-сервери, поддршка и повторно враќање на операциите;
- вршење на сродни работи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3514.01 Техничар на веб-страница
3514.02 Администратор на веб-страница

**СПОРЕДНА ГРУПА 352.**
**Техничари за телекомуникација и пренос на слика и звук**

Техничарите за телекомуникација и пренос на слика и звук вршат технички задачи поврзани со истражување и развој на електроника, телекомуникација, автоматика, радиокомуникација и практична примена на методите во управувањето со техничките системи и опреми во областа на радио - телевизиската комуникација и пренос на слика и звук, како и телекомуникациски сигнали на копно, море и воздух.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: контрола при снимање на слика и звук, снимање со видеокамери и претставување на комбинација од слика и тон, емитување на програма во живо, контролирање на системи за трансмисија и радиотелевизиски пренос и на сателитски пренос за радио и телевизиски програми, контрола на радиокомуникациски системи, сателитски служби и комплексни системи од копно, море и воздух, употреба на опрема за кинопроекција, проектирање и подготовка на електронски шеми и други документации според дадени спецификации, производство, користење, одржување и поправка на електронска опрема и друго.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**3521. Техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук**
**3522. Техничари за телекомуникациски инженеринг**

## 3521. Техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук

Техничарите на опрема за снимање и пренос на слика и звук фотографираат и контролираат филмски и видеокамери и друга опрема за да снимат и претстават слика и звук. Исто така, го контролираат техничкото цртање за телевизиски и радиопренос на претходното снимање на слики и звуци или пренос во живо, како и други видови телекомуникациски сигнали од копно, море и воздух и управување со опрема за радио и телевизиски сигнал.

Задачите вклучуваат:

- организирање и управување со микроскопи, филмски, видео и други специјални камери за воздушно снимање;
- контролирање на опрема за снимање на филмски звуци, видеоленти, грамофонски плочи, аудиоленти, дигитални дискови и за телевизиско и радио пренесување или за други цели;
- контрола на опрема за да се претстават и комбинираат снимки со слика и звук за да се обезбеди задоволувачки квалитет и за да се создаде специјална слика и звучни ефекти;
- примена на знаења од принципите и практиката на снимање и презентирање на звук и слика за да се откријат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- примена на знаење од принципите и практиката за телевизиски и радиопренос, телекомуникациски терминали и системи за да се откријат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- контролирање на системи за трансмисија и радиотелевизиски пренос и на сателитски пренос за радио и телевизиски програми;
- контрола на радиокомуникациски системи, сателитски служби и комплексни системи од копно, море и воздух;
- контрола на опрема за кинопроекција;
- водење работни дневници;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3521.01 Снимател на слика
3521.02 Миксер на слика
3521.03 Снимател на тон

3521.04 Техничар за тонски ефекти
3521.05 Миксер на тон
3521.06 Монтажер на слика и тон
3521.07 Оператор во радиостаница
3521.08 Оператор во ТВ станица
3521.09 Оператор во радиоемисија
3521.10 Оператор во ТВ емисија
3521.11 Радиотелеграфист
3521.12 Поморски радиотелеграфист
3521.13 Оператор на телеграфски уреди
3521.14 Кинооператор
3521.15 Техничар за изведба на програма

## 3522. Техничари за телекомуникациски инженеринг

Техничарите за телекомуникациски инженеринг вршат технички задачи поврзани со истражувањето и развојот во електрониката, телекомуникацијата и автоматиката, како и за проектирањето, дизајнот, производството, склопувањето, функционирањето, одржувањето и поправката на електронски уреди и системи, радиокомуникациска опрема, како и опрема за управување на технички системи.

Задачите вклучуваат:

- техничка помош во истражувањето и развојот на електронската и телекомуникациската, мерно - управувачката опрема и системи или тестирање на прототипови;
- проектирање и подготовка на електронски шеми и други документации според дадените спецификации;
- подготвување на детални процени на квалитетот и цените на материјалите и работната сила потребна за производство и инсталирање на електронска и телекомуникациска опрема според дадените спецификации;
- технички и технолошки надзор на производството, користењето, одржувањето и поправката на електронската опрема, телекомуникациските и мерно-управувачките системи, за да се обезбеди задоволително функционирање и согласност со спецификациите и регулативите;
- примена на техничкото знаење за електрониката, телекомуникацијата и автоматиката за да се откријат и спречат проблемите кои произлегуваат во текот на нивната работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3522.01 Техничар за телекомуникациски уреди и мрежи
3522.02 Техничар конструктор за телекомуникациски уреди
3522.03 Техничар за телекомуникации во железничкиот сообраќај
3522.04 Техничар за телекомуникации во бродскиот сообраќај
3522.05 Техничар за телекомуникации
3522.06 Техничар за радио и телевизиски производи
3522.07 Оператор на телекомуникациска опрема
3522.08 Техничар за мобилна телефонија

## ГЛАВНА ГРУПА 4.
## СЛУЖБЕНИЦИ

Службениците запишуваат, организираат, чуваат и внесуваат во компјутер информации поврзани со дадена работа и извршуваат бројни службенички должности, особено оние што се поврзани со ракување со пари, патнички аранжмани, информативни барања и закажувања на состаноци. Повеќето занимања од оваа главна група бараат стручност од втор до петти степен стручно образование.

Задачите што ги вршат работниците во оваа главна група најчесто вклучуваат: стенографија, чукање на машина и работа со текст - процесор и со други канцелариски машини; внесување податоци во компјутери; вршење на секретарски должности; запишување и внесување на нумерички податоци во компјутер; чување записи во врска со стоки, производство и транспорт; чување податоци поврзани со

транспортот на товар и патници, вршење на службенички должности поврзани со банкарски и поштенски услуги; подготвување и проверка на материјал за печатење; фотокопирање; пишување во корист на неписмени лица; вршење на операции за ракување со пари; организирање на патнички аранжмани; обезбедување на информации по барање од клиенти и закажување на состаноци; работа на телефонска централа. Може да биде вклучен надзор над други соработници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**41. Службеници за општи канцелариски работи и секретари**
**42. Службеници за услужни дејности**
**43. Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот**
**44. Други канцелариски службеници**

**ПОДГРУПА 41.**

## Службеници за општи канцелариски работи и секретари

Службениците за општи канцелариски работи и секретарите забележуваат, организираат, чуваат и издаваат информации поврзани со дадена работа и пресметуваат финансиски, статистички и други нумерички податоци. Киборд операторите забележуваат усни или запишани информации на хартија или во машинска читлива форма, работат со машини за книговодство и сметање, издаваат и препишуваат кореспонденција и документи за усогласување со канцелариските стандарди и вршат други секретарски должности.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: стенографија и чукање на машини; работа со текст-процесори и внес на податоци со сметачки, книговодствени и други слични канцелариски машини; вршење на секретарски должности; забележување и внесување сметководствени, книговодствени, статистички, записнички, финансиски и други нумерички податоци; пополнување и испраќање на документи; архивирање; вршење на должности поврзани со поштенски услуги; подготвување и проверка на материјал за печатење; пишување во корист на неписмени лица; вршење на бројни општи службенички должности. Може да биде вклучен надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**411. Општи канцелариски службеници**
**412. Секретари (општо)**
**413. Дактилографи и оператори за внес на податоци**

**СПОРЕДНА ГРУПА 411.**

## Општи канцелариски службеници

Општите канцелариски службеници забележуваат, организираат, примаат, чуваат и издаваат информации поврзани со дадена работа и пресметуваат финансиски, статистички и други нумерички податоци, издаваат и препишуваат кореспонденција и документи за усогласување со канцелариските стандарди и вршат други канцелариски должности.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: стенографија и чукање на машини; работа со текст-процесори и внес на податоци со сметачки, книговодствени и други слични канцелариски машини; вршење на секретарски должности; забележување и внесување на сметководствени, книговодствени, статистички, записнички, финансиски и други нумерички податоци; водење белешки за планови; водење белешки за оперативни аспекти и за временско координирање; вршење на службенички должности; пополнување и испраќање на документи; подготвување и проверка на материјал за печатење; пишување во корист на неписмени лица; вршење на бројни општи службенички должности. Може да биде вклучен надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**4110. Општи канцелариски службеници**

# 4110. Општи канцелариски службеници

Општите канцелариски службеници забележуваат, организираат, примаат, чуваат и издаваат информации поврзани со дадена работа и пресметуваат финансиски, статистички и други нумерички

податоци, издаваат и препишуваат кореспонденција и документи за усогласување со канцелариските стандарди и вршат други канцелариски должности.

Задачите што ги вршат обично вклучуваат: стенографија и чукање на машини; работа со текст-процесори и внес на податоци со сметачки, книговодствени и други слични канцелариски машини; вршење на секретарски должности; забележување и внесување на сметководствени, книговодствени, статистички, записнички, финансиски и други нумерички податоци; водење белешки за планови; водење белешки за оперативни аспекти и за временско координирање; вршење на службенички должности; пополнување на документи; подготвување и проверка на материјал за печатење; пишување во корист на неписмени лица; вршење на бројни општи службенички должности. Може да биде вклучен надзор на други соработници.

Задачите вклучуваат:
- водење евиденција и документација на вработените;
- водење евиденција и документација во службата;
- вршење на ограничени службенички должности како што се пополнување или употреба на машини за фотокопирање;
- запишување и уредување на текст со компјутери;
- испраќање и примање пораки или факсимили со телефакс или слични машини;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4110.01 Службеник за општи работи

**СПОРЕДНА ГРУПА 412.**

**Секретари (општо)**

Секретарите употребуваат машини за чукање или опрема за текст-процесирање за да проверат и препишат кореспонденција и други документи, работат со влезна и излезна пошта, забележуваат барања за собири и состаноци, забележуваат и проверуваат излегувања и други одобрени права на персоналот, го организираат и го надгледуваат системот на архивирање, издаваат и препишуваат кореспонденција и документи за усогласување со канцелариските стандарди и вршат други секретарски должности.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: стенографско запишување на диктиран и друг материјал; негово отчукување на хартија или употреба на текст-процесори или телепринтери; внесување на различни податоци во електронска опрема или во форма на перфорирани картички или специјални ленти; работа со книговодствени и сметачки машини; издавање и препишување на кореспонденција и документи за усогласување со канцелариските стандарди; вршење на разни секретарски должности. Може да биде вклучен надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**4120. Секретари (општо)**

## 4120. Секретари (општо)

Секретарите употребуваат машини за чукање или опрема за текст-процесирање за да проверат и препишат кореспонденција и други документи, работат со влезна и излезна пошта, забележуваат барања за собири и состаноци, забележуваат и проверуваат излегувања и други одобрени права на персоналот, го организираат и го надгледуваат системот на архивирање.

Задачите вклучуваат:
- проверка и препишување на кореспонденција, податоци и извештаи диктирани или напишани за да се усогласат со канцелариските стандарди со употреба на машина за чукање или опрема за текст-процесирање;
- работат со влезна и излезна пошта;
- преглед, забележување и распоредување на пошта и записи;
- забележување на молби за состаноци и помош за нивно организирање;
- забележување и проверување на излегувања и други одобрени права на персоналот;
- организирање и надгледување на системот за архивирање;
- работа со рутинска кореспонденција по сопствена иницијатива;

- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4120.01 Секретар

**СПОРЕДНА ГРУПА 413.**
**Дактилографи и оператори за внес на податоци**

Дактилографите и операторите за внес на податоци забележуваат усни или запишани информации на хартија или во машинска читлива форма, работат со машини за книговодство и сметање, издаваат и препишуваат кореспонденција и документи за усогласување со канцелариските стандарди и вршат други секретарски должности.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: стенографско запишување на диктиран и друг материјал; негово отчукување на хартија или употреба на текст-процесори или телепринтери; внесување на различни податоци во електронска опрема или во форма на перфорирани картички или специјални ленти; работа со книговодствени и сметачки машини; издавање и препишување на кореспонденција и документи за усогласување со канцелариските стандарди; вршење на разни секретарски должности. Може да биде вклучен надзор над други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**4131. Дактилографи и оператори за уредување на текст**
**4132. Оператори за внес на податоци**

## 4131. Дактилографи и оператори за уредување на текст

Дактилографи и стенодактилографи запишуваат усни или пишани материјали и со помош на машини за чукање создаваат документи на хартија. Операторите за уредување на текст вршат оперативни задачи во телеграфскиот сообраќај: испраќаат и примаат телеграми како и посредување на телеграфски врски при испраќање, примање и транзит. Операторите вршат запишување и уредување на текст со компјутери.

Задачите вклучуваат:
- запишување на диктати и стенографско забележување на друг материјал;
- препишување во машински отчукана форма;
- вршење на ограничени службенички должности како што се пополнување или употреба на машини за фотокопирање;
- посредување на телеграфски врски во меѓународен и внатрешен телеграфски промет;
- испраќање и примање на телеграми во меѓународен и внатрешен телеграфски промет;
- давање информации на телеграфски корисници;
- запишување и уредување на текст со компјутери;
- испраќање и примање пораки или факсимили со телепринтер, телефакс или слични машини;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4131.01 Дактилограф
4131.02 Оператор за компјутерска обработка на текст
4131.03 Стенограф
4131.04 Стенодактилограф
4131.05 Телеграфист
4131.06 Телепринтерист
4131.07 Телефаксист
4131.08 Оператор на терминал

## 4132. Оператори за внес на податоци

Операторите за внес на податоци внесуваат нумерички или графички податоци во електронска опрема (дискети, дискови и магнетни ленти).

Задачите вклучуваат:

- внесување на нумерички податоци од изворниот материјал во компјутерска меморија;
- внесување на графички податоци од изворниот материјал во компјутерска меморија;
- проверка на точноста и потполноста на внесените податоци, како и коригирање на внесените податоци, доколку е потребно;
- работа со машини за книговодство за да се забележат деловните трансакции;
- работа со електрични или рачни машини за аритметичко сметање;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4132.01 Оператори за внес на податоци
4132.02 Оператор со машина за оптичко читање
4132.03 Оператор за внес на ГИС податоци
4132.04 Оператор на книговодствена машина
4132.05 Оператор со машина за пресметување

**ПОДГРУПА 42.**

### Службеници за услужни дејности

Службениците за услужни дејности работат директно со клиенти, во врска со ракување со пари, патнички аранжмани, барање на информации, состаноци и работа во телефонски централи.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: ракување со пари во банки, пошти, во обложувалници и коцкарници или со исплати за стоки и услуги купени или нарачани; работа со патнички аранжмани; обезбедување на информации што ги бараат клиенти и закажување на состаноци; работа на телефонска централа. Може да биде вклучен надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**421. Касиери, благајници и слични занимања**
**422. Шалтерски службеници за информирање**

**СПОРЕДНА ГРУПА 421.**

### Касиери, благајници и слични занимања

Касиерите, благајниците и сличните на нив ракуваат со пари во продавници и во други претпријатија, вклучувајќи и такви што се поврзани со обложување или коцкање и собирање на долгови.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: примање на исплати од клиенти за купени стоки и услуги; работа со клиенти на банки или на пошти во врска со парични операции или поштенски услуги; примање и исплата на облози според резултатите од спортски настани; водење на коцкарски игри; позајмување пари според вложени предмети или според нешто друго; собирање на долгови и други исплати. Може да биде вклучен надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**4211. Благајници и слични занимања**
**4212. Службеници во обложувалници, казина и сродни занимања**
**4213. Лихвари**
**4214. Собирачи на долгови и сродни занимања**

## 4211. Благајници и слични занимања

Благајниците работат директно со клиенти на банки или на пошти во врска со примање, менување и исплата на пари или обезбедуваат поштенски услуги.

Задачите вклучуваат:

- прием на обични и препорачани поштенски и парични пратки;

- исплата на пари преку штедни книшки и чекови;
- плаќање на сметки и правење на трансфер на пари во корист на клиентите;
- продажба на поштенски марки и вршење на други поштенски парични дејства;
- воспоставуваат телефонски врски, примање и испраќање на телеграми;
- менување на пари од една валута во друга, според барањето на клиентите;
- водење на пропишана евиденција за извршените услуги;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4211.01 Банкарски службеник на шалтер
4211.02 Благајник во банка
4211.03 Благајник во пошта
4211.04 Благајник
4211.05 Менувач на пари
4211.06 Поштенски службеник на шалтер
4211.07 Службеник на шалтер во агенција за платен промет

## 4212. Службеници во обложувалници, казина и сродни занимања

Службениците во обложувалници, казина и сродни занимања ги одредуваат размерите и примаат или исплаќаат облози според резултати на спортски или други настани или водат игри на среќа во коцкарници.

Задачите вклучуваат:

- одредување на ризици за да се утврди веројатноста за добивка и за да се прими или одбие облогот;
- подготвување и издавање на списоци за приближната веројатност;
- распределба на картички, вртење на барабан или на рулет;
- објаснување и толкување на правилата на коцкање;
- објавување на извлечени броеви, исплаќање на добитници и собирање на исплати од оние што губат;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4212.01 Примач на влог за кладење
4212.02 Крупие
4212.03 Примач на уплата за игрите на среќа
4212.04 Инспектор на игрите во казино
4212.05 Контролор на игрите во казино
4212.06 Издавач на жетони
4212.07 Дилер во коцкарница

## 4213. Лихвари

Лихварите позајмуваат пари според вложен депозит во залог или според имот и друга гаранција.

Задачите вклучуваат:

- процена на предмети понудени во залог, пресметување на камата и позајмување на пари;
- враќање на предмети кога ќе се исплати заемот или во случаи да не се врати заемот, продавање на заложените предмети;
- позајмување на пари како личен заем според идните очекувања и слични други преземања;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4213.01 Заложувач

## 4214. Собирачи на долгови и сродни занимања

Собирачите на долгови и сродните занимања собираат исплати и вршат службенички должности поврзани со собирање пари од ваков вид.

Задачите вклучуваат:

- телефонирање или пишување до клиенти за да соберат пари или средуваат за одложување на исплата;
- наоѓање на адреси на клиенти и нивно посетување за да се собере долгот;
- забележување на сумата на собраните пари;
- препорачување на правно дејство кога исплатите не можат да се соберат на друг начин;
- барање и собирање на хуманитарни исплати;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4214.01 Референт за наплата на долгови

**СПОРЕДНА ГРУПА 422.**

**Шалтерски службеници за информирање**

Шалтерските службеници за информирање работат директно со клиенти во врска со патнички аранжмани, разни видови на побарани информации, состаноци што треба да се закажат вклучувај¸и ги и тие во болници, медицински и во забарски одделенија, како и со тековни или побарани телефонски разговори.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: патнички и хотелски резервации за клиенти, примање на клиенти или пациенти, обезбедување точни информации и закажување состаноци во корист на разни претпријатија, вклучувајќи болници, медицински или забарски одделенија; ракување со телефонска централа. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**4221. Шалтерски службеници во патнички и туристички агенции и сродни занимања**
**4222. Службеници во информативни контактни центри**
**4223. Телефонисти и сродни занимања**
**4224. Хотелски рецепционери**
**4225. Службеници за истражување**
**4226. Рецепционери (општо)**
**4227. Анкетари и интервјуери за истражување на пазарот**
**4229. Други службеници за информирање**

## 4221. Шалтерски службеници во патнички и туристички агенции и сродни занимања

Шалтерските службеници во патнички и туристички агенции и сродните занимања даваат информации, организираат турнеи и резервираат.

Задачите вклучуваат:

- советување на клиенти за програмата и начинот на патување;
- подготвување на програмата;
- резервирање;
- издавање билети, ваучери и други документи;
- обезбедување визи, доколку е потребно;
- подготвување на сметки и примање на исплати;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4221.01 Шалтерски службеник во патнички и туристички агенции
4221.02 Продавач на автобуски карти
4221.03 Продавач на патнички карти
4221.04 Службеник за организирање на патувањата
4221.05 Референт за туристички аранжмани
4221.06 Туристички работник

## 4222. Службеници во информативни контактни центри

Службениците во информативните контактни центри примаат клиенти или пациенти, даваат информации и закажуваат состаноци во корист на разни институции, вклучувајќи болници, медицински или забарски одделенија.

Задачите вклучуваат:

- примање на клиенти или пациенти, бележење на барањата и обезбедување на точни информации;
- закажување на состаноци за клиенти или пациенти;
- телефонски разговори во врска со барањата за информирање или состаноци;
- насочување на клиенти или пациенти до соодветно место или лице;
- резервирање и организирање на упис за гости или пациенти, како и водење евиденција или презентирање на сметки на заминување;
- обезбедување на информативни памфлети, брошури или формулари;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4222.01 Службеник во информативен контактен центар

## 4223. Телефонисти и сродни занимања

Телефонистите и сродните занимања работат во телефонска централа или во поврзан оддел и работат со локални, меѓуградски и меѓународни повици и со разни телефонски барања и задолженија.

Задачите вклучуваат:

- посредување на телефонски врски во меѓународен и внатрешен промет;
- давање информации на телефонските корисници;
- водење евиденција на извршените услуги;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4223.01 Телефонист
4223.02 Телефонист за меѓународни врски
4223.03 Телефонист на телефонска централа
4223.04 Контролор на телефонскиот сообраќај
4223.05 Оператор во кол-центар

## 4224. Хотелски рецепционери

Хотелските рецепционери примаат клиенти и хотелски гости, ги упатуваат гостите на вистинското место, издаваат клучеви од собите, даваат информации и закажуваат состаноци во корист на разни институции, ги спроведуваат најавените резервации и водат целокупна евиденција и документација за својата работа.

Задачите вклучуваат:

- примање на клиенти и посетители, бележење на барањата и обезбедување на точни информации;
- закажување на состаноци за клиенти;

- телефонски разговори во врска со барањата за информирање или состаноци;
- насочување на клиенти и гости до соодветно место или лице;
- резервирање и организирање на упис за хотелски гости, како и водење евиденција или презентирање на сметки на заминување;
- обезбедување на информативни памфлети, брошури или формулари;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4224.01 Раководител на рецепција

## 4225. Службеници за истражување

Службениците за истражување одговараат на лична, напишана или електронска пошта и вршат телефонско истражување на услуги, одржување на ред, снабдување со информации на корисниците и нивно упатување кон други извори. Тие се вработени на места кои се во директен контакт со клиенти, производни процеси или обезбедување на услуги.

Задачите вклучуваат:
- давање на информации околу одржувањето на производите, како и информации за нивното постоење и цени;
- давање на информации во врска со настанати проблеми, давање на совети и асистенции;
- документирање на дадените информации и жалбените постапки;
- давање на упатства или стручни совети за сложени информации;
- издавање на формулари и брошури за заинтересираните странки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4225.01 Шалтерски службеник

## 4226. Рецепционери (општо)

Рецепционерите, општо, примаат посетители, клиенти и гости, ги упатуваат на вистинското место, даваат информации и закажуваат состаноци во корист на разни институции, ги спроведуваат најавените резервации и водат целокупна евиденција и документација за својата работа.

Задачите вклучуваат:
- примање на клиенти и посетители, бележење на барањата и обезбедување на точни информации;
- закажување на состаноци за клиенти;
- телефонски разговори во врска со барањата за информирање или состаноци;
- насочување на клиенти и гости до соодветно место или лице;
- обезбедување на информативни памфлети, брошури или формулари;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4226.01 Рецепционер

## 4227. Анкетари и интервјуери за истражување на пазарот

Анкетарите и истражувачите на пазарот ги анкетираат или интервјуираат луѓето и правните субјекти лично или по телефонски пат и ги регистрираат нивните одговори во специјализирани прашалници и формулари.

Задачите вклучуваат:

- контактирање со анкетираните лица лично или телефонски и запознавање со целите на истражувањето;
- поставување на конкретни прашања следејќи го редоследот во прашалникот;
- внесување на одговорите рачно или по електронски пат;
- давање на повратен резултат спрема нарачателот на анкетата во предвидениот рок;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4227.01 Анкетар
4227.02 Истражувач на пазарот
4227.03 Истражувач на јавно мислење

## 4229. Други службеници за информирање

Во оваа единечна група се класифицираат занимањата на службеници за информирање кои не може да се класифицираат во останатите единечни групи на споредната група 422. Шалтерски службеници за информирање. Се вклучуваат шалтерските работници кои прибираат информации потребни за понатамошна обработка.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4229.01 Службеник за информации

**ПОДГРУПА 43.**

### Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот

Службениците во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот собираат и пресметуваат сметководствени, книговодствени, статистички, финансиски и други нумерички податоци и се задолжени за готовински трансакции што се инцидентни во деловните работи. Службениците за забележување на материјалите и транспортот водат евиденција и документација за стоки коишто се произведени, купени, складирани, испратени и за материјали потребни за производство, водат оперативни работи и усогласуваат возен ред на патничкиот и товарниот транспорт.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: помош при водење на сметководство, книговодство и вршење пресметки; пресметување на производствените трошоци по единица производ; пресметување, подготвување и исплаќање на плати и надоместоци; преземање на готовински трансакции инцидентни за претпријатието; собирање и внесување на статистички или записнички податоци; вршење на службенички задачи поврзани со финансиски трансакции на банка или на слично претпријатие; водење евиденција и документација на произведени, складирани, нарачани и испратени стоки; евидентирање на примените производствени материјали, материјалите на залиха или издадените материјали; пресметување на количини на производствени материјали потребни според спецификациите и помош во подготовка и контрола на планираните производствени операции; оперативни задачи и усогласување на возниот ред на патничкиот и товарниот транспорт.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**431. Службеници во книговодство, финансии и статистика**
**432. Службеници за евиденција на материјалите и транспортот**

**СПОРЕДНА ГРУПА 431.**

### Службеници во книговодство, финансии и статистика

Службениците во книговодство, финансии и статистика собираат и пресметуваат сметководствени, книговодствени, статистички, финансиски и други нумерички податоци и се задолжени за готовински трансакции што се инцидентни во деловните работи.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: помош при водење на сметководство, книговодство и вршење пресметки; пресметување на производствените трошоци по единица производ; пресметување, подготвување и исплаќање на плати и надоместоци; преземање на готовински трансакции инцидентни за претпријатието; собирање и внесување на статистички или записнички податоци; вршење на службенички

задачи поврзани со финансиски трансакции на банка или на слично претпријатие. Може да биде вклучен надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**4311. Службеници во книговодство**
**4312. Финансиски, статистички и службеници за осигурување**
**4313. Службеници за платен промет**

## 4311. Службеници во книговодство

Службениците во сметководството и книговодството обработуваат податоци во одделни аналитички книговодства или изработуваат финансиски извештаи кои служат за книжење во книговодството.

Задачите вклучуваат:

- книжење во книговодство;
- вршење на неопходни пресметки;
- вршење на други ограничени сметководствени и книговодствени задачи;
- едноставна контрола и комплетирање на документација која произлегува од деловните односи;
- работење на пресметки со компјутерски програми, чување и анализирање на информации;
- калкулирање, подготвување и користење на финансиски пресметки во претпријатијата;
- подготвување на основни финансиски извештаи, нивна ревизија, материјално уновчување на трошоците, сметки за наплата и неподмирени долгови, профити и загуби;
- пресметување на производствените трошоци по единица производ;
- пресметка на плати според одработените часови или работа извршена од вработени поединци;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 4311.01 | Книговодител на залихи |
| 4311.02 | Финансов книговодител |
| 4311.03 | Материјален книговодител |
| 4311.04 | Контер |
| 4311.05 | Ликвидатор |
| 4311.06 | Службеник во книговодство |
| 4311.07 | Економски книговодител |
| 4311.08 | Калкулант |
| 4311.09 | Економски техничар |

## 4312. Финансиски, статистички и службеници за осигурување

Финансиските, статистичките и службениците за осигурување прибираат, средуваат и пресметуваат статистички или записнички податоци или вршат службенички задачи во врска со трансакции на банки, осигурителни компании и на други финансиски претпријатија.

Задачите вклучуваат:

- собирање и запишување на статистички или записнички податоци базирани на рутински или на специјални информативни извори;
- пресметување на просеци, проценти и на други вредности и нивно презентирање во барана табеларна форма;
- подготвување на финансиски документи и пресметување на камати и посреднички давачки и такси;
- вршење на едноставни кредитни, девизни и работи на платниот промет;
- водење евиденција на акции, обврзници и други видови хартии од вредност кои се продаваат и купуваат во корист на клиентот или работодавачот;
- издавање на осигурителни полиси;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4312.01 Службеник за девизно работење
4312.02 Службеник за хартии од вредност
4312.03 Службеник за кредити
4312.04 Банкарски службеник
4312.05 Статистички службеник
4312.06 Службеник за посредување со недвижности
4312.07 Службеник за осигурување
4312.08 Службеник за финансии

## 4313. Службеници за платен промет

Службениците за платен промет обработуваат податоци во одделни аналитички книговодства, изработуваат финансиски извештаи кои служат за книжење во книговодството и подготвуваат платни листи и други бенефиции на вработените внатре во компанијата или во други претпријатија.

Задачите вклучуваат:

- книжење во книговодство;
- вршење на неопходни пресметки;
- вршење на други ограничени сметководствени и книговодствени задачи;
- контрола и комплетирање на документација која произлегува од деловните односи на вработените;
- пресметка на плати според одработените часови или работа извршена од вработени поединци;
- подготвување и верификување на извештаи за вкупната заработувачка на вработените, износот на плата и одбитоци од плата, даноци, осигурувања и пензии;
- подготовка за исплата на електронска трансакција;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4313.01 Книговодител за пресметка на плата
4313.02 Службеник во платен промет

**СПОРЕДНА ГРУПА 432.**

### Службеници за евиденција на материјалите и транспортот

Службениците за евиденција на материјалите и транспортот водат евиденција и документација за стоки коишто се произведени, купени, складирани, испратени и за материјали потребни за производство, водат оперативни работи и усогласуваат возен ред на патничкиот и товарниот транспорт.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: водење евиденција и документација на произведени, складирани, нарачани и испратени стоки; евидентирање на примените производствени материјали, материјали на залиха или издадени материјали; пресметување на количини на производствени материјали потребни според спецификациите и помош во подготовката и контролата на планираните производствени операции; оперативни задачи и усогласување на возниот ред на патничкиот и товарниот транспорт. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**4321. Магационери и сродни занимања**
**4322. Службеници за производство**
**4323. Транспортни службеници**

## 4321. Магационери и сродни занимања

Магационерите примаат, чуваат и испорачуваат стока. За тоа водат евиденција, изработуваат и чуваат документација.

Задачите вклучуваат:

- организација и контрола на прием и испраќање на стоки и водење на веродостојна евиденција;
- водење на евиденција на залиха на стоки, проверка на издадената стока, известување за состојбата на залихите;
- примање, складирање и издавање на алати, резервни делови или резервна опрема и водење на веродостојна евиденција;
- мерење на стоките што се примени, издадени, произведени или испратени и водење на веродостојна евиденција;
- бележење на инвентар од мебел и други предмети примени за складирање;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4321.01 Работоводител на магацин
4321.02 Главен магационер
4321.03 Магационер
4321.04 Магационер за алат
4321.05 Магационер за издавање на алат
4321.06 Магацински службеник
4321.07 Економ
4321.08 Магационер за гориво и мазиво
4321.09 Магационер за резервни делови

## 4322. Службеници во производство

Службениците во производството, врз основа на добиените спецификации изработуваат нормативи на потребниот материјал за изработка на одделни производи и ја испишуваат потребната работна документација, водат евиденција за потрошеното работно време и загубите во работа, како и евиденција за извршените работи и други административни работи во производството.

Задачите вклучуваат:

- изработка на прегледи за потребниот материјал врз основа на добиената спецификација;
- изработка на прегледи за потребниот капацитет врз основа на добиената спецификација;
- изработка на прегледи за потребните алати врз основа на добиената спецификација;
- верификување на налог за излез на материјали, работни списоци, влезни списоци на производи и останати документи кои спаѓаат во работна документација;
- проверка на залихата, средување на испораката и давање на одложување;
- следење и координирање на текот на работата и материјалите помеѓу одделенијата;
- евиденција за потрошеното работно време и за загубеното работно време по работник;
- евиденција за извршените работни операции;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4322.01 Евидентичар во производство
4322.02 Евидентичар на работна листа
4322.03 Евидентичар на нормативи
4322.04 Поентер-одредувач на норма

## 4323. Транспортни службеници

Транспортните службеници водат оперативни работи и го координираат и усогласуваат возниот ред на железничкиот, патниот и воздушниот транспорт на патници и товар и подготвуваат извештаи за управата.

Задачите вклучуваат:

- водење на оперативни работи и усогласување на возниот ред на патничкиот и товарниот транспорт;
- регулирање на прометот на возови во одредена зона на железничкиот систем и водење на соодветна евиденција;
- насочување, контрола и водење на евиденција за товар во железничкиот сообраќај;
- усогласување на оперативните задачи и водење на записник за оперативните задачи поврзани со патниот сообраќај, како што е планирање на разместувањето и распоредувањето на возилата и возачите, утовар и истовар на возилата и складирање на стоката на пазарот;
- усогласување на оперативните задачи и водење на записник на оперативни задачи поврзани за воздушниот патнички и товарен промет, како што е попис на патници и прикажување на товарот;
- подготвување на извештаи за управата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

4323.01 Маневарски диспечер
4323.02 Диспечер во патен сообраќај
4323.03 Железнички диспечер
4323.04 Авиосообраќаен диспечер
4323.05 Контролор на автобуските сообраќај
4323.06 Контролор на железница
4323.07 Референт за внатрешна контрола на транспорт
4323.08 Испраќач на автобуси
4323.09 Испраќач на возови
4323.10 Испраќач во градскиот сообраќај
4323.11 Контролор за безбедност во сообраќајот

**ПОДГРУПА 44.**

## Други канцелариски службеници

Другите канцелариски службеници опфаќаат вршење на службенички должности во архиви, библиотеки, музеи и поштенски уреди, каде што се вршат задачи на архивирање на документи и останати записи, обработување и издавање на библиотекарска граѓа, подготвување на податоци за обработка, класифицирање, бележење и испорака на пошта, прегледување на текст за печатење, кадровска евиденција и друго.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: архивирање на записи, набавка и обработка на библиотекарска граѓа, издавање и враќање на книги; класифицирање и пополнување на разни документи и други белешки; складирање, евидентирање и доставување на поштенски пратки до пошти, како и од или во претпријатија; шифрирање; коригирање на грешки; вршење на бројни службенички должности. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**441. Други канцелариски службеници**

**СПОРЕДНА ГРУПА 441.**

## Други канцелариски службеници

Другите канцелариски службеници опфаќаат вршење на службенички должности во архиви, библиотеки, музеи и поштенски уреди, каде што се вршат задачи на архивирање на документи и останати записи, обработување и издавање на библиотекарска граѓа, подготвување на податоци за обработка, класифицирање, бележење и испорака на пошта, прегледување на текст за печатење, кадровска евиденција и друго.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: архивирање на записи, набавка и обработка на библиотекарска граѓа, издавање и враќање на книги; класифицирање и пополнување на разни документи и други белешки; складирање, евидентирање и доставување на поштенски пратки до пошти, како и од или

во претпријатија; шифрирање; коригирање на грешки; вршење на бројни службенички должности. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**4411. Службеници во архива, библиотека и музеи**
**4412. Поштари и сродни занимања**
**4413. Шифранти и коректори**
**4414. Писари и слични работници**
**4415. Службеници за сортирање и копирање**
**4416. Службеници за човечки ресурси**
**4419. Други канцелариски службеници, некласифицирани на друго место**

## 4411. Службеници во архива, библиотека и музеј

Службениците во архива, библиотека и музеј вршат задачи поврзани со архивирање, класифицирање и изложување на архивска, музејска и библиотекарска граѓа и даваат услуги на библиотеките.

Задачите вклучуваат:

- водење на библиотечна евиденција во врска со добивање, издавање и враќање на книги и други публикации;
- редење на книги и други материјали на соодветно место;
- одржување на претплата на весници;
- давање на информации и помош на корисниците;
- фотокопирање и умножување на документи и други белешки;
- класификација и систематско пополнување на хартии, документи и други белешки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 4411.01 | Библиотекарски службеник |
| 4411.02 | Архивски службеник за филмотека |
| 4411.03 | Архивски службеник |
| 4411.04 | Службеник за матична евиденција |
| 4411.05 | Фонотекар |
| 4411.06 | Музејски службеник |
| 4411.07 | Нотен архивар |

## 4412. Поштари и сродни занимања

Поштарите вршат оперативни задачи во поштенскиот сообраќај; прием, обработка-класифицирање при испраќање, превоз, доставување, обработка-класифицирање при доставување, испорачување на поштенски и парични пратки.

Задачите вклучуваат:

- ракување со пошта во јавни пошти;
- сортирање и испорака на пошта на приватни адреси и на други места;
- обезбедување на потврда за извршена достава на пратка;
- сортирање и водење на едноставна евиденција за влезната и излезната кореспонденција и распределба на излезната пошта во разни претпријатија;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 4412.01 | Писмоносец |
| 4412.02 | Референт за пошта |

4412.03 Контролор на пошта
4412.04 Поштар

## 4413. Шифранти и коректори

Шифрантите и коректорите ги пренесуваат информациите во кодови (шифри), верифицираат и поправаат грешки и вршат бројни службенички должности.

Задачите вклучуваат:

- шифрирање и класифицирање на информации според шифри за потребите на внес на податоци;
- споредување на текстови и сличен материјал подготвен за печатење со оригиналниот материјал, коригирање на грешки и обележување на текстови за печатење според воспоставени правила;
- распределување на формулари и нивно обележување со идентификациски броеви;
- сортирање на документи за пополнување;
- рачно адресирање на пликоа и циркулари;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4413.01 Шифрант
4413.02 Коректор

## 4414. Писари и слични работници

Писарите и сличните работници пишуваат писма и пополнуваат формулари во корист на неписмени лица.

Задачите вклучуваат:

- читање писма и друг напишан материјал на неписмени лица и неопходно толкување на информациите;
- пишување писма и пополнување формулари во корист на неписмени лица;
- нудење совети на поединци и толкување и помош во пополнувањето на владини и други официјални формулари;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4414.01 Писар

## 4415. Службеници за сортирање и копирање

Службениците за сортирање и копирање ги средуваат по досиеја картичките, фактурите, потврдите и други записници по азбучен и нумерички ред, во зависност од системот што се користи. Тие ги пронаоѓаат и отстрануваат материјалите од досиејата кога се бараат за фотокопирање, скенирање и праќање на факсови.

Задачите вклучуваат:

- сортирање или класифицирање на материјалите според нивната содржина, според критериумот или според хронолошки, алфабетски или нумерички редослед;
- сортирање на материјали во фиоки, плакари и магацински кутии;
- пронаоѓање и отстранување на материјали од досиеја при пребарување;
- чување записници од документирани материјали;
- фотокопирање, скенирање или испраќање на документите по факс;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4415.01 Службеник за архивирање и копирање
4415.02 Службеник за сортирање
4415.03 Службеник за копирање

## 4416. Службеници за човечки ресурси

Службениците за човечки ресурси одржуваат и ажурираат лични евиденции, информации за квалификации, трансфери и унапредувања на вработените, вршат оценување на вработените, евидентираат отсуства како и евиденции поврзани со плата.

Задачите вклучуваат:

- ажурирање на информации и историја на вработените и водат евиденција за отсуства на вработените;
- водат евиденција за боледувања на вработените;
- воведуваат записници за нови вработувања;
- одржуваат и ажурираат пишани процедури, регистрирање на системот за присуство на работното место и подготвување на извештаи и сродни документи за активностите на вработените;
- чување на досиеја на вработените и нивно тековно ажурирање;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4416.01 Службеник за кадровски прашања
4416.02 Асистент за кадровски прашања

## 4419. Други канцелариски службеници, некласифицирани на друго место

Во оваа единечна група се класифицираат занимањата на канцелариски службеници кои не можат да се класифицираат во останатите единечни групи на споредната група 441. Други канцелариски службеници. Тоа се државни канцелариски службеници и други канцелариски службеници според оспособувањето што одговара.

Задачите вклучуваат:

- водење на евиденција и документација за вработените;
- водење на евиденција и документација за службата;
- евиденција на протоколарни и административни работи;
- прибирање на податоци за цените и условите за набавка на стока, следење на извршувањето на договори, соработка во решавањето на рекламации, водење на евиденција за набавка и издавање на стока;
- прибирање и обработка на податоци за истражување на пазарот, евиденција на склучените договори и следење на нивната реализација, издавање на диспозиции, контактирање со шпедитери, подготовка на документи за преговори и царинење, евиденција на останатата комерцијална документација, изработка на пресметки, пишување сметки;
- изнајмување на возила, пловила, облека, разна опрема, видеокасети, соби, наплата на услуги, водење на документација за услугите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
4419.01 Службеник во протокол
4419.02 Административен службеник
4419.03 Технички службеник
4419.04 Службеник за набавка
4419.05 Службеник за продажба

| | |
|---|---|
| 4419.06 | Комерцијален службеник |
| 4419.07 | Бродски брокерски службеник |
| 4419.08 | Фактурист |
| 4419.09 | Службеник во дистрибуција |
| 4419.10 | Видеотекар |
| 4419.11 | Изнајмувач на облека |
| 4419.12 | Изнајмувач на соба |
| 4419.13 | Изнајмувач на возила |
| 4419.14 | Изнајмувач на пловила |
| 4419.15 | Изнајмувач на опрема |

## ГЛАВНА ГРУПА 5.
## РАБОТНИЦИ ВО УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ И ПРОДАЖБА

Работниците во услужните дејности и продажбата даваат лични услуги поврзани со патување, туризам, угостителски услуги, козметички услуги, набавка на храна, одржување на домаќинства, лична нега и згрижување, услуги при заштита од пожар, обезбедување на лица и имот и одржување на јавната безбедност. Исто така, продаваат стока на големо или во продавници на мало, како и продажба на улица и на пазар. За повеќето занимања од оваа главна група потребно е знаење што се стекнува со програмите за средно образование.

Задачите што ги вршат работниците од оваа главна група најчесто вклучуваат: организирање и давање услуги во врска со туристички патувања, одржување на домаќинство, подготовка и сервирање на храна и пијалаци, чување на деца и домашни миленици, основна болничка нега и згрижување на болни и изнемоштени лица во болница или во домашни услови, фризерски и козметичарски услуги, астрологија и претскажување на судбина, погребални услуги, заштита на лицата и недвижниот имот од пожар и недозволени работи, продавање на производи во продавниците на големо и на мало, продажба на пазар, улици и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**51. Работници во персонални служби**
**52. Продавачи**
**53. Занимања за лична нега и сродни занимања**
**54. Занимања за заштита на лица и имот**

## ПОДГРУПА 51.
## Работници во персонални служби

Работниците во персоналните служби даваат лични услуги поврзани со патување, подготовка и сервирање на храна и пијалаци, козметичарски работи, одржување на домаќинства, чување на луѓе и домашни миленици и погребални услуги.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: планирање и организирање на услуги во врска со патувања и придружба, одржување и надзор на домаќинства, подготовка и сервирање на храна и пијалаци, чување на домашни миленици и објекти, фризерски и козметичарски услуги, инструкции за возење, астрологија и претскажување на судбина, погребални услуги и слично. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**511. Придружници при патување, кондуктери и водичи**
**512. Готвачи**
**513. Келнери и шанкери**
**514. Фризери, козметичари и сродни занимања**
**515. Надгледувачи за одржување на згради и домари**
**516. Други работници за лична услуга**

**СПОРЕДНА ГРУПА 511.**

**Придружници при патување, кондуктери и водичи**

Придружниците при патување, кондуктерите и водичите даваат разновидни услуги при патување со авион, воз, брод, автобус и други возила и водење на групи и индивидуални лица на туристички обиколки и излети.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: обезбедување удобност и безбедност на патниците, послужување на храна и пијалаци, давање информации и одговарање на разни прашања поврзани со патувањата, проверка и продажба на билети во возилата на јавниот превоз, придружување на поединци или групи на туристички обиколки и излети, опишување на знаменитости. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5111. Придружници при патување и патнички стјуарди**
**5112. Кондуктери**
**5113. Туристички водичи**

## 5111. Придружници при патување и патнички стјуарди

Придружниците при патување и патничките стјуарди даваат услуги за обезбедување удобност и безбедност на патниците, послужуваат храна и пијалаци, планираат и координираат општествени и социјални активности на патниците.

Задачите вклучуваат:

- поздравување на патниците при влегување во авион, упатување до нивните седишта, проверка на прицврстеноста на појасите и почитување на знаците како што се забрането пушење и друго;
- подготовка на патниците за полетување и слетување;
- објаснување на употребата на сигурносната опрема, како што се појасите за спасување и маските за кислород;
- делење на списанија и весници, слушалки, ќебиња и други предмети, одговарање на прашања;
- послужување на подготвена храна и пијалаци;
- давање мала медицинска помош на патниците;
- преземање на соодветни активности во итни случаи или несреќи;
- преземање на грижа за патниците на аеродромите;
- преземање на грижа за општите потреби и удобноста на патниците во воз, брод и автобус, вклучувајќи и уредување на кабини и послужување на оброци во нив, по барање на патниците;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 5111.01 | Стјуард/стјуардеса на авион |
| 5111.02 | Стјуард/стјуардеса на брод |
| 5111.03 | Стјуард/стјуардеса на аеродром |
| 5111.04 | Стјуард/стјуардеса во кола за спиење |
| 5111.05 | Стјуард/стјуардеса во автобус |
| 5111.06 | Придружник при патување |

## 5112. Кондуктери

Кондуктерите прегледуваат и продаваат билети и се грижат за удобноста и безбедноста на патниците во возови, автобуси и други превозни средства на јавен превоз.

Задачите вклучуваат:

- издавање на билети, прегледување и проверка на важноста на претходно издадените билети;
- заверка на билети при прекин на патувањето;
- преземање на грижа за патниците во вагоните за спиење и другите вагони во патнички воз, вклучувајќи контрола на патничките билети, безбедност на патниците и одговарање на прашања;

- проверка дали се почитуваат регулативите за безбедност;
- информирање на патниците, особено за станиците и врските;
- отворање и затворање на вратите за влез и излез на патниците;
- соработка со возачот за одржување на возниот ред;
- преземање на соодветни активности во итни случаи или несреќи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5112.01 Кондуктер
5112.02 Железнички кондуктер
5112.03 Кондуктер во автобус
5112.04 Контролор на линија

## 5113. Туристички водичи

Туристичките водичи придружуваат поединци или групи на туристички екскурзии, опишуваат знаменитости и обезбедуваат други услови и информации како водичи.

Задачите вклучуваат:
- водење на туристи и грижа за нивната удобност;
- придружување на туристи на туристички екскурзии и запознавање со знаменитостите;
- придружување на туристи во музеи и на изложби и запознавање со експонатите;
- водење на излет во планина, на лов и риболов;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5113.01 Туристички водич
5113.02 Музејски водич
5113.03 Археолошки водич
5113.04 Ловечки водич
5113.05 Водич во планини
5113.06 Спелеолошки водич
5113.07 Спортски водич
5113.08 Галериски водич
5113.09 Водич

**СПОРЕДНА ГРУПА 512.**
**Готвачи**

Готвачите планираат, организираат, подготвуваат и готват храна во кујни, хотели, ресторани и други места за јавна исхрана, на бродови, патнички возови и во домаќинствата.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: планирање на оброци, подготовка на храна, проверка на квалитетот на храната, гарнирање на јадење во порции, подготовка на јадење по порачка, ракување со опремата во кујна, почитување на гастрономски и санитарни правила, одржување на чиста работна околина, надзор и координација на работата на кујнските помошници и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**5120. Готвачи**

## 5120. Готвачи

Готвачите планираат, организираат, подготвуваат и готват храна во кујни, хотели, ресторани и други места за јавна исхрана, на бродови, патнички возови и во домаќинствата.

Задачите вклучуваат:

- планирање на оброци, подготвување и готвење на јадења;
- планирање, надзор и координирање на работата;
- запазување на стандардите и рецептите при подготовка на храна;
- проверување на квалитетот на храната;
- управување со кујнската опрема;
- одржување на чистота во кујната и работната околина;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5120.01 Готвач
5120.02 Помошник готвач
5120.03 Скара мајстор
5120.04 Пица мајстор

**СПОРЕДНА ГРУПА 513.**

**Келнери и шанкери**

Келнерите и шанкерите послужуваат храна и пијалаци во хотели, ресторани, институции, на бродови и патнички возови.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: прием на нарачки и послужување на храна и пијалаци, послужување на алкохолни и безалкохолни пијалаци во бар, достава на винска карта и давање на информации и предлози при изборот на вино, миење на употребените чаши и одржување на чиста работна околина, чистење на послужавници и послужување во нив, собирање на употребени чинии и нивно носење во кујна, доставување на сметка и наплата од гостите. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5131. Келнери**
**5132. Шанкери**

## 5131. Келнери

Келнерите послужуваат храна и пијалаци во хотели, ресторани, клубови, институции, на бродови и во патнички возови.

Задачите вклучуваат:

- поставување на чисти платна на масите, поставување на садови за храна, стакларија и прибор за јадење;
- пречекување на гостите и презентирање на главното мени;
- давање на совети на гостите при изборот на храна и пијалаци;
- прием на нарачки за храна и пијалаци и водење на сметковна евиденција за нив;
- послужување на храна и пијалаци;
- советување за изборот на вина и нивно служење;
- послужување на алкохолни и безалкохолни пијалаци;
- наплата на сметки за дадените угостителски услуги;
- испраќање на гостите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5131.01 Главен келнер
5131.02 Бармен
5131.03 Келнер
5131.04 Помошен келнер

## 5132. Шанкери

Шанкерите подготвуваат, мешаат и сервираат алкохолни пијалаци, коктели и миксови непосредно до потрошувачите на шанкови или посредно преку доставување на келнерите.

Задачите вклучуваат:

- примање на нарачки за пијалаци директно од потрошувачите или, пак, од келнерите и водење на сметковна евиденција за нив;
- идентификација и проверка на возраста на потрошувачите пред да се послужи алкохолен пијалак;
- користење на специјална опрема за подготовка на пијалаците;
- подготовка и послужување на алкохолни, безалкохолни пијалаци и коктели во барот;
- давање на совети за ограничено и умерено консумирање на алкохолните пијалаци;
- естетско подредување на чаши и шишиња на полиците од барот;
- послужување на мини оброци и други прехранбени продукти за посетителите на барот;
- вршење на наплата за дадените угостителски услуги;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5132.01 Шанкер
5132.02 Сервирка
5132.03 Шеф на ноќен бар
5132.04 Шеф на хотелска услуга

**СПОРЕДНА ГРУПА 514.**

**Фризери, козметичари и сродни занимања**

Фризерите, козметичарите и сродните занимања потстрижуваат и уредуваат коса, бричат и обликуваат брада, вршат козметички третмани, како и други третмани за подобрување на изгледот на луѓето.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: потстрижување и обликување на коса, шатирање, бојадисување и фенирање на коса, бричење и уредување на брада, вршење на козметички третман и нанесување на козметички препарати и шминка, обликување и лакирање на нокти на раце и нозе, масажа на лице и тело и други услуги. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5141. Фризери**
**5142. Козметичари и сродни занимања**

## 5141. Фризери

Фризерите и берберите потстрижуваат и уредуваат коса, бричат и обликуваат брада, вршат надградба на коса, шатирање, бојадисување, како и други третмани за подобрување на изгледот на косата.

Задачите вклучуваат:

- потстрижување, миење, бојадисување и кадросување на коса;
- бричење или обликување на брада;
- козметичко третирање на коса;
- миење на коса и фенирање;
- чистење и нанесување на креми, лосиони и слични производи за коса;
- масирање на коса и третман на скалп;
- чистење на работната просторија;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5141.01 Бербер

5141.02 Машки фризер
5141.03 Женски фризер

## 5142. Козметичари и сродни занимања

Козметичарите и сродните занимања вршат козметички третмани, како и други третмани за подобрување на изгледот на лицето и телото.

Задачите вклучуваат:

- чистење и нанесување на креми, лосиони, маски и слични производи на лице и на тело;
- масажа на лице и на тело;
- нанесување на шминка на клиенти за поубав изглед;
- нанесување на шминка на актери и други изведувачи;
- чистење, обликување и лакирање на нокти, лекување на помали заболувања на стапалата како што се задебелување и деформитети на ноктите на нозете;
- помош при капење, основна и професионална масажа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5142.01 Козметичар
5142.02 Маникир
5142.03 Педикир
5142.04 Маскер
5142.05 Масер
5142.06 Шминкер

**СПОРЕДНА ГРУПА 515.**
**Надгледувачи за одржување на згради и домари**

Надгледувачите за одржување на згради и домарите ги координираат, планираат и надгледуваат работите околу чистењето и надгледувањето на персоналот за одржување во комерцијалните, индустриските и станбените простории. Тие ја преземаат одговорноста за одржување и чување на хотели, канцеларии, куќи и приватни станови и даваат услуги во домаќинствата.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: одредување на работни задачи и инспекција на чистотата на градежни објекти и на работите коишто треба да се извршат, надзор и контрола на вработениот персонал во домаќинството, оспособување на работниците и организирање на нивната работа, чистење и одржување на домаќинства, набавка и надзор на набавката на продукти, издавање и снабдување на соодветна опрема и инвентар, проверка и извршување на апликациите за работа, обука на нови работници и пренесување на нови искуства, патролирање на објектите и одржување на безбедноста, давање на препораки, реклами и вршење на трансфери и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5151. Надгледувачи за чистење и водење на домаќинства во канцеларии, хотели и други установи**
**5152. Домашни помошници**
**5153. Чувари на објекти**

## 5151. Надгледувачи за чистење и водење на домаќинства во канцеларии, хотели и други установи

Надгледувачите за чистење и водење на домаќинства во канцеларии, хотели и други установи се грижат за надгледувањето на домарските задачи во врска со одржувањето на чистотата и уредноста на ентериерот и приборот во хотелите, канцелариите и другите установи.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање и надгледување на помошници, чистачи и друг персонал;
- снабдување и контрола на снабдената набавка;
- проверка на складишта и издавање на продукти;

- водење и надзор на состојбата во индивидуални институции;
- чистење, миење и полирање на подови, мебел и други прибори;
- местење на чаршафи, чистење на соби, снабдување со тоалетни предмети;
- чистење на кујни и помагање во кујнска работа, вклучувајќи миење на садови;
- обновување на мини барови со чаши и пијалаци;
- давање на обука на другиот персонал;
- пречекување на гости и вршење на наплата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници;

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 5151.01 | Домар на одморалиште |
| 5151.02 | Домар на планинарски дом |
| 5151.03 | Домар на работничка населба |
| 5151.04 | Домар на студентски дом |
| 5151.05 | Домар на саемски објекти |
| 5151.06 | Домар на спортско - рекреативен центар |
| 5151.07 | Домар на хотел |
| 5151.08 | Економ |

## 5152. Домашни помошници

Домашните помошници организираат, контролираат и вршат домашни работи и услуги во приватни домаќинства, со и без поддршка на останатиот персонал.

Задачите вклучуваат:

- надзор и контрола на вработениот персонал во домаќинството;
- оспособување на работниците и организирање на нивната работа;
- набавка и надзор на набавката на продукти;
- надзор на складирањето и издавањето на продукти;
- пречекување на гости, одговарање на телефонски повици и пошта;
- помош при мали повреди или болести, вршење на работи како што се мерење на температура, давање лекови и ставање на завои;
- чистење на простории, мебел, миење на подни површини и одржување на целокупната хигиена во спална соба и тоалет;
- подготовка на оброци и сервирање на храна и пијалаци;
- одржување на кујна, вклучувајќи и миење на садови;
- грижа за домашни миленици и собни растенија;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 5152.01 | Батлер |
| 5152.02 | Домашен помошник |
| 5152.03 | Домаќин |
| 5152.04 | Домаќин на клуб |
| 5152.05 | Домаќин за одржување на згради и инсталации |
| 5152.06 | Хаусмајстор |

## 5153. Чувари на објекти

Чуварите се грижат за безбедноста на апартмани, куќи, хотели, канцеларии, цркви и други згради, ги одржуваат, чистат и уредуваат. Тие можат да надгледуваат други работници и изведуваат работни обврски независно од големината и природата на градбата.

Задачите вклучуваат:

- надгледување на чистењето, водењето на домаќинства и одржувањето на објекти;
- известување на сопствениците на објектите за потребните поправки и тековните инвестиции;

- учество во поедноставни поправки и одржување на внатрешноста на објектите;
- надзор на печки и бојлери со цел да се обезбеди топла и ладна вода;
- попис на станарите и посетителите и регулирање на редот и мирот во објектите;
- вршење на услуга при отсуство на станари и испораки во нивна корист или давање на информации преку телефонски јавувања;
- учество во процесот на намалување на бучавата и злоупотреба на имотот;
- патролирање на објектите и одржување на безбедноста;
- пополнување на формулари и дистрибуција на правилници за станарските права;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5153.01 Чувар
5153.02 Чувар на куќа
5153.03 Чувар на зграда
5153.04 Чувар на шахта

**СПОРЕДНА ГРУПА 516.**

**Други работници за лична услуга**

Другите работници за лична услуга обезбедуваат услуги од различен карактер како лична придружба и помош на работодавецот, предвидување на идни настани во животот, грижа за домашни миленици, давање на инструкции за возење во сообраќајот, погребални услуги и друго.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: изработка на хороскопи, претскажување на идните настани во животот на лицата со помош на астрологијата, обезбедување на придружба на лица со посебни потреби, вршење на сите видови погребални услуги, чување и давање на нега на домашни миленици и нивна обука и дресирање, обучување на кандидати за учество во сообраќајот според тековните услови за возење и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5161. Астролози, претскажувачи на среќа и иднина и сродни занимања**
**5162. Придружници и сродни помошници**
**5163. Гробарски работници и балсаматори**
**5164. Работници за чување на миленичиња и грижа за животни**
**5165. Инструктори за возење**
**5169. Занимања за лични услуги кои не се класифицирани на друго место**

## 5161. Астролози, претскажувачи на среќа и иднина и сродни занимања

Астролозите, претскажувачите на среќа и иднина и сродните занимања ги раскажуваат минатите и ги претскажуваат идните настани во животот на лицата со помош на астрологијата или на други начини, врз основа на карактеристиките на дланките, според случајно извлечени карти за играње, според позицијата на ѕвездите или според талог од кафе и предвидуваат или советуваат за можниот тек на настаните.

Задачите вклучуваат:
- составување на индивидуални хороскопи на лица според датумот на раѓање или поблизок период и предвидување на идни настани и состојби во нивниот живот;
- одредување на поволен период за одделни човечки активности како што се унапредување, венчавки, патување и други церемонии;
- проучување на положбата на ѕвездите и други феномени врз животот на одредени лица и ситуации;
- толкување на карактеристиките на дланките на клиентите, случајно извлечени карти за играње, талог од кафе, форми и облици на коски од мртви животни;
- претскажување на идни настани врз база на нивно толкување;
- давање совети на лицата да бидат претпазливи со цел да ги избегнат лошите влијанија;
- опоменување и советување за можниот тек на настаните;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5161.01 Астролог
5161.02 Претскажувачи на среќа и иднина
5161.03 Гатачи

## 5162. Придружници и сродни помошници

Придружниците и сродните помошници придружуваат и помагаат во различни и лични потреби на работодавецот.

Задачите вклучуваат:

- придружување на работодавецот на различни места, читање, разговор и учество во активности како што се спорт и друго;
- помош при прием на посетители во домот на работодавецот;
- одржување на гардеробата и личните предмети на работодавецот;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5162.01 Водич на инвалиди
5162.02 Водич на слепи
5162.03 Придружник на инвалиди

## 5163. Гробарски работници и балсаматори

Гробарските работници и балсаматори вршат различни видови на погребални задачи.

Задачите вклучуваат:

- договарање и спроведување на погребна церемонија, кремирање и закопи;
- балсамирање на човечки тела и успорување на процесот на нивно распаѓање;
- сечење и спојување на делови од човечкото тело при настанати осакатувања од незгоди;
- облекување на човечки тела и поставување во ковчег;
- изготвување на некролози и посмртни натписи;
- одржување и чување на гробните места и поблиската околина;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5163.01 Гробар
5163.02 Балсаматор
5163.03 Чувар на гробишта
5163.04 Препаратор

## 5164. Работници за чување на миленичиња и грижа за животни

Работниците за чување на миленичиња и грижа за животни вршат работни задачи поврзани со одгледување, нега и дресирање на домашни миленици во посебни установи, како и други животни во зоолошки градини. Тие се грижат за здравјето на животните и за нивно лекување при болест.

Задачите вклучуваат:

- поење, хранење и надгледување на животни, чистење, перење, дезинфекција и дезинсекција на згради и кафези;
- водење и носење на животни до просторот за лекување и нивно држење за време на третманот, премачкување со креми и масти, потстрижување и преврски на болните животни;
- превоз и транспорт на животни;
- водење на евиденција со информации за животните како што се тежина, големина, физичка активност, внесена храна, дадени лекарства и друго;
- дресирање и обучување на животните за да се достигне посакуваното однесување;
- чистење и стерилизирање на ветеринарни хируршки инструменти;

- мерење на лекови и други препарати и дополнување на залихи;
- стерилизирање на шишиња, лабораториска и друга опрема;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5164.01 Ветеринарен болничар
5164.02 Чувар на домашни миленици
5164.03 Дресер на животни
5164.04 Чувар во зоолошка градина
5164.05 Зоонегувател

## 5165. Инструктори за возење

Инструкторите за возење ги обучуваат кандидатите со практична настава и совети како да управуваат со моторно возило.

Задачите вклучуваат:
- теоретско предавање во врска со сообраќајот и безбедносните прописи на патиштата;
- давање на инструкции на кандидатите за условите на возење и објаснување и демонстрирање на функциите на сопирачките, спојката, менувачот за брзини, звучните и светлечките сигнали и осветлувањето на возилото;
- користење на илустрации и аудио-визуелни помагала за објаснување на ракувањето и управувањето со моторните возила;
- вежбање со кандидатите полигонско паркирање, градско возење и напредни техники за возење во посебни ситуации;
- советување на кандидатите кога се подготвени за полагање на возачкиот испит;
- учење на кандидатите за сообраќајна етика;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5165.01 Инструктор за возење
5165.02 Инструктор по практична настава

## 5169. Занимања за лични услуги кои не се класифицирани на друго место

Оваа единечна група ги опфаќа другите занимања за лични услуги кои не се класифицирани на друго место во подгрупата 51. Работници во персонални служби.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5169.01 Хостеса
5169.02 Танцувачки партнери
5169.03 Проститутка

**ПОДГРУПА 52.**

Продавачи

Продавачите се работници кои демонстрираат и продаваат стоки во продавниците на големо и на мало и во слични претпријатија, во киосци, на пазари и штандови и, исто така, наплатуваат за продадената стока. Тие можат да вршат продажба и преку телефон, од клиентен контакт центар, од врата до врата и слични начини.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: продажба на стока на големи или на мали претпријатија, на пазар, улица, продажни штандови, продажба преку телефон и контактни центри, демонстрирање на стоки за потенцијалните клиенти, редење и изложување на производи за продажба, продажба и служење на храна за непосредна потрошувачка, завиткување и пакување на веќе продадената стока, менување на цените и одредување на производен микс, работа со

скенери за оптичко читање на бар-кодови и банкарски картички, работа на компјутерска каса и друга опрема за наплата на продадената стока. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**521. Продавачи на улица и на пазар**
**522. Продавачи во продавници**
**523. Касиери и продавачи на билети**
**524. Други продавачи**

**СПОРЕДНА ГРУПА 521.**

**Продавачи на улица и на пазар**

Продавачите на улица и на пазари продаваат разновидна стока како, на пример, кожни или текстилни занаетчиски производи, дрвена резба, везени и чипкасти производи, весници, списанија, поштенски разгледници, цигари, чоколади, сладолед на тезги или киосци што обично се поставени со дозвола на посебни места на улица или на друг отворен простор, или продаваат овошје и зеленчук и најчесто топли и ладни лесно расипливи прехранбени производи и пијалаци на пазарите.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: стоење на посебно означени места на улица и на пазар, снабдување или произведување на производи за непречена продажба, продавање на храна и пијалаци на улица и во други отворени простории, транспорт на рачни колички и кошници за да се донесат храната и пијалаците до посакуваното место на улица, кино, спортска сала, транспортни постојки и други јавни места, редење и прикажување на стоката за продажба, пакување на продадената стока, вршење на наплата за продажбата, водење на евиденција за нивото на залихите. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5211. Продавачи на штандови и пазари**
**5212. Улични продавачи на прехранбени производи**

## 5211. Продавачи на штандови и пазари

Продавачите на штандови и пазари продаваат разновидна стока како што се производи од кожа или текстилни занаетчиски производи, дрвена резба, везени и чипкасти производи, весници, списанија, поштенски разгледници, цигари, чоколади, сладолед на тезги или киосци што обично се поставени со дозвола на посебни места на улица или на друг отворен простор, или продаваат овошје и зеленчук и најчесто лесно расипливи прехранбени производи на пазарите.

Задачите вклучуваат:

- добивање од локалните власти дозвола за поставување на штандови на посебни места на улица или друг отворен простор;
- купување и договарање на редовни залихи на разновидна стока за продажба како што се кожни или текстилни занаетчиски производи, дрвена резба, везови или чипки, нивно изложување на штандови и нивна продажба;
- купување и договарање на редовни залихи на весници, списанија, поштенски разгледници, цигари, чоколади, сладолед и нивна продажба на киосци;
- купување од трговци на големо или директно од производителите на свежо овошје и зеленчук или други (најчесто лесно расипливи ) прехранбени производи и продажба на пазарите;
- утовар и истовар на стоката за продажба;
- наплатување на продадена стока;
- водење на евиденција за настанатите трошоци;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5211.01 Продавач на пазар
5211.02 Продавач во киоск
5211.03 Продавач на улична тезга

## 5212. Улични продавачи на прехранбени производи

Уличните продавачи на прехранбени производи подготвуваат и продаваат или продаваат претходно подготвени топли јадења, зеленчук, овошје, сладолед и разни пијалаци, на улица или на јавни места како станици, кина или театри.

Задачите вклучуваат:

- добивање од локалните власти дозвола за продавање на прехранбени производи на посебни места на улица или на друг отворен простор;
- снабдување со храна и пијалаци;
- подготвување, претходно или на самото место, на храна и пијалаци за продажба;
- товарање и растоварање на количка на туркање или камионет заради превоз на храна или пијалаци до саканото место на улица или до јавни места како што се станици или кина;
- изложување на храна и пијалаци;
- наплатување за продадената храна на самото место;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5212.01 Уличен продавач на прехранбени производи
5212.02 Продавач на спортски натпревари, во кина и на приредби

**СПОРЕДНА ГРУПА 522.**

**Продавачи во продавници**

Продавачите во продавници продаваат стока во трговски претпријатија на големо и во малопродажната мрежа и ја објаснуваат употребата и квалитетот на стоката. Исто така, управуваат со мали продавници, ја надгледуваат продажбата и асистираат при наплата за продадената стока.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: изложување на стоката за продажба, продажба и пакување на стоката во трговски претпријатија на големо и во малопродажната мрежа, набавка на производи за продажба, утврдување на политиката на цени и продажната цена, менаџирање и унапредување на продажбата, демонстрирање на позитивните страни на производите, координирање и контрола на активностите на продажните асистенти и оператори во супермаркети, покажување и објаснување на квалитетот и употребата на стоката што се продава, наплатување, давање на гаранција за продадената стока. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5221. Управител на продавница**
**5222. Надзорници во продавница**
**5223. Помошници во продажбата во продавница**

## 5221. Управител на продавница

Управителите на продавници се јавуваат како нивни сопственици и работат самостојно или со поддршка од мал број на други вработени.

Задачите вклучуваат:

- раководење со продавница;
- нарачка и купување на стока за продажба од добавувачи на големо;
- утврдување на продажната политика, ценовната политика и продажниот микс;
- изложување на производите за продажба;
- продажба на производи и советување на потрошувачите за нивната употреба;
- евиденција на залихите и следење на финансиските трансакции;
- донесување на одлуки во врска со застарената стока;
- вршење на попис на производите и инвентарот во продавницата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5221.01 Бакал
5221.02 Продавач
5221.03 Управител на продавница
5221.04 Сопственик на продавница

## 5222. Надзорници во продавница

Надзорниците во продавници ги надгледуваат и координираат активностите на продавниците и продажбата на продажните асистенти и го согледуваат резултатот од работата на претпријатијата на големо и на мало.

Задачите вклучуваат:

- планирање и подготовка на работни планови и давање на специфични должности на вработените;
- инструкции на персоналот за продажба, работни процедури и давање на упатства за справување со комплексни и стресни ситуации;
- давање на предлози на менаџерите за интервју, регрутирање на вработени и селекција, оценување, унапредување, казнување, отпуштање од работа и разгледување на поплаките на персоналот;
- проверка на податоците за природата и квалитетот на производот по барање на купувачот;
- помагање на купувачите при изборот и уверување дека безбедносните процедури се спроведуваат;
- испишување на цени, услови за давање на кредити и попусти;
- пакување и аранжирање на испорачаната стока;
- пишување на сметки и други документи и наплатување;
- евиденција на залихите и правење на навремени нарачки на нова стока во магацинот;
- покажување на производите за продажба заради известување на купувачите за нивните својства и начинот на употреба, како и заради поттикнување на интересот за купување;
- вршење на сродни работи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5222.01 Трговски работоводител
5222.02 Надзорник во продавница

## 5223. Помошници во продажбата во продавница

Помошниците во продажбата во продавница учествуваат во продажбата на производи на големо и на мало и ја објаснуваат употребата и квалитетот на производите.

Задачите вклучуваат:

- давање податоци за разновидни стоки или услуги, како и за условите за продажба;
- изложување на производите и пакување и подготовка за продажба;
- демонстрирање на стоката со запознавање на нејзините главни особини или покажување како се употребува;
- примање на порачки и нивно испорачување на претпријатија и домаќинства;
- дистрибуирање на рекламен материјал и оставање примероци;
- наплатување на продадените производи или услуги;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5223.01 Аквизитер
5223.02 Продавач преку телефон
5223.03 Помошник во продавница
5223.04 Продавач-консултант
5223.05 Продавач-асистент

**СПОРЕДНА ГРУПА 523.**

### Касиери и продавачи на билети

Касиерите и продавачите на билети примаат, директно од клиенти, исплати за купени стоки и услуги во претпријатија како што се продавници и билетари или исплаќаат готовина во банки и слични организации.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: примање и верификување на готовина или на исплати со чек или дебитна и кредитна картичка во продавници, издавање билети во билетари за спортски и културни настани и примање на соодветни наплати, исплата на готовина од банки според напишани нарачки, кредитни документи или според девизната берза и издавање потврди, водење на готовински регистар, примање на готовина од претпријатија, нејзина проверка според документи за продажба и нејзино подготвување за депозит во банка. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5230. Касиери и продавачи на билети**

## 5230. Касиери и продавачи на билети

Касиерите и продавачите на билети примаат директно од клиенти исплати за купени стоки и услуги во претпријатија како што се продавници и билетари или исплаќаат готовина во банки и слични организации.

Задачите вклучуваат:

- примање и верификување на готовина или на исплати со чек или дебитна и кредитна картичка во продавници;
- враќање кусур и издавање потврди;
- издавање билети во билетари и примање на соодветни исплати;
- исплата на готовина, претежно во банки, според напишани нарачки, кредитни документи или според девизната берза и издавање потврди;
- водење евиденција и нејзино усогласување со готовинскиот баланс;
- примање на готовина од претпријатија, нејзина проверка според документи за продажба и нејзино подготвување за депозит во банка;
- исплата на надоместоци на персоналот на претпријатието;
- водење на готовински регистар;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 5230.01 | Бројач на пари |
| 5230.02 | Благајник во трговија |
| 5230.03 | Трезорист |
| 5230.04 | Службеник за банкоматска мрежа |
| 5230.05 | Инкасант |
| 5230.06 | Продавач на билети |
| 5230.07 | Наплатувач на паркинг |
| 5230.08 | Наплатувач на патарина |
| 5230.09 | Касиер |

**СПОРЕДНА ГРУПА 524.**

### Други продавачи

Другите продавачи презентираат и продаваат производи, услуги, храна и друго во јавноста, со исклучок на продажбите на пазар, улица и продавници. Тука се вклучени продажните работници кои не се класифицирани во споредните групи 521. Продавачи на улица и пазар, 522. Продавачи во продавници и 523. Касиери и продавачи на билети.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: позирање за реклама или уметнички креации, рекламирање и покажување на производите за продажба, одговарање на прашања и давање на совети за

користење на стоки и услуги, примање на нарачки и подготвување на аранжмани за плаќање, испорака и наплата на стоки или услуги, приближување на потенцијалните клиенти со одење од врата на врата, преку телефон или други електронски медиуми за комуникација, продажба на штандови за услуга со храна, продажба на гориво и нафтени деривати, масла и други автомобилски производи на услужните станици, обезбедување на услуги за чистење, подмачкување и ситни поправки на моторните возила и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5241. Модни и други модели**
**5242. Демонстратор за продажба**
**5243. Продавачи од врата до врата**
**5244. Продавачи по телефон**
**5245. Послужувачи на услужни станици**
**5246. Послужувачи на храна и помош на присутните**
**5249. Други продавачи, некласифицирани на друго место**

## 5241. Модни и други модели

Модните и други модели носат и покажуваат облека и други предмети за продажба или позираат како модели за реклами или за уметнички креации.

Задачите вклучуваат:

- облекување на примероци на облека или обувки што ги бара клиентот;
- одење, демонстрирање на предметот на најсоодветен начин;
- учество на модни ревии, саеми и изложби;
- позирање како модел за уметничка фотографија, скулптура или слика и рекламен филм;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5241.01 Манекен
5241.02 Моден модел
5241.03 Уметнички модел

## 5242. Демонстратор за продажба

Демонстраторите за продажба покажуваат и продаваат стока во претпријатија на големо и на мало, изложби и приватни домаќинства.

Задачите вклучуваат:

- доставување на стоки од складишта до продажните места и нивно изложување;
- проверка на податоците за природата и квалитетот на производот по барање на купувачот;
- помагање на купувачите при изборот;
- испишување на цени, услови за давање на кредити и попусти;
- пакување и аранжирање на испорачаната стока;
- пишување на сметки и други документи и наплатување;
- покажување на производите за продажба заради известување на купувачите за нивните својства и начинот на употреба, како и заради поттикнување на интересот за купување;
- давање на мостри од производите и дистрибуција на пропаганден материјал;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5242.01 Демонстратор за продажба
5242.02 Презентер

## 5243. Продавачи од врата до врата

Продавачите од врата до врата продаваат стоки и услуги за претпријатија, посетувајќи потенцијални клиенти, најчесто приватни домаќинства, со одење од врата на врата.

Задачите вклучуваат:

- давање детали за различни производи или услуги и за условите на фирмата за продажба, со одење од врата до врата;
- демонстрација на производите со укажување на нивните главни карактеристики или покажување на начинот на којшто тие работат;
- забележување пораки и нивно проследување до фирмата;
- дистрибуирање на рекламна литература или оставање примероци или мостри;
- собирање рати од исплата, по потреба;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5243.01 Продавач од врата до врата

## 5244. Продавачи по телефон

Продавачите по телефон промовираат и продаваат стока и услуги за претпријатија, особено во домаќинства, со употреба на телефон или други електронски комуникациски медиуми. Тие можат да работат од контакт центар за клиенти или од децентрализирани простории.

Задачите вклучуваат:

- давање детали за различни производи или услуги и за условите на фирмата за продажба, со телефонирање или други електронски комуникации;
- информирање за производите со укажување на нивните главни карактеристики или објаснување на начинот на којшто тие работат;
- забележување пораки и нивно проследување до фирмата;
- закажување и организирање на состаноци за продажба помеѓу демонстраторите и клиентите;
- дистрибуирање на рекламна литература или испраќање примероци или мостри;
- известување до менаџерите за конкурентските активности и прашањата од клиентите;
- одржување на статистика за направени повици и постигнати успеси;
- поднесување на периодични извештаи за постигнатите резултати и телемаркетинг активности;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5244.01 Продавач по телефон
5244.02 Продавач во контакт центар
5244.03 Интернет продавач

## 5245. Послужувачи на услужни станици

Послужувачите на услужни станици продаваат гориво, масла и други автомобилски производи, даваат услуги како што се снабдување со гориво, чистење, подмачкување и вршење на ситни поправки на моторните возила.

Задачите вклучуваат:

- полнење на резервоари за гориво според потребите на потрошувачите;
- проверка и обновување на воздух под притисок во гумите на возилото, проверка на нафта, масло и други течности во возилото;
- миење на ветробрански стакла и прозорци;
- вршење на ситни поправки на возила како што е замена на пневматици, сијалички, бришачи за стакло и друго;
- одржување на оперативни и автоматски капацитети;

- чистење и одржување на бензински пумпи и околни патеки, магацини и други помошни објекти;
- евиденција и контрола на продаденото гориво, масло и други придружни производи;
- наплатување на дадените услуги;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5245.01 Раководител на бензинска пумпа
5245.02 Раководител на услужен објект
5245.03 Работник на бензинска пумпа
5245.04 Помошник на пристаниште
5245.05 Помошник во сервисна станица

## 5246. Послужувачи на храна и помош на присутните

Послужувачите на храна и помош на присутните ги послужуваат клиентите со храна, подготвуваат едноставни прехранбени продукти во ресторани, кафулиња, хотели, продавници за брза храна, болници и други објекти.

Задачите вклучуваат:
- служење храна на клиентите преку шалтер;
- давање на помош на клиентите во изборот на храна и додатоци на храната;
- користење на опрема и електрични апарати за подготовка на храна;
- подготовка на едноставни прехранбени продукти и загревање на оброци;
- делење на храна, нејзино пакување или сервирање во послужавник;
- евидентирање на потрошените производи и правење на нарачка на нови продукти;
- наплата на послужената храна;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5246.01 Послужувач на храна
5246.02 Сервирач на салати
5246.03 Помошник во кафе бар
5246.04 Работник во бифе
5246.05 Кафе-кувар
5246.06 Угостителски работник

## 5249. Други продавачи, некласифицирани на друго место

Во оваа единечна група се вклучуваат продажните работници кои не се класифицирани на друго место во подгрупата 52. Продавачи.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5249.01 Други продавачи

**ПОДГРУПА 53.**

**Занимања за лична нега и сродни занимања**

Занимањата за лична нега и сродните занимања обезбедуваат услуги како што се чување и надзор на деца, помагање во грижата за школски деца, вршат различни задачи и помош на болни лица или лица со посебни потреби, им помагаат на стручњаците за болничка нега во вршењето на работи во болници и други институции, како и давање на лична нега во домашни услови.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: грижа за деца и воспитно-образовна пракса, помош при осознавање на социјални вештини, анимација во активности кои им помагаат на децата во физичкиот, социјалниот, емотивниот и интелектуалниот развој во училишната и на предучилишна возраст, помош при мобилност и лични потреби, основна болничка и слична нега на лица во болници и слични институции како и во домашни услови, следење на здравствената состојба на

згрижените лица и известување до одговорните служби. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**531. Занимања за згрижување на деца и наставничка помош**

**532. Занимања за лична нега во здравството**

**СПОРЕДНА ГРУПА 531.**

**Занимања за згрижување на деца и наставничка помош**

Работниците за згрижување на деца и наставничка помош се грижат за деца и ги надгледуваат нивните дневни активности во посебни установи или во домашни услови.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: давање на поединечна помош на деца за осознавање на социјални вештини, анимација и учество во активности кои го подобруваат физичкиот, социјалниот, емотивниот и интелектуалниот развој на децата во училиштата и на претшколска возраст, вклучување на децата во едукативни процеси и давање на помош во подготовка на материјали и опрема, организирање на рекреативни активности за децата за време на одмор и во дневни центри. Задачите може да вклучуваат и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5311. Занимања за згрижување на деца**

**5312. Помошен наставник**

## 5311. Занимања за згрижување на деца

Работниците за згрижување на деца се грижат за деца и ги надгледуваат нивните дневни активности во посебни установи или во домашни услови.

Задачите вклучуваат:

- помагање при перење, капење, облекување и нивно хранење;
- водење на децата во и од училиште или на рекреативни активности;
- играње со децата или забавување на децата со читање или раскажување на приказни;
- давање на помош при едукација на децата;
- водење на грижа за социјалниот, културниот, емотивниот и интелектуалниот развој на децата;
- одржување на дисциплината на децата до дозволено ниво;
- одржување на ред во собите за спиење и играње;
- чување на децата на подолго или пократко време;
- грижење за децата за време на училишни екскурзии, посети на музеи, летување и други излети;
- водење на евиденција за децата за нивните активности, оброци и земање на лекови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 5311.01 | Негувателка на деца (домашна) |
| 5311.02 | Пазителка на деца |
| 5311.03 | Дадилка |
| 5311.04 | Професионален згрижувач на деца во домашни услови |
| 5311.05 | Негувател на деца во градинка |

## 5312. Помошен наставник

Помошните наставници вршат едукативни активности и им помагаат на наставните кадри во обезбедувањето заштита и надзор на децата од училишна и предучилишна возраст.

Задачите вклучуваат:

- поединечно помагање на децата за осознавање на социјални вештини;
- помош на децата со пречки во развојот за побрзо совладување на материјалот;
- собирање и дистрибуција на материјал за лекции;

- подготовка на внатрешни и надворешни области за учење како и рекреативни активности;
- анимирање на децата да учествуваат во активности кои го подобруваат физичкиот, социјалниот, емотивниот и интелектуалниот развој на училишна и предучилишна возраст;
- грижење за децата за време на училишни екскурзии, посети на музеи, летување, зимување и други излети;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5312.01 Помошен наставник за предучилишна возраст
5312.02 Помошен наставник за училишна возраст

**СПОРЕДНА ГРУПА 532.**
**Занимања за лична нега во здравството**

Работниците за лична нега во здравството обезбедуваат услуги за лична нега и помош во мобилноста и активностите на секојдневниот живот на пациенти, стари и изнемоштени лица и воени инвалиди, како во болнички установи, така и во домашни услови, под надзор на соодветни медицински стручњаци или други здравствени професионалци и соработници.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: помош на болни во нивната мобилност, основна болничка и слична нега во болница и слични институции, како и на пациенти во нивните домови, лична нега и комуникациски потреби, подготовка на пациенти за испитување и лекување, следење на медицинската историја и состојбата на болните и известување на останатиот медицински персонал на повисоко ниво, давање на здравствени совети, учество во планирањето за заштита на поединците. Задачите може да вклучуваат и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5321. Помошници за здравствена грижа**
**5322. Негувател на болни лица во домашни услови**
**5329. Занимања за лична нега во здравството, некласифицирани на друго место**

## 5321. Помошници за здравствена грижа

Помошниците за здравствена грижа во здравствени институции обезбедуваат секојдневна директна лична нега и се грижат за личната хигиена на болните под надзор на соодветни медицински стручњаци или други здравствени професионалци и соработници.

Задачите вклучуваат:

- обезбедување на помош и заштита на пациентите и жителите на здравствените установи;
- помош на лица при одење и станување од кревет и соодветно пресоблекување;
- менување на постелнина и помош на лицата при капење и при вршење на физиолошки потреби;
- служење храна и хранење на пациенти на кои им е потребно;
- потсетување и проверување дали лицето ги зело потребните лекови;
- следење на здравствена евиденција на болните и информирање на одговорните лица;
- одржување чистота на околината на болниот со примена на дезинфекциски средства;
- транспорт и придружба на болните внатре во здравствената институција;
- давање на помош при движење со инвалидска количка;
- масажа и други нефармаколошки третмани;
- подготвување на прибор за стерилизација;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5321.01 Болнички послужител
5321.02 Болничка негувателка
5321.03 Помошна болничарка

## 5322. Негувател на болни лица во домашни услови

Негувателите на болни лица се грижат за разни лични потреби и, воопшто, пружаат лична нега на лица на кои им е потребна таква нега во домашни услови, поради болест, физичка и психичка слабост, инвалидност или намалена способност поради старост.

Задачите вклучуваат:

- помош на лица при одење и станување од кревет и соодветно пресоблекување;
- давање на помош при движење со инвалидска количка;
- менување на постелнина и помош на лицата при капење и при вршење на физиолошки потреби;
- служење храна и хранење на пациенти на кои им е потребно;
- потсетување и проверување дали лицето ги зело потребните лекови;
- следење на здравствената евиденција на болните;
- следење на секој знак на опаѓање на здравствената состојба на лицето и известување на надлежниот лекар или социјалната служба;
- давање на психичка поддршка на пациентите преку разговор или гласно читање;
- обазбедување на емотивна поддршка, информации и совети на членовите на потесното семејство на болните;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5322.01 Негувател на болни лица (во куќа)
5322.02 Негувател на лица со развојни тешкотии
5322.03 Негувател на стари и немоќни лица
5322.04 Професионален негувател на болни лица во домашни услови

## 5329. Занимања за лична нега во здравството, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група ги опфаќа услужните работници и негуватели кои не се класифицирани на друго место во споредната група 532. Занимања за лична нега во здравството.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5329.01 Дезинфектор
5329.02 Стерилизатор

**ПОДГРУПА 54.**

### Занимања за заштита на лица и имот

Работниците за заштита на лица и имот заштитуваат лица и имот од пожар и други опасности, одржуваат ред и мир и се придржуваат на одредбите на законските регулативи, ако е потребно и со употреба на сила.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: спречување и гасење на пожар, спасување на лица, имоти и стоки за време и по пожари и несреќи, одржување на ред и закон, регулирање на сообраќај и преземање на овластување при сообраќајни несреќи, надгледување и одржување на дисциплина помеѓу затворениците во затвор и лицата во воспитно-поправните домови, патролирање и надгледување на деловни простории и заштита на лица и имот. Задачите може да вклучуваат и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**541. Занимања за заштита на лица и имот**

**СПОРЕДНА ГРУПА 541.**

### Занимања за заштита на лица и имот

Работниците за заштита на лица и имот заштитуваат лица и имот од пожар и други опасности, одржуваат ред и мир и се придржуваат на одредбите на законските регулативи, ако е потребно и со употреба на сила.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: спречување и гасење на пожар, спасување на лица, имоти и стоки за време и по пожари и несреќи, одржување на ред и закон, регулирање на сообраќај и преземање на овластување при сообраќајни несреќи, надгледување и одржување на дисциплина помеѓу затворениците во затвор и лицата во воспитно-поправните домови, патролирање и надгледување на деловни простории и заштита на лица и имот. Задачите може да вклучуваат и надзор на соработниците.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**5411. Пожарникари**
**5412. Полиција**
**5413. Затворски стражари**
**5414. Обезбедување**
**5419. Занимања за заштита на лица и имот кои не се класифицирани на друго место**

## 5411. Пожарникари

Пожарникарите спречуваат пожар и вложуваат напори да се изгаснат пожари, да се спасат лица, имот и стоки за време и по пожари, природни непогоди и големи несреќи.

Задачите вклучуваат:

- преземање на активности за спречување и гасење на пожари на отворен или во затворен простор;
- гасење на специфични пожари и користење на специфична опрема со противпожарни супстанции при пожар на индустриски постројки, аеродроми и слични објекти;
- спречување и гасење на пожари во оштетени авиони и спасување на патници и екипаж;
- спасување на лица, имот и стоки за време и по пожари, природни непогоди и сообраќајни несреќи;
- спречување или ограничување на ширење на опасни материи во случај на пожар, природни непогоди и сообраќајни несреќи;
- информирање на јавноста за противпожарна заштита;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5411.01 Командир на пожарна
5411.02 Водач на смена на пожарникари
5411.03 Пожарникар
5411.04 Противпожарен техничар
5411.05 Спасувач од пожар
5411.06 Раководител на служба за противпожарна заштита
5411.07 Референт за противпожарна заштита

## 5412. Полиција

Полицајците одржуваат јавен ред и почитување на законските одредби и прописи, ако е потребно и со употреба на сила.

Задачите вклучуваат:

- одржување на јавен ред со примена на законските прописи и одредби;
- заштита на лица и имот од опасности и незаконски дела;
- регулирање на сообраќајот и преземање на овластувања при сообраќајни несреќи;
- обиколка на државната граница поради сопирање на лица кои илегално ја минуваат границата и спречување на илегален увоз или извоз на стоки и валути;
- проверка на патнички документи на лица при рутински контроли;
- апсење на лица поради прекршување на закони;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

5412.01 Полицаец
5412.02 Полицаец службеник
5412.03 Полицаец позорникар

5412.04 Сообраќаен полицаец
5412.05 Полицаец специјалец
5412.06 Граничен полицаец
5412.07 Полициски детектив
5412.08 Полициски резервист

## 5413. Затворски стражари

Затворските стражари надгледуваат и одржуваат дисциплина меѓу затворениците во затворите и воспитно-поправните домови.

Задачите вклучуваат:

- претрес на новопристигнатите затвореници, преземање на нивните работи и сместување на сигурно место;
- придружување на затворениците до ќелиите и нивно заклучување внатре;
- периодични инспекциски обиколки на ќелиите и безбедносна проверка на вратите и прозорците на објектот ;
- надзор на затворениците при работа, за време на јадење, при рекреативни прошетки и спортување;
- патролирање во кругот на затворот за одржување на дисциплина и спречување на бегство;
- придружување на затворениците кога се отсутни;
- давање на помош при едукативни програми;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5413.01 Заповедник
5413.02 Заменик-заповедник
5413.03 Главен командир
5413.04 Командир
5413.05 Помошник-командир
5413.06 Надзорник

## 5414. Обезбедување

Вработените во обезбедување и сродните занимања вршат вратарски должности во станбени згради и деловни објекти, се грижат за паркинзи, чуваат куќи и друг имот од незаконско влегување, вандализам или кражба и откриваат пожари и други опасности, го одржуваат редот и ги спроведуваат прописите на јавни настани, вршат обезбедување на лица, собираат билети или вршат разводнички задачи.

Задачите вклучуваат:

- обиколка на згради и одредени области за да се спречат кражби, насилство, прекршување на закони или други регулативи;
- работа како вратар во хотели и пречекување и испраќање на гости, помош околу нивниот багаж, давање клучеви или информации за насоките на движење;
- работа како вратари во станбени згради, проверка на правото за влез на посетители и давање потребни информации;
- чување на куќи и друг имот од незаконско влегување или кражба, пожар и други опасности;
- контрола на пристапот во објекти, влез и излез на вработени и посетители, проверување на идентификациони документи и делење на пропусници;
- вршење на безбедносни проверки на патници и багаж на аеродромите;
- вршење на должности на телохранител;
- доколку е потребно, употреба на сила за да се запрат натрапници;
- собирање билети во кина, театри, циркуси и слични места;
- грижа за гардероби и тоалети на јавни места;

- обезбедување на сигурносна достава на пари и други вредности на банки, банкомати и сефови;
- грижа за паркинзи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5414.01 Чувар (заштита на лица и имот)
5414.02 Телохранител
5414.03 Портир (заштита на лица и имот)
5414.04 Гардеробер
5414.05 Чувар на багаж
5414.06 Опслужувач во забавен парк
5414.07 Рецепционер
5414.08 Послужител
5414.09 Билетар
5414.10 Работник на паркинг
5414.11 Обезбедувач (заштита на лица и имот)

## 5419. Занимања за заштита на лица и имот кои не се класифицирани на друго место

Оваа единечна група ги содржи сите други занимања за заштита што не се класифицирани на друго место во споредната група 541. Занимања за заштита на лица и имот.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
5419.01 Ловочувар
5419.02 Надзорник на природни паркови
5419.03 Рендгенски прегледувач на лица, багаж и поштенски пратки
5419.04 Спасувач на давеници
5419.05 Шинтер
5419.06 Рибочувар
5419.07 Шумски полицаец

**ГЛАВНА ГРУПА 6.**
**СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО, РИБАРСТВОТО И ЛОВОТ**

Стручните работници во земјоделството, шумарството, рибарството и ловот одгледуваат и берат полиња и жнеат жита, собираат диво овошје и растенија, одгледуваат, хранат или ловат животни, произведуваат бројни животински или полјоделски производи, култивираат, чуваат и експлоатираат шуми, одгледуваат или ловат риби и култивираат или собираат други форми на воден живот за да обезбедат храна, засолниште, приход за себе и своите домаќинства. Повеќето занимања од оваа главна група бараат обученост од второ ниво според ISCO.

Задачите што ги вршат работниците во оваа главна група најчесто вклучуваат: подготвување на почвата; сеење, садење, прскање, ѓубрење и жнеење на полињата со жита; одгледување на овошје и други дрва и берење на плодови; одгледување на градинарски зеленчук и хортикултурни производи; одгледување или собирање на диви овошја, медицински и други растенија; одгледување, хранење, чување или ловење на животни за да се добие месо, млеко, крзно, кожа, пчеларски или други производи; култивирање, зачувување и експлоатирање на шуми; хранење, одгледување или ловење риби; култивирање или собирање на други форми на воден живот; собирање и изведување на некои основни процеси на нивното производство; продавање на нивните производи на купувачи, пазарни организации или на пазари. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**61. Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници**

**62. Пазарно ориентирани работници во шумарство, рибарство и лов**

**Забелешка:**

Занимањата во земјоделството, шумарството, рибарството и ловот со претежно директорски задачи треба да се класифицираат во главната група: 1. Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори. Работниците кои претежно ракуваат со земјоделски и шумарски машини треба да се класифицираат во главната група: 8. Ракувачи и составувачи на машини и постројки. Работниците кои вршат едноставни и рутински задачи за кои, главно, е потребна употреба на рачен алат, физички напор и за коишто најчесто е потребно мало или никакво претходно искуство и познавање на работата и ограничена иницијатива и процена, треба да бидат класифицирани во главната група 9. Елементарни занимања.

**ПОДГРУПА 61.**

## Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници

Пазарно ориентираните стручни земјоделски работници планираат и изведуваат стопански неопходни операции за одгледување и берба на полиња со житни култури, одгледуваат градинарски зеленчук, медицински и други растенија, одгледуваат овошни и лозови насади, собираат диво овошје и растенија, хортикултурни расадни производи, одгледување и чување на животни како што се овци, говеда, свињи, кози, коњи и други животни, вклучувајќи птици, рептили, животни со крзно, живина и инсекти за да произведат бројни животински и полјоделски производи за исхрана, обработка, за продажба или испорака врз регуларна основа на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: подготвување на почвата; сеење, садење, прскање, ѓубрење и жнеење на полињата со жита; одгледување на овошје и други дрва и берење на плодови; одгледување или собирање на диви овошја; одгледување на градинарски зеленчук и хортикултурни производи; медицински и други растенија; одгледување, хранење и чување на животни и живина за да се добие месо, млеко, јајца, крзно, кожа, пчеларски или други производи; изведување на некои основни процеси на нивното производство; продавање на нивните производи на купувачи, пазарни организации или на пазари и друго. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**611. Полјоделци, овоштари, лозари и градинари**

**612. Одгледувачи на животни**

**613. Земјоделци за мешовито производство ( растително, добиточно и други)**

**СПОРЕДНА ГРУПА 611.**

## Полјоделци, овоштари, лозари и градинари

Полјоделците, овоштарите, лозарите и градинарите планираат и изведуваат неопходни операции за одгледување и жнеење на полјоделски жита, за одгледување на овошни и други дрва и садници, одгледуваат градинарски зеленчук и медицински и други растенија, мешовито производство и произведуваат хортикултурни расадни производи за продажба или испорака врз регуларна основа на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: одредување на различни видови и количества на полјоделски, дрвни и растенија што се берат, а треба да бидат одгледани, како и зеленчук и хортикултурни производи, вклучувајќи и хортикултурни расади; купување семиња и ѓубрива; издавање или инвестирање во земја и во нејзино подобрување, инвестирање во згради, животни за работа, земјоделска опрема и машини или нивно изнајмување; подготвување на земјиштето, сеење, садење, култивирање и жнеење на разни жита; одгледување на животни за работа и одржување на помошните згради, машини и опрема; производство на корени, расади и семе, складирање и вршење на некои основни процеси на нивно производство; испорака или изнесување на пазар на полјоделски производи и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**6111. Одгледувачи на полјоделски род и зеленчук**

**6112. Овоштари и лозари**

**6113. Занимања за подобрување на градинарството и хортикултурно уредување**

**6114. Одгледувачи на мешовито производство**

## 6111. Одгледувачи на полјоделски род и зеленчук

Одгледувачите на полјоделски род и зеленчук планираат и вршат работи потребни за одгледување и жнеење на разни видови растенија како што се пченка, пченица, јачмен и други жита, ориз, шеќерна трска, шеќерна репка, тутун, кикиритки и други видови полски растенија, компири, цвекло, зелка и други видови полски зеленчук и зелјести растенија. Одгледувачите собираат плодови за обработка или продажба и испорака врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или пазари.

Задачите вклучуваат:

- одгледување на видови и количества на растенија што треба да се одгледуваат;
- купување на семе, ѓубриво и други резерви;
- рентирање или вложување во земја и во нејзино подобрување, во згради, животни за работа, опрема и земјоделски машини или, пак, нивно изнајмување;
- вршење на земјоделски операции како што се подготвување на земјиштето, сеење, садење, култивирање и жнеење на растенија и полски зеленчук; подготовка на земјиштето за одгледување расадници, навремено наводнување, прскање против штетници и берење на плодовите;
- одржување на насадите со кроење, режење, пресадување и вкрстување на разни сорти;
- складирање, класифицирање, пакување и основна доработка и преработка на производите;
- одгледување на животни за работа и одржување на помошни згради, механизација и опрема;
- промовирање и маркетинг на производите;
- испорака или продажба на полјоделски производи и зеленчук;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6111.01 Полјоделец
6111.02 Полјоделец за наводнување
6111.03 Расадничар
6111.04 Сеач
6111.05 Одгледувач на печурки

## 6112. Овоштари и лозари

Овоштарите и лозарите планираат и вршат работи потребни за одгледување и собирање плодови од овошки, лозници и џбунести растенија. Овоштарите и лозарите собираат плодови за обработка или продажба и испорака врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или пазари.

Задачите вклучуваат:

- одгледување на видови и количества на растенија што треба да се одгледуваат;
- купување на семе, ѓубриво и други резерви;
- рентирање или вложување во земјата и во нејзиното подобрување, во згради, животни за работа, опрема и машини или, пак, нивно изнајмување;
- вршење на земјоделски операции како што се подготвување на земјиштето, сеење, садење, култивирање;
- подготовка на земјиштето за одгледување расадници, овоштарници и лозници;
- сеење и садење на овошни и лозни садници, негување на овошки и винова лоза, навремено наводнување, прскање против штетници и берење плодови;
- одржување на насадите со кроење, режење, пресадување и вкрстување на разни сорти;
- складирање, класифицирање, пакување и основна доработка и преработка на производите;
- одгледување на животни за работа и одржување на помошни згради, механизација и опрема;
- промовирање и маркетинг на производите;
- испорака или продажба на производи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6112.01 Овоштар

6112.02 Лозар
6112.03 Лозар - подрумар
6112.04 Режач (кројач на овошки)

## 6113. Занимања за подобрување на градинарството и хортикултурно уредување

Занимањата за подобрување на градинарството и хортикултурно уредување планираат и вршат неопходни операции за одгледување на градинарски култури со интензивни култивациони техники за да култивираат дрва, грмушки, цвеќиња и други растенија, и за да произведуваат млади стебла, луковици (корени) и семе за продажба или испорака врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари. Уредуваат паркови и зелени површини.

Задачите вклучуваат:

- одредување на видови и количества на растенија што треба да се одгледуваат;
- купување на семе, ѓубриво и други резерви;
- рентирање или вложување во земјата и во нејзиното подобрување, во згради, животни за работа, опрема и машини или, пак, нивно изнајмување;
- вршење на земјоделски операции како што се подготовка на почва, сеење, одгледување на градинарски култури со интензивна култивација, култивирање на цвеќиња, дрва или грмушки и собирање на плодови;
- производство на млади стебла, луковици (корени) и семе;
- култивирање на цвеќиња, дрва, грмушки, трева и на други украсни растенија во паркови или во јавни или приватни градини;
- одгледување на растенија за изложба или за медицински цели;
- подготвување и вршење на некои основни процеси во нивното производство;
- одгледување на животни за работа и одржување на помошни згради, механизација и опрема;
- промовирање и маркетинг на производите;
- испорака или продажба на градинарски и хортикултурни растенија;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
6113.01 Градинар
6113.02 Градинар, специјалист
6113.03 Градинар за паркови
6113.04 Одржувач на спортски терени и зеленило
6113.05 Градинар за садење
6113.06 Одгледувач на лековити билки
6113.07 Одгледувач на цвеќиња
6113.08 Одгледувач на хортикултурни растенија

## 6114. Одгледувачи на мешовито производство

Одгледувачите на мешовито производство на култури планираат, организираат и вршат неопходни операции за одгледување на специфични комбинации на полјоделски култури, раноградинарски зеленчук, овошни насади, џбунести растенија, градинарски култури, хортикултурни насади и семиња за продажба или испорака врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите вклучуваат:

- одгледување на видови и количества на растенија што треба да се одгледуваат;
- купување на семе, ѓубриво и други резерви;
- рентирање или вложување во земјата и во нејзиното подобрување, во згради, животни за работа, опрема и земјоделски машини или, пак, нивно изнајмување;
- производство на млади стебла, луковици (корени) и семе;

- вршење на земјоделски операции како што се подготвување на земјиштето, сеење, садење, култивирање и жнеење на полјоделски растенија, раноградинарски зеленчук, овошни насади и хортикултурни насади; подготовка на земјиштето за одгледување расадници, навремено системско наводнување, прскање против штетници и берење на плодовите;
- одржување на насадите со кроење, режење, пресадување и вкрстување на разни сорти;
- складирање, класифицирање, пакување и основна доработка и преработка на производите;
- подготвување и вршење на некои основни процеси во производството;
- одгледување на животни за работа и одржување на помошни згради, механизација и опрема;
- промовирање и маркетинг на производите;
- испорака или продажба на мешовити производи на пазарот;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6114.01 Земјоделец за мешани култури
6114.02 Фармер

**СПОРЕДНА ГРУПА 612.**

**Одгледувачи на животни**

Сточарите планираат и вршат неопходни операции за исхрана, одгледување и чување на животни како што се овци, говеда, свињи, кози, коњи и други животни, вклучувајќи птици, рептили, животни со крзно, живина, дивеч и за да произведат бројни животински и полјоделски производи, за исхрана, обработка, за продажба и испорака на регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: одредување на видови и количества на крупен добиток, живина, дивеч, птици, рептили, пчели, свилени болви и други животни што треба да се одгледуваат; купување на животни, производство и купување на крма и на други резерви за исхрана; рентирање или инвестирање во пасишта и во подобрување на земјиштето, згради, машини и опрема, крупен добиток и други животни; вршење на земјоделски операции како што се хранење и одгледување на добиток, живина и друго и производство на различни животински и полјоделски производи; следење и испитување на животните за откривање на болести и повреди, проверка на физичката состојба на животните, помагање на животните во работите поврзани со репродукција и вештачко осеменување; одржување и чистење на сточарски згради, машини и опрема; испорака на земјоделски производи на пазар. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**6121. Сточари и млекопроизводители**
**6122. Живинари**
**6123. Пчелари и слични занимања**
**6129. Одгледувачи на животни, некласифицирани на друго место**

## 6121. Сточари и млекопроизводители

Сточарите и млекопроизводителите вршат неопходни операции за исхрана, одгледување и чување на крупен добиток како што се говеда, свињи, овци, кози, коњи, кучиња или мачки за да се употребат како животни за работа, спортување или како миленици, како и за месо, млеко, влакна, кожа и крзно и други производи за продажба или испорака врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите вклучуваат:

- одредување на видови и количества на крупен добиток и добиточни производи што треба да се произведат;
- купување на животни, производство и купување на крма и на други резерви за исхрана;
- рентирање или инвестирање во пасишта, згради, опрема и машини;
- хранење, поење, одгледување и чување на животни;

- водење на здравствена евиденција за животните;
- секојдневна грижа за животните;
- вршење на работи поврзани со репродукција и приплод на животните;
- молзење на животните за добивање на млеко и стрижење на овци;
- колење и дерење на животни и подготвување на животни или животински производи за пазар;
- подготвување и вршење на некои основни процеси на производство;
- вежбање на животни за трки, циркуски претстави и слично;
- одржување и чистење на сточарски згради, машини и опрема;
- промовирање и маркетинг на животните и производите;
- испорака на пазарни добиточни производи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6121.01 Сточар
6121.02 Одгледувач на говеда
6121.03 Одгледувач на добиток
6121.04 Одгледувач на овци и кози
6121.05 Одгледувач на добиточен подмладок
6121.06 Одгледувач на свињи
6121.07 Одгледувач на коњи
6121.08 Одгледувач на кучиња
6121.09 Одгледувач на мачки

## 6122. Живинари

Живинарите планираат и вршат неопходни операции за исхрана, одгледување и чување на живина, за продажба или испорака на јајца, месо или пердуви врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите вклучуваат:

- одредување на видови и количества на живина и живинарски производи што треба да се произведат;
- купување пилиња, одгледување и купување на храна и на други резерви;
- рентирање или инвестирање во згради, опрема и машини;
- хранење, поење, одгледување и чување на живина и собирање на јајца;
- водење на здравствена евиденција за живината;
- секојдневна грижа за живината;
- вршење на работи поврзани со репродукција и испилување на живината;
- колење, уредување и пакување на живина и јајца за испорака;
- подготвување и вршење на некои основни процеси на производство;
- одржување и чистење на живинарски згради, на машини и опрема;
- промовирање и маркетинг на живината и производите;
- испорака на пазарни живинарски производи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6122.01 Живинар

## 6123. Пчелари и слични занимања

Пчеларите и сличните занимања планираат и вршат неопходни операции за исхрана, одгледување и чување на инсекти, медоносни пчели, свилени болви и други инсекти за производство и продажба на мед и производи од мед, восок, свила или други производи врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите вклучуваат:

- купување или подигање на неопходни живеалишта, на отворен или затворен простор, опрема и нивно одржување;
- одредување на видови и количества на инсекти што треба да се одгледуваат;
- купување на инсекти, одгледување и купување на храна или други резерви;
- хранење, напојување, одгледување и чување на инсекти;
- водење на здравствена евиденција за инсектите;
- вршење на работи поврзани со репродукција и приплод на инсектите;
- секојдневна грижа за инсектите и преземање на мерки за заштита;
- подготвување и вршење на некои основни процеси на производство;
- преземање на соодветни мерки за претпазливост;
- одржување и чистење на живеалиштата, на машините и опремата;
- промовирање и маркетинг на инсектите и производите;
- испорака и продажба на производи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6123.01 Пчелар
6123.02 Одгледувач на свилени болви

## 6129. Одгледувачи на животни, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа одгледувачи на животни кои не се класифицирани на друго место во споредната група 612. Одгледувачи на животни.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6129.01 Одгледувач на разни животни
6129.02 Одгледувач на лабораториски животни
6129.03 Одгледувач на животни за крзно
6129.04 Одгледувач на соколи
6129.05 Одгледувач на украсни риби
6129.06 Одгледувач на птици
6129.07 Одгледувач на ноеви
6129.08 Одгледувач на полжави
6129.09 Одгледувач на жаби
6129.10 Одгледувач на рептили
6129.11 Работник на тимарење во зоолошка градина
6129.12 Тренер на животни
6129.13 Тренер на коњи
6129.14 Дресер на кучиња

**СПОРЕДНА ГРУПА 613.**

**Земјоделци за мешовито производство (растително, добиточно и други)**

Земјоделците за мешовито производство планираат и вршат неопходни операции за вкрстено земјоделство во кое спаѓа комбинација од растенија и животни и слични производи, за испорака или продажба врз регуларни основи на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: одредување на видови и количества на полски, дрвни и други растенија или животни што треба да се одгледуваат; купување на семе, ѓубриво, крма и други резерви; рентирање или инвестирање во обработлива земја или во пасишта, во животни, згради и машини; вршење на земјоделски операции како што се подготовка на земја, сеење, култивирање и жнеење на растенија; хранење, одгледување и чување на животни и производство на различни животински и полјоделски производи; одржување на земјоделски згради, машини и опрема; подготвување и вршење на некои основни процеси на производството; испорака или изнесување на пазар на земјоделски производи и друго. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**6130. Земјоделци за мешовито производство (растително, добиточно и други)**

## 6130. Земјоделци за мешовито производство (растително, добиточно и други)

Земјоделците за мешовито производство планираат и вршат неопходни операции за одгледување и жнеење на полски, дрвни и разни други растенија, исто така одгледуваат, хранат и чуваат животни и произведуваат разни животински и полјоделски производи, со цел задоволување на селскиот туризам или за продажба или испорака врз регуларна основа на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите вклучуваат:

- одредување на видови и количества на растенија и животни што треба да се одгледуваат;
- купување на семе, ѓубриво и други резерви;
- рентирање или вложување во земја и во нејзиното подобрување, во згради, животни за работа, опрема и машини или, пак, нивен закуп;
- вршење на земјоделски операции како што се подготовка на почва, сеење, садење, обработка и собирање;
- производство или купување на добиточна храна или други резерви на храна;
- хранење, одгледување и чување на животни;
- подготовка на животни или животински производи за пазар;
- подготвување и извршување на некои основни процеси на нивното производство;
- одржување на земјоделски згради, на машини и опрема;
- испорака и продажба на земјоделски производи, давање услуги за селскиот туризам;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 6130.01 | Селанец |
| 6130.02 | Полјоделец и сточар |
| 6130.03 | Селанец - угостител во селски туризам |
| 6130.04 | Селанка, домаќинка во селски туризам |

**ПОДГРУПА 62.**

**Пазарно ориентирани работници во шумарство, рибарство и лов**

Пазарно ориентираните работници во шумарството, рибарството и ловот планираат и изведуваат неопходни операции за одгледување и искористување на природните шуми, одгледуваат, хранат или ловат риби и собираат други форми на воден живот, одгледуваат или ловат диви животни за продажба или испорака врз регуларна база на купувачи на големо, пазарни организации или на пазари.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: подготвување на почвата за пошумување; култивирање, зачувување и експлоатирање на шуми; формирање на сурови дрвни производи на местото на сеча; хемиско прскање на шумите од штетници; одгледување, хранење, чување или ловење на слободен крупен и ситен дивеч со огнено или друго ловечко оружје за да се добие месо, млеко, крзно, кожа; хранење, одгледување или ловење риби; култивирање или собирање на други форми на воден живот; управување со риболовните пловила до, на и од местата на ловење; собирање и изведување на некои основни процеси на нивно производство; одржување на опремата за работа; продавање на нивните производи на купувачи, пазарни организации или на пазари и друго. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**621. Шумарски работници и сродни занимања**

**622. Рибари, ловци и сродни работници**

**СПОРЕДНА ГРУПА 621.**

**Шумарски работници и сродни занимања**

Шумарските работници и сродните занимања планираат и вршат неопходни операции за култивирање, за заштита, уредување и експлоатирање на шуми, за продажба или испорака на шумски производи врз регуларни основи на купувачи на големо, на пазарни организации или на пазари.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: воспоставување и придржување кон начелата за шуми; пошумување на непошумени предели; лоцирање на дрвата што треба да се исечат и проценување на

волуменот на трупецот; маркирање и сечење на дрва; поткастрување на дрва; чистење на шумата од паднати стебла и гранки; хемиско прскање на шумите од штетници; одржување на опремата за шумска работа; формирање на сурови дрвни производи на местото на сеча; редење на трупци, нивно товарање на сплавови и пуштање низ река; работа на прости направи за да се претвори дрвото во јаглен или издвојување на суровиот терпентин од дрвото; надзор за да се откријат шумски пожари и учество во операциите на нивно гасење и давање на комплетни противпожарни извештаи и друго. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**6210. Шумарски работници и сродни занимања**

## 6210. Шумарски работници и сродни занимања

Шумарските работници и сродните занимања планираат и вршат неопходни операции за култивирање, за заштита, уредување и експлоатирање на шуми, за продажба или испорака на шумски производи, како и за претворање на дрвото во дрвен јаглен со примена на традиционални техники, врз регуларни основи на купувачи на големо, на пазарни организации или на пазари.

Задачите вклучуваат:

- утврдување на состојбата во шумите и грижа за шумските површини, подигање на млади шумски дрва и грмушки во расадници;
- планско лоцирање на дрвата за сеча и проценување на обемот на сечата;
- кроење, поткастрување и сеча на дрва и нивно сечење со пила во трупци;
- обликување на груби дрвени производи од трупци, на местото на сечата;
- редење на трупци, нивно товарање или пуштање по река;
- работа со едноставна мелница или дестилатор на самото место на сечата, за да се добие или дестилира суров дрвен терпентин;
- работа со едноставна печка за сушење, за претворање на дрвото во дрвен јаглен по пат на процес на тивко согорување;
- набљудување и откривање на шумски пожари и учество во операциите за гасење и пополнување на комплетни противпожарни извештаи;
- одржување на противпожарната опрема и на друга шумарска опрема;
- хемиско прскање на шумите и заштита од штетници;
- испорака или продавање на шумски сортименти;
- сечење на дрва за огрев во домаќинствата;
- водење на шумарска евиденција за природниот прираст на шумите и за степенот на искористување на шумите;
- обука на работници со шумарски процедури;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 6210.01 | Шумарски расадничар |
| 6210.02 | Шумарски одгледувач |
| 6210.03 | Шумарски сечач |
| 6210.04 | Сечач на дрва за огрев со пила |
| 6210.05 | Шумски мерач на дрва |
| 6210.06 | Јагленар |
| 6210.07 | Шумарски работник на дестилација на дрво со традиционална техника |

**СПОРЕДНА ГРУПА 622.**

### Рибари, ловци и сродни работници

Рибарите, ловците и сродните работници ловат, одгледуваат и култивираат риби и други форми на подводен живот или ловат или поставуваат замки за цицачи, птици и влекачи, за редовна продажба или испорака на животни или животински производи на купувачите на големо, пазарните организации или на пазарите.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: подготовка на мрежи и друг риболовен прибор; управување со риболовните пловила до, на и од местата на ловење; ставање риболовни мамки, поставување и влечење (извлекување) на риболовната опрема; чистење, ладење, замрзнување или посолување на уловот на брегот или на вода; одгледување или култивирање на риби, школки, алги или други форми на воден живот; ловење или поставување на замки за цицачи, птици или влекачи и друго. Може да биде вклучен и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**6221. Одгледувачи на риби и школки**
**6222. Речни и езерски рибарски работници**
**6223. Рибари на отворено море**
**6224. Ловџии**

## 6221. Одгледувачи на риби и школки

Одгледувачите на риби и школки одгледуваат риба и култивираат алги, школки и други форми на подводен живот, за редовна продажба или испорака на купувачите на големо, пазарните организации или на пазарите.

Задачите вклучуваат:

- издавање или инвестирање во објекти, опрема и машини;
- набавка на храна и други залихи;
- одгледување и култивирање на риби, алги, школки и други форми на подводен живот во морска или слатка вода;
- водење на евиденција за растот на аквакултурите и податоци за производството;
- обезбедување на услови за живот и вештачко оплодување и мрест на рибите и школките;
- лекување на подводниот живот и заштита од болести и паразити;
- подготвување на риби и други производи за транспорт;
- чистење, ладење, замрзнување или посолување на уловот на брегот или на вода;
- одржување на објекти, пловила, машини и опрема;
- промовирање и маркетинг на производите;
- испорака или продажба на производите на пазарот;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 6221.01 | Одгледувач на риби и школки |
| 6221.02 | Одгледувач на риби |
| 6221.03 | Одгледувач на рибји ларви и жива храна |
| 6221.04 | Мрестилиштен одгледувач |
| 6221.05 | Нуркач по школки и корали |

## 6222. Речни и езерски рибарски работници

Речните и езерските рибарски работници, сами или како членови на екипажот на риболовните пловила, ловат риби или собираат други форми на подводен живот во внатрешните и крајбрежните води, за редовна продажба или испорака на купувачите на големо, пазарните организации или на пазарите.

Задачите вклучуваат:

- подготвување и поправка на мрежи, трски и друг риболовен прибор;
- управување со риболовните пловила до, од и на риболовните места;
- ставање на риболовни мамки, поставување и влечење (извлекување) на риболовната опрема;
- собирање на различни форми на подводен живот од брегот и затворените води;
- чистење, ладење, замрзнување или посолување на уловот на брегот или негово продавање на пазар;
- водење на рибарски евиденции за уловот, временските прилики, направените расходи и буџетот;
- учество во рибарски натпреварувања;
- вршење на сродни задачи;

- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6222.01 Речен и езерски рибар

## 6223. Рибари на отворено море

Рибарите на отворено море, како членови на екипажот на риболовните пловила, ловат морски риби што живеат во големи длабочини, за редовна продажба или испорака на купувачите на големо, пазарните организации или на пазарите.

Задачите вклучуваат:

- подготовка и поправка на мрежи, трски и друг риболовен прибор;
- управување со риболовните пловила до, од и на риболовните места;
- поставување на риболовни мамки, поставување и влечење (собирање) на риболовната опрема;
- користење на навигациски средства за пловидба на отворено море и електронски направи за следење на подводниот свет;
- чистење, ладење, замрзнување или посолување на уловот на брегот или на вода;
- испорака на уловот или негова продажба на пазар;
- водење на рибарски евиденции за уловот, временските прилики, направените расходи и буџетот;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6223.01 Рибар на отворено море
6223.02 Морски рибар
6223.03 Китоловец

## 6224. Ловџии

Ловџиите ловат крупен и ситен дивеч заради месо, кожа, пердуви и останати производи, за спорт, лична употреба, редовна продажба или испорака на купувачите на големо, пазарните организации или на пазарите.

Задачите вклучуваат:

- лов на слободен крупен и ситен дивеч со огнено или друго ловечко оружје;
- обработка на дивечот заради добивање на саканиот производ за продажба или испорака;
- поставување на стапици за лов на животни;
- испорака и продажба на живи цицачи, птици и влекачи;
- прихрана на животни и дивеч во зимски услови;
- одгледување на диви животни во специјални ловишта;
- вршење на работи поврзани со репродукција и приплод на животните;
- одржување и поправка на ловечката опрема;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

6224.01 Ловец
6224.02 Работник во ловиште
6224.03 Работник за поставување стапици

**ГЛАВНА ГРУПА 7.**
**ЗАНИМАЊА ЗА НЕИНДУСТРИСКИ НАЧИН НА РАБОТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО**

Занимањата за неиндустриски начин на работа во производството го применуваат своето конкретно знаење и вештини во областа на градежништвото, обликуваат метали, подигаат метални конструкции, составуваат или изработуваат машински алатки, инсталираат, одржуваат и поправаат машини, опрема или алатки, вршат печатење, како и произведуваат или обработуваат прехранбени

производи, текстил или дрвени, метални и други артикли, вклучувајќи ги и производите од рачна изработка.

Работата се изведува рачно и со рачни и други алатки коишто се користат за редуцирање на обемот на физичкиот напор и времето што е неопходно за одделни задачи, како и за подобрување на квалитетот на производите. За вршење на задачите неопходно е познавање на сите фази на производниот процес, на користените материјали и средства и на природата и намената на финалниот производ. За повеќето занимања од оваа главна група потребно е знаење кое се постигнува со програмите на средното образование.

Задачите што ги вршат работниците во оваа главна група најчесто вклучуваат: изградба, одржување и поправка на згради и други градби; леење, заварување и обликување на метали; монтирање на тешки метални конструкции и слична опрема; изработка на машини, алатки, опрема и други метални производи; подесување и ракување со разни машински алати; подесување, одржување и поправка на индустриски машини, вклучувајќи погонски мотори, моторни возила, како и електрични и електронски инструменти и друга опрема; изработка на прецизни инструменти, накит, производи за домаќинство и други предмети од благородни метали, керамика, стаклени и слични производи; правење производи од рачна изработка; вршење печатарски работи; производство и преработка на прехранбени производи, како и различни производи од дрво, текстил, кожа и слични материјали. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**71. Градежници и сродни градежни работници**
**72. Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања**
**73. Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари**
**74. Работници со електротехнологија**
**75. Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања**

**Забелешка:**

Занимањата се класифицираат во главната група 8. Ракувачи и составувачи на машини и постројки доколку за задачите коишто се вршат е потребно искуство и познавање на машините со кои се работи и коишто се надгледуваат. Занимањата се класифицираат во главната група 9. Елементарни занимања ако задачите се едноставни или рутински, главно вклучуваат употреба на рачни алатки, физички напор, мало или никакво претходно искуство и познавање на работата и ограничена иницијатива и проценување.

**ПОДГРУПА 71.**

## Градежници и сродни градежни работници

Градежниците и сродните градежни работници го применуваат своето конкретно знаење и вештини во областа на градежништвото, учествуваат во изградба и одржување на објекти, изведуваат завршни градежни работи од камен, керамика, дрво, стакло и друго, како и изведуваат занаетчиски работи од областа на тесарството, водоинсталатерство, климатизација, молерско-лакерски услуги и чистење на оџаци и други индустриски објекти.

Работата се изведува рачно и со рачни и други алатки коишто се користат за редуцирање на обемот на физичкиот напор и времето што е неопходно за одделни задачи, како и за подобрување на квалитетот на производите. За вршење на задачите неопходно е познавање на сите фази на производниот процес, на користените материјали и средства и на природата и намената на финалниот производ.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: читање и толкување на проекти и скици; ѕидање ѕидови и други делови на градба од цигли, камен и слични материјали, како и поправка на оштетувања; изработка на бетонски и армирано-бетонски конструкции и други делови од дрво и поправка на оштетувањата; инсталирање на паркети и други видови подни облоги или пополнување на подови и ѕидови со плочки или мозаици; гипсирање на ѕидови и плафони; обложување на ѕидови, подови, плафони со изолациски материјали; сечење и поставување на стакло; инсталирање на водоинсталации и плински системи; инсталирање на електроинсталации, климатизација и соодветна опрема; подготвување на површини и нанесување на боја и слични материјали на објекти и други градби; боење и лакирање на возила или различни готови производи; чистење оџаци или фасади на објекти и други градби и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**711. Ѕидари и сродни градежни занимања**

**712. Занимања за завршни градежни работи и сродни градежни работници**

**713. Молери, лакери, оџачари и други сродни занимања**

**СПОРЕДНА ГРУПА 711.**

**Ѕидари и сродни градежни занимања**

Ѕидарите и сродните градежни занимања градат конструкции од цигли, камења и сличен материјал, бетон, армиран бетон и дрво и друга граѓа од тие материјали и поправаат оштетувања на објекти.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: читање и толкување на проекти и скици, следење на вградени количини на материјали, ѕидање ѕидови и други делови на градба од цигли, камен и слични материјали, како и поправка на оштетувања; изработка на бетонски и армирано-бетонски конструкции и други делови од дрво и поправка на оштетувањата; вршење на други задачи поврзани со изработка и одржување на градби; избор и класифицирање на плочи и блокови од гранит, мермер и друг камен; резбање и гравирање ликови, фигури и примероци на камени блокови за изработка на споменици, кипови и ликови, фигури и примероци на камени плочи за декоративна фасада на згради; градење на дрвени конструкции и ентериери. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7111. Градежни работници за објекти**

**7112. Ѕидари и сродни градежни занимања**

**7113. Каменорезец, каменорезбар и гравер**

**7114. Бетонирачи, бетонски финишери и сродни занимања**

**7115. Тесари и градежни столари**

**7119. Други ѕидарски занимања кои не се класифицирани на друго место**

## 7111. Градежни работници за објекти

Градежните работници градат, одржуваат и поправаат мали и големи објекти и други конструкции со употреба на традиционални градежни техники и материјали.

Задачите вклучуваат:

- подготвување на теренот за подигање објекти и други структури;
- прибирање на неопходните материјали;
- поставување на скелиња и слични помошни конструкции;
- градење конструкција за потпирање на покривот и градење на ѕидовите и нивно обложување со кал, слама или други материјали;
- поставување покривни греди и обложување на покривот со соодветен материјал;
- нивелирање и мазнење на подови;
- одржување и поправка (реновирање) на постоечки конструкции;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7111.01 | Градежни работници со традиционални материјали |
| 7111.02 | Градежен работник за одржување на згради |
| 7111.03 | Градежен работник |

## 7112. Ѕидари и сродни градежни занимања

Ѕидарите и сродните градежни занимања поставуваат и обновуваат темели, ѕидови и други градежни конструкции и делови на градба од тули, блокови, камен и слично.

Задачите вклучуваат:

- ѕидање со тули и други туларски производи, камен и слични градежни материјали и тоа темели, ѕидови, столбови, прегради, сводови, фабрички оџаци, камини, индустриски печки, сушници, ложишта и останати конструкции, малтерисување и поправка на оштетувања;

- обложување на ѕидови и други делови на градби од камен, туларски производи и слични материјали;
- поставување на камени патеки, столбови и потпорни столбови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7112.01 Помошен ѕидар
7112.02 Ѕидар
7112.03 Ѕидар мајстор
7112.04 Ѕидар шамотер
7112.05 Ѕидар шамотер, специјализиран
7112.06 Ѕидар на оџаци
7112.07 Ѕидар на оџаци, специјализиран
7112.08 Ѕидар на печки
7112.09 Ѕидар на печки, специјализиран
7112.10 Ѕидар и дрводелец
7112.11 Ѕидар и бетонирец
7112.12 Ѕидар за споменици од камен
7112.13 Ѕидар за поплочување на тротоари и улици

## 7113. Каменорезец, каменорезбар и гравер

Каменоресците, каменорезбарите и граверите со рачни алатки сечат, обликуваат и финализираат камен за градба, украсување на простор, изработка на споменици и други намени.

Задачите вклучуваат:

- избор и класифицирање на плочи и блокови од гранит, мермер и друг камен;
- сечење, обликување и финализирање на камен за градба, изработка на споменици со рачни алатки;
- изработување на мостри и обележување на облици на самиот камен за натамошно сечење, рамнење, дупчење и останати задачи за подготовка и резбање;
- резбање и гравирање на ликови, фигури и примероци на камени блокови за изработка на споменици, кипови и ликови, фигури и примероци на камени плочи за декоративна фасада на згради;
- поставување на постаменти за споменици;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7113.01 Клесар
7113.02 Ѕидар со камен
7113.03 Ѕидар со камен, специјализиран

## 7114. Бетонирачи, бетонски финишери и сродни занимања

Бетонирачите, бетонските финишери и сродните занимања изведуваат работи на бетонски и армирано-бетонски конструкции и на други делови на градби, обработуваат бетонски површини, како и поправат оштетувања.

Задачите вклучуваат:

- режење, виткање, врзување, заварување и поставување на арматура во армирано-бетонски конструкции;
- градење и поправање на јачината на бетонските подови, столбови, ѕидови и други бетонски структури;
- изработка на калапи или составување на претходно направени калапи за бетон или поставување на темели во јами со рачно и машинско набивање;

- обработка на бетонски површини составени од цемент, песочен цемент и мермерни делови врз подови, познато уште и како финализирање на “терацо”;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7114.01 Армирач
7114.02 Армирач, специјализиран
7114.03 Бетонирач
7114.04 Бетонирач, специјализиран
7114.05 Терацер
7114.06 Армирач и бетонирач

## 7115. Тесари и градежни столари

Тесарите и градежните столари сечат, обликуваат, монтираат, одржуваат и ги поправаат сите видови дрвени конструкции и други делови на градба и изработуваат и ги составуваат сите видови облоги и скелиња. Градежните столари изработуваат, вградуваат и поправаат врати, прозорци, ѕидни облоги и слично.

Задачите вклучуваат:

- кроење, режење, делкање и составување на дрвени градби;
- изработка на дрвени покривни, решеткасти и клинести носачи и режани дрвени елементи за носачи;
- изработка, монтирање и демонтирање на скеле и оплата за бетонирање и ѕидање;
- градење на дрвени мостови и други дрвени конструкции;
- изработка на дрвени настрешници и други привремени градежни објекти од дрво, изработка, поставување и демонтирање на скеле и потпирачи за безбедност при работата;
- подготвување, составување и менување на внатрешни и надворешни дрвени делови на зграда, како што се преградни ѕидови, врати, прозорци и оплата на надворешна фасада;
- изработка, поправка и подготовка на сценска опрема за театарски претстави, филм и телевизија;
- градење, составување, менување и поправка на дрвени елементи, преградни конструкции и опрема во вагони, авиони, бродови, сплавови и други превозни средства;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7115.01 Тесар
7115.02 Дрводелец
7115.03 Дрводелец, мајстор
7115.04 Градежен столар
7115.05 Градежен столар, мајстор
7115.06 Ролетар
7115.07 Ролетар, мајстор
7115.08 Столар за сценска опрема
7115.09 Столар за сценска опрема, специјализиран
7115.10 Градител на дрвени бродови
7115.11 Градител на дрвени бродови, мајстор
7115.12 Бродостолар
7115.13 Градител на лесни едрилици
7115.14 Столар со вештини за енергетски ефикасни прозорци и врати

## 7119. Други ѕидарски занимања кои не се класифицирани на друго место

Оваа единечна група ги опфаќа сите останати градежни занимања кои не се класифицирани на друго место во споредната група 711. Ѕидари и сродни градежни занимања.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7119.01 Монтер на градежни елементи

7119.02 Градежен работник за одржувања на патишта
7119.03 Градежен работник за одржувања на пруги
7119.04 Асфалтер
7119.05 Асфалтер, специјализиран
7119.06 Водоградител
7119.07 Монтер на градежни скелиња
7119.08 Бродоскелар
7119.09 Помошен градежен лаборант
7119.10 Градежен декоратер
7119.11 Фигурант
7119.12 Малтерџија
7119.13 Монтер за сувомонтажни елементи

**СПОРЕДНА ГРУПА 712.**

**Занимања за завршни градежни работи и сродни градежни работници**

Занимањата за завршни градежни работи опфаќаат покривање, обложување или инсталирање, одржување и поправање на покриви, ѕидови изолациски системи, прозорско стакло или стакло во други рамки, како и водоинсталациски и електрични системи, системи за климатизација во објекти и други конструкции.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: обложување на покривни рамки со еден или повеќе видови материјали; инсталирање на паркети и други видови на подни облоги или пополнување на подови и ѕидови со плочки или мозаици; гипсирање на ѕидови и плафони; обложување на ѕидови, подови, плафони со изолациски материјали; сечење и поставување на стакло; инсталирање на водоинсталации и плински системи; инсталирање на електроинсталации, климатизација и соодветна опрема и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7121. Покривачи (обложувачи) на покриви**
**7122. Поставувачи на подови и плочки**
**7123. Фасадери и гипсари**
**7124. Работници на изолација**
**7125. Стаклари**
**7126. Водоинсталатери и инсталатери на цевки**
**7127. Инсталатери за греење и климатизација**

## 7121. Покривачи (обложувачи) на покриви

Покривачите (обложувачи) на покриви вршат активности за покривање, одржување и поправка на покриви, притоа користејќи различни материјали.

Задачите вклучуваат:

- проучување на цртежи и спецификации на градилишта за да се утврди потребната количина на материјали за употреба;
- покривање на покривни конструкции (редење и зацврстување на покриви на конструкции);
- вградување на помошни направи и елементи во состав на покривите (оџак, заштита на отворот на прозорците, вентилациски отвори и слично);
- поставување на монтажни тенди;
- поставување на помошни скелиња за работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7121.01 Поставувач на покриви
7121.02 Поставувач на покриви, специјализиран
7121.03 Поставувач на покриви, мајстор
7121.04 Кровопокривач со вештини за енергетска ефикасност на згради

## 7122. Поставувачи на подови и плочки

Поставувачите на подови и плочки поставуваат, одржуваат и поправаат паркет и други видови на подни облоги и покриваат подови, ѕидови и други површини со керамички плочки, мозаични облоги и слични облоги.

Задачите вклучуваат:

- подготвување на подни површини за обложување со паркет, ламинат, керамички плочки и други материјали;
- поставување на керамички плочки за изработка на завршниот дел на подовите;
- поставување на завршниот дел на подовите од теписони, линолеуми и други материјали;
- поставување на паркет;
- поставување на керамички плочки на подови и ѕидови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7122.01 | Паркетар |
| 7122.02 | Поставувач на под |
| 7122.03 | Поставувач на под, специјализиран |
| 7122.04 | Поставувач на керамички плочки |

## 7123. Фасадери и гипсари

Фасадерите и гипсарите малтерисуваат надворешни и заштитни ѕидови на објекти, поставуваат и изработуваат гипсани украси и други декоративни гипсани делови на ѕидовите и плафоните, како и вршат нивна поправка.

Задачите вклучуваат:

- малтерисување на надворешни ѕидови на објекти и изработка на фасади;
- нанесување на декоративен малтер со користење на различни техники;
- украсување на фасадирани ѕидови со гипсан ѕид, пластика или со лепење на готови украсни елементи;
- изработка на ѕидна пластика од гипс, сушење во работилница и поставување на ѕид;
- затворање на електрични проводници со гипс или гипсани плочки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7123.01 | Фасадер |
| 7123.02 | Фасадер, мајстор |
| 7123.03 | Гипсар |
| 7123.04 | Работоводител на завршни работи |
| 7123.05 | Фасадер со вештини за енергетска ефикасност на згради |

## 7124. Работници на изолација

Работниците на изолација (изолатери) поставуваат и поправаат изолација од разни материјали во објекти, котли, цевки или разладна и вентилациска опрема.

Задачите вклучуваат:

- разгледување на планови и нацрти со цел да се утврди потребниот работен материјал;
- сечење на изолацискиот материјал по големина и облик;
- поставување на подземна хидроизолација (изолација на темели);
- поставување на хидроизолација на покриви и тераси;
- инјектирање на ѕидови по сушење од влага;
- затворање на пукнатини со водонепропустлив кит;

- поставување на топлинска изолација (минерална волна, стаклена волна, изолациски плочки) на ѕидови, подови, котли, резервоари, цевки за греење и водовод;
- поставување на звучна изолација и посебни елементи за впивање или разбивање звуци;
- поставување на изолација на опрема за климатизација;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7124.01 Акустички изолатер
7124.02 Хидроизолатер
7124.03 Термоизолатер
7124.04 Изолатер

## 7125. Стаклари

Стакларите земаат мерки и сечат стакло и огледало и го поставуваат на прозорци, врати, излози и други рамки.

Задачите вклучуваат:

- избор на стаклени плочи, сечење по мерка и вградување во прозорци, врати, излози, автомобили и стаклени покриви;
- вградување на посебни стакла (изопан, термопан) со топлински и ултравиолетови карактеристики;
- изработка на украсни елементи од стакло на објекти, стаклени ѕидови, скали и прозорци од обоено стакло;
- сервисирање на предмети од стакло;
- употреба на стакло и огледало за различна намена;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7125.01 Градежен стаклар
7125.02 Застаклувач
7125.03 Застаклувач на возила

## 7126. Водоинсталатери и инсталатери на цевки

Водоинсталатерите и инсталатерите на цевки подготвуваат, инсталираат и ги поправаат сите видови на водоводни и одводни цевки и системи за снабдување со вода.

Задачите вклучуваат:

- подготвителни работи за инсталирање на метални водоводни и канализациони цевки, како што се сечење, виткање, подготовка на краеви на цевки за спојување и други слични работи;
- монтирање на вентили, славини и друга опрема за водовод и канализација;
- поставување, инсталирање, одржување и поправка на сите видови водоводни системи во згради, индустриски постројки, како и општи разводни мрежи, во авиони и бродови;
- поставување, одржување и поправка на канализациски мрежи и дренажи;
- инсталирање на апарати на гас, машини за миење на садови, бојлери, мијалници, тоалети и друго со употреба на алат или рачно;
- контрола и испитување на водните системи со употреба на манометар, хидростатички испитувања, набљудување и или други методи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7126.01 Помошен водоинсталатер
7126.02 Водоинсталатер

7126.03 Водоинсталатер, мајстор
7126.04 Плиноинсталатер
7126.05 Плиноинсталатер, мајстор
7126.06 Водоинсталатер и плиноинсталатер
7126.07 Бродоцевкар
7126.08 Бродоцевкар, специјализиран
7126.09 Помошен монтер на цевовод
7126.10 Монтер на цевовод
7126.11 Монтер на цевовод, специјализиран
7126.12 Монтер за санитарна инсталација

## 7127. Инсталатери за греење и климатизација

Инсталатерите за греење и климатизација подготвуваат, инсталираат и ги сервисираат сите видови на системи за греење и климатизација во простории и објекти.

Задачите вклучуваат:

- монтажа и сервисирање на компоненти за климатизација и системи за ладење;
- толкување на нацрт-планови, шеми или други спецификации;
- подготвителни работи за инсталирање на метални цевки, како што се сечење, виткање, подготовка на краеви на цевки за спојување и други слични работи;
- монтирање на вентили, славини и друга опрема за довод;
- користење на специјализирана опрема и инструменти за мерење и замена на фреон;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7127.01 Инсталатер на греење и климатизација
7127.02 Инсталатер на греење и климатизација, мајстор
7127.03 Инсталатер за греење, климатизација и вентилација со вештини за енергетска ефикасност на згради

**СПОРЕДНА ГРУПА 713.**

### Молери, лакери, оџачари и други сродни занимања

Молерите, лакерите, оџачарите и другите сродни занимања подготвуваат површини, нанесуваат боја и слични материјали на објекти и други градби, на моторни возила и на различни индустриски производи, обложуваат внатрешни ѕидови и плафони со тапети, чистат оџаци и надворешни површини (фасади) на објекти и други градби.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: подготвување на површини и нанесување боја и слични материјали на објекти и други градби; боење и лакирање на возила или различни готови производи, обично со рачен спреј; покривање на внатрешни ѕидови и плафони со тапети и други материјали; чистење оџаци; чистење на фасади на објекти и други градби. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7131. Молери и сродни работници**
**7132. Лакери и сродни фарбари**
**7133. Оџачари и чистачи на градежни структури**

## 7131. Молери и сродни работници

Молерите и сродните работници подготвуваат површини на објекти и други градби за боење, нанесуваат заштитни декоративни слоеви на боја и слични материјали или обложуваат внатрешни ѕидови и плафони на објекти и други градби со тапети и други материјали.

Задачите вклучуваат:

- чистење и подготвување на ѕидови и други површини на објекти за боење или тапетирање;
- мешање и нанесување на бои и лакови на различни објекти со користење на четки или спрејови;

- нанесување или распрскување на заштитни слоеви на градежна столарија и други дрвени површини, видливи цевки и метални делови;
- мерење, кроење, поставување на тапети на внатрешни ѕидови и плафони на згради и бродови;
- нанесување или распрскување на боја, црвено олово, битуменска емулзија и слични материјали врз бродски конструкции и метални градби, челични конструкции на згради, мостови и метални конструкции;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7131.01 Работоводител на осликување на соби и молери
7131.02 Молер
7131.03 Осликувач на соби и молер
7131.04 Осликувач на соби и молер, мајстор
7131.05 Брусач и молер на конструкции
7131.06 Поставувач на ѕидни тапети

## 7132. Лакери и сродни фарбари

Лакерите и сродните фарбари фарбаат возила како што се автомобили, автобуси или камиони, или нанесуваат заштитни слоеви од емајл или лак врз метални, дрвени и други готови производи, обично со рачен спреј.

Задачите вклучуваат:

- подготовка на работните површини со користење на различни методи за отстранување на маснотии, нечистотии, корозија и друго;
- фарбање автомобили, автобуси, камиони и други возила и нанесување лак и други заштитни слоеви;
- нанесување на лак и други заштитни слоеви од емајл врз метални, дрвени и готови производи, обично со рачен спреј;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7132.01 Фарбар на произведена стока
7132.02 Фарбар на возила
7132.03 Лакер на произведена стока
7132.04 Автолакер
7132.05 Лакер

## 7133. Оџачари и чистачи на градежни структури

Оџачарите и чистачите на градежни структури отстрануваат саѓи и нечистотии од оџаци или чистат фасади на објекти и други структури.

Задачите вклучуваат:

- отстранување на саѓи од оџаци и поврзувачки цевки;
- чистење на фасади од камен, тули, метал и слични материјали со примена на хемикалии, со пареа или песок, спроведени под висок притисок;
- чистење на остатоци од опожарени објекти;
- поставување на отровни мамки и други средства за уништување на штетници;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7133.01 Работоводител на оџачари
7133.02 Оџачар
7133.03 Оџачар, мајстор
7133.04 Работник за чистење на згради со песок (пескарење)

7133.05 Чистач на фасада
7133.06 Еко хигиеничар

**ПОДГРУПА 72.**
**Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања**

Обработувачите на метали, машинските монтери и сродните занимања леат, заваруваат, коваат и, со примена на други методи, обликуваат метали, поставуваат, одржуваат и поправаат тешки метални конструкции, работат на поставување на машински алатки, како и на монтирање, одржување и поправање на машини, вклучувајќи мотори и возила или изработуваат алатки и различни производи од неблагородни метали.

Работата се врши рачно или со рачни и други алатки, со цел да се намали обемот на физичкиот напор и времето потребно за изведување на одредени задачи, како и за подобрување на квалитетот на производите. За задачите е потребно познавање на организацијата на работата, користените материјали и алатки, и на природата и намената на готовиот производ.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: изработка на калапи за леење на метали; леење, заварување и обликување на метали; инсталирање, поставување, одржување и поправка на тешки метални конструкции, прибори и соодветна опрема; ковање и обликување на челик и други неблагородни метали за изработка и поправка на машини, алатки, опрема и други производи; инсталирање, одржување и поправање на индустриски машини, вклучувајќи мотори и возила, како и друга опрема. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**721. Леари на метали, лимари, заварувачи и сродни занимања**
**722. Ковачи, изработувачи на алатки и сродни работници**
**723. Механичари и монтери на машини**

**СПОРЕДНА ГРУПА 721.**
**Леари на метали, лимари, заварувачи и сродни занимања**

Леарите на метали, лимарите, заварувачите и сродните занимања изработуваат калапи за леење метали, заваруваат и сечат метални делови, изработуваат и поправаат производи од метални плочи и лим, инсталираат, поставуваат, одржуваат и поправаат тешки метални конструкции, прибори и соодветна опрема или изведуваат слични задачи под вода.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: изработка на калапи за леење метали; леење, заварување и обликување на метални делови; изработка и поправка на производи од метални плочи и лим; инсталирање, поставување, одржување и поправка на тешки метални конструкции и опрема, жичари и соодветна опрема; изведување на слични работи под вода и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7211. Изработувачи на калапи за метали и леари**
**7212. Заварувачи и сечачи со пламен**
**7213. Лимари**
**7214. Подготвувачи, поставувачи и монтери на метални конструкции**
**7215. Монтери на челични јажиња и жици**

## 7211. Изработувачи на калапи за метали и леари

Изработувачите на калапи за метали и леарите изработуваат калапи за леење на метали и рачно леат метал.

Задачите вклучуваат:

- изработка на калапи, рачно или со примена на помошни машини, на клупа за мали зафати, или на под од ливница или во јама, кога се работи за поголеми зафати;
- изработка на јадра за примена во калапењето на метали;
- чистење и мазнење на калапите и поправка на површинските несовршености;
- рачно леење на метали;
- управување со дигалки и кранови при движење на тешките метали;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7211.01 Леар на калапи
7211.02 Изработувач на леарски јадра
7211.03 Машински леарски калапар
7211.04 Леар на метали
7211.05 Леар на метали, мајстор
7211.06 Обликувач на метали

## 7212. Заварувачи и сечачи со пламен

Заварувачите и сечачите со пламен се занимаваат со заварување и сечење на метални делови, со примена на гасен пламен или електролак и други извори на топлина, со цел топење и сечење на метали.

Задачите вклучуваат:

- рачно сечење на метал со примена на гасен пламен, електролак или други методи;
- рачно заварување на метални делови со примена на гасен пламен, електролак или други методи;
- спојување на метални делови со рачно лемење;
- подготвување на работни шаблони според определени спецификации;
- контрола и надгледување на процесот на заварување со цел да се избегне прегревањето, искривувањето или оштетувањето на металните делови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7212.01 Заварувач со гас
7212.02 Електрозаварувач
7212.03 Заварувач
7212.04 Заварувач, специјализиран
7212.05 Режач со плин
7212.06 Залемувач
7212.07 Помошник-заварувач

## 7213. Лимари

Лимарите изработуваат, инсталираат и поправаат производи и делови од производи од листен метал како лист челик, бакар, калај, месинг, алуминиум, цинк или поцинкувано железо.

Задачите вклучуваат:

- изработка на метални листови за леење и обликување;
- сечење на метални листови според потребните димензии;
- обликување на лимени делови (прибори и апарати за домаќинство, лесни фигури, резервоари);
- поправка на лимени делови (рамнење и обликување) на моторни возила и авиони;
- изработка и поправка на котли, резервоари, буриња и слични контејнери;
- подготовка на шематски цртежи што треба да се следат при монтажа од страна на корисниците;
- контролирање на квалитетот на производите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7213.01 Лимар
7213.02 Лимар, мајстор
7213.03 Металопојасер
7213.04 Автолимар
7213.05 Автолимар, мајстор
7213.06 Авиолимар
7213.07 Авиолимар, специјализиран
7213.08 Оцртувач на лимови

7213.09 Оцртувач на лимови, специјализиран
7213.10 Котлар
7213.11 Котлар, мајстор
7213.12 Обработувач на лим

## 7214. Подготвувачи, поставувачи и монтери на метални конструкции

Подготвувачите, поставувачите и монтерите на метални конструкции подготвуваат, составуваат и монтираат делови од метални профили и плочи.

Задачите вклучуваат:

- означување на составните делови на метални конструкции како подготовка за нивна обработка;
- обработка и обликување на делови на метални конструкции во работилница;
- поставување на метални делови на згради, мостови и други градби за спојување;
- обликување, местење и спојување на метални делови при изградба или поправка на бродови;
- заковување на градежни метални составни делови рачно, машински и со пневматски заковувач;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7214.01 Помошен монтер на метални конструкции
7214.02 Монтер на метални конструкции
7214.03 Монтер на метални конструкции, специјализиран
7214.04 Обработувач на конструкциско железо
7214.05 Бродотрасер
7214.06 Бродотрасер, специјализиран
7214.07 Бродобравар
7214.08 Бродобравар, специјализиран
7214.09 Бродолимар
7214.10 Бродолимар, специјализиран
7214.11 Бродомонтер
7214.12 Бродомонтер, специјализиран
7214.13 Градител на метални бродови
7214.14 Градител на метални бродови, специјализиран

## 7215. Монтери на челични јажиња и жици

Монтерите на челични јажиња и жици поставуваат опрема за подигање и влечење на предмети, инсталираат и одржуваат кабли, јажиња и жици на градежните локалитети, местата на ископување на локалитети, местата на ископување на нафта или гас, или на бродови, во авиони и на други места.

Задачите вклучуваат:

- поставување и поправка на различни видови кафези, жичани железници, траси за жичари, ски-лифтови, чекреци, подвижни платформи, поставување на друга подвижна опрема за превоз на патници, работници, материјали, машини и други тешки предмети во планински области, преку длабоки клисури или фјордови, низ работилници, пристаништа и други локации;
- инсталирање и поправка на челични јажиња на бродови и авиони;
- инсталирање и поправка на јажиња на железнички уреди и инсталации;
- работа како членови на екипажи коишто поставуваат и поправаат дупчалки за вода, гас или нафта и инсталирање на кабли, опрема за кревање и дупчење;
- работа како членови на екипажи коишто инсталираат жичани кабли во конструкцијата на висечките мостови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7215.01 Монтер на челични јажиња и жици

7215.02 Поставувач на челични јажиња и жици

**СПОРЕДНА ГРУПА 722.**

**Ковачи, изработувачи на алатки и сродни работници**

Ковачите, изработувачите на алатки и сродните работници коваат и обработуваат шипки, изработуваат метални јажиња и блокови од железо, челик и други метали за изработка и поправка на различни видови алатки, опрема и други производи; подесуваат машини за ракувачи класифицирани во главната група 8, или подесуваат и ракуваат со различни машински алатки, како и полираат и острат метални површини.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: обликување со чекан и ковање на железо, челик и обоени метали за изработка и поправка на различни видови алати, опрема и други видови производи; подесување за ракување или подесување и ракување со различни машински алатки за обработка на метали со висока прецизност; полирање и острење на метални површини и алатки и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7221. Ковачи и сродни занимања**

**7222. Алатничари и сродни занимања**

**7223. Подесувачи и управувачи на машини за обработка на метали и слични материјали**

**7224. Обработувачи на метални површини и острачи**

## 7221. Ковачи и сродни занимања

Ковачите и сродните занимања обликуваат метали во загреана состојба со влечење, виткање, сечење, пробивање, преобликување, калење и омекнување заради рачна изработка и поправка на различни метални производи и алатки.

Задачите вклучуваат:

- обликување и рачна обработка на загреани метали со влечење, виткање, сечење, чукање на метали на наковална, составување и зацврстување или калење;
- обликување и обработка на метали со помош на електричен чекан со рачно ракување;
- обликување и обработка на метали со помош на преса;
- влечење жици;
- потковување коњи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7221.01 Помошен ковач
7221.02 Ковач
7221.03 Машински ковач
7221.04 Ковач, мајстор
7221.05 Обработувач на метали со топлинска постапка
7221.06 Обработувач на метали со топлинска постапка, специјализиран
7221.07 Работник на калење
7221.08 Потковувач
7221.09 Казанџија

## 7222. Алатничари и сродни занимања

Алатничарите и сродните занимања изработуваат и поправаат алатки, модели и калапи за обликување на делови од метали, пластика и гума, како и одржуваат и поправаат оружје и брави.

Задачите вклучуваат:

- изработка, одржување и поправка на калапи, дупчалки, шаблони и делови на прибор;
- изработка и поправка на инструменти за мерење;

- изработка и поправка на метални модели;
- изработка и поправка на калапи за леење и пресување метали, како и за обликување на делови од пластика и гума;
- изработка, подесување и поправка на брави;
- поправка на оружје;
- изработка и поправка на метални шаблони за подготовка на леарски калапи;
- обележување на метални делови како подготовка за нивна обработка;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7222.01 Раководител на алатничари
7222.02 Алатничар
7222.03 Алатничар, мајстор
7222.04 Алатничар за мерни алати, специјализиран
7222.05 Алатничар за алат за режење
7222.06 Алатничар за прибор за стегање
7222.07 Алатничар за метални калапи, специјализиран
7222.08 Монтер на мерни инструменти
7222.09 Пушкар
7222.10 Пушкар, мајстор
7222.11 Бравар
7222.12 Изработувач на клучеви
7222.13 Бравар, мајстор
7222.14 Металомоделар
7222.15 Металомоделар, специјализиран
7222.16 Оцртувач (алатничар)
7222.17 Бравар на флуиди и технички гасови

## 7223. Подесувачи и управувачи на машини за обработка на метали и слични материјали

Подесувачите и управувачите на машини за обработка на метали и слични материјали (пластика, гума итн.) подесуваат работни машини за работни операции и управуваат со работата при обработка на делови со висока прецизност.

Задачите вклучуваат:

- подесување на еден или повеќе видови машински алатки наместо операторите, за производство на метални производи во стандардизирани серии;
- подесување и работа со најразновидни машински алатки;
- изведување на машински операции на универзални машини;
- изведување на слични задачи при машинската обработка на пластика и други супститути на метали;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7223.01 Подесувач на алати за режење
7223.02 Подесувач на полуавтоматски и автоматски алатни машини, специјализиран
7223.03 Подесувач на металообработувачки нумерички управувани машини, специјализиран
7223.04 Подесувач на специјални алатни машини, специјализиран
7223.05 Подесувач на металообработувачки автоматски постројки, специјализиран
7223.06 Металотокар
7223.07 Металоглодач
7223.08 Металоглодач, специјализиран
7223.09 Помошен металобрусач
7223.10 Хоризонтален металобрусач

7223.11 Хоризонтален металобрусач, специјализиран
7223.12 Металостругар
7223.13 Металобрусач
7223.14 Металобрусач, специјализиран
7223.15 Плетач на метални јажиња
7223.16 Пресувач на метал
7223.17 Обработувач на метал со одвојување на честички
7223.18 Дреар
7223.19 Борверист

## 7224. Обработувачи на метални површини и острачи

Обработувачите на метални површини и острачите брусат и полираат метални површини заради нивно чистење, односно постигнување на изглед што одговара на површината, како и острат алатки.

Задачите вклучуваат:

- ракување со пресувачки машини за дупчење и полирање на метални површини;
- ракување со стабилни машини за острење алатки;
- поправка, прилагодување и острење на жични пили;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7224.01 Брусач на метал
7224.02 Острач на алат
7224.03 Полирач на метал
7224.04 Острач на ножеви
7224.05 Острач на алат, специјализиран

**СПОРЕДНА ГРУПА 723.**

### Механичари и монтери на машини

Механичарите и монтерите на машини подесуваат, монтираат, одржуваат и поправаат погонски мотори, моторни возила, земјоделски и индустриски машини и механичка опрема.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: монтирање, подесување, одржување и поправка на погонски мотори, моторни возила, земјоделски и индустриски машини, механички опреми и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7231. Механичари и монтери на моторни возила**
**7232. Механичари и монтери на воздухопловни мотори**
**7233. Механичари и монтери на земјоделски и индустриски машини**
**7234. Механичари и монтери на велосипеди и слично**

## 7231. Механичари и монтери на моторни возила

Механичарите и монтерите на моторни возила подесуваат, монтираат, сервисираат и поправаат мотори и друга механичка опрема, патнички автомобили, камиони и други моторни возила.

Задачите вклучуваат:

- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на мотори и моторни возила;
- ремонтирање или заменување на старите мотори со нови;
- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на системот за кочење на моторни возила;
- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на системот за управување на моторни возила;

- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на системи за ладење на моторни возила;
- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на системи за довод на горива на моторни возила;
- замена на дотраени делови со нови резервни делови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7231.01 | Работоводител на механичари и монтери на моторни возила |
| 7231.02 | Механичар за мотори |
| 7231.03 | Механичар за мотори, мајстор |
| 7231.04 | Автомеханичар |
| 7231.05 | Автомеханичар, мајстор |
| 7231.06 | Механичар за возила за внатрешен транспорт |
| 7231.07 | Механичар за пружни возила за внатрешен транспорт |
| 7231.08 | Механичар за пружни возила, специјализиран |
| 7231.09 | Дијагностичар на дефекти на возила |
| 7231.10 | Подмачкувач на возила |
| 7231.11 | Монтер на моторни возила |
| 7231.12 | Технички контролор на возила |

## 7232. Механичари и монтери на воздухопловни мотори

Механичарите и монтерите на воздухопловни мотори испитуваат, подесуваат, сервисираат, поправаат и ремонтираат воздухопловни мотори како и даваат услуги за испитување и сервисирање на хидраулични и пневматски системи на воздухопловни средства.

Задачите вклучуваат:

- подесување, испитување, сервисирање, тестирање и поправка на воздухопловните мотори и воздухоплови;
- заменување на составните делови на мотори или на цели мотори;
- испитување и контрола на хидрауличните системи на воздухопловите;
- испитување и контрола на пневматските системи на воздухопловите;
- инсталирање и тестирање на електрични и електронски компоненти и системи во воздухопловите;
- одржување на други системи во воздухопловите;
- толкување на прирачна литература за сервисирање на воздухопловите;
- водење на евиденција за сервисите на воздухопловите;
- контрола на работата и проверка дали се задоволени стандардите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7232.01 | Авиомеханичар за авиони и мотори |
| 7232.02 | Авиомеханичар за авиони и мотори, специјализиран |
| 7232.03 | Авиомонтер |
| 7232.04 | Авиомеханичар |
| 7232.05 | Авиомеханичар за хеликоптери |
| 7232.06 | Воздухопловен реставратор |

## 7233. Механичари и монтери на земјоделски и индустриски машини

Механичарите и монтерите на индустриски и други машини испитуваат, подесуваат, сервисираат, тестираат и поправаат земјоделски и индустриски машини и механичка опрема (освен кај авионите и моторните возила).

Задачите вклучуваат:

- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на земјоделски и индустриски машини и механичка опрема;
- испитување, подесување, сервисирање и поправка на стационирани индустриски мотори;
- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на средства за внатрешен транспорт во индустриски погони (освен моторни возила);
- испитување, тестирање и монтирање на нови стационирани мотори во индустријата, во согласност со спецификациите и нормите;
- испитување на дефектните делови како резултат на преголемо оптоварување;
- водење на евиденција за извршените сервиси и поправки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7233.01 Работоводител на монтери, механичари и сервисери на машини
7233.02 Монтер на процесна опрема
7233.03 Монтер на процесна опрема, специјализиран
7233.04 Монтер на енергетска опрема
7233.05 Монтер на енергетска опрема, специјализиран
7233.06 Монтер на опрема за греење и ладење
7233.07 Монтер на опрема за греење и ладење, специјализиран
7233.08 Монтер на индустриски транспортни средства
7233.09 Монтер на индустриски транспортни средства, специјализиран
7233.10 Монтер на дигалки
7233.11 Монтер на дигалки, специјализиран
7233.12 Монтер на алатни машини
7233.13 Монтер на алатни машини, специјализиран
7233.14 Монтер на бродска опрема
7233.15 Монтер на бродска опрема, специјализиран
7233.16 Монтер на текстилни машини
7233.17 Монтер на текстилни машини, специјализиран
7233.18 Монтер на земјоделски машини
7233.19 Монтер на земјоделски машини, специјализиран
7233.20 Помошен монтер на машини
7233.21 Монтер на машини
7233.22 Монтер на машини, специјализиран
7233.23 Механичар на металуршка опрема
7233.24 Механичар на металуршка опрема,специјализиран
7233.25 Механичар на процесна опрема
7233.26 Механичар на процесна опрема, специјализиран
7233.27 Механичар на енергетска опрема
7233.28 Механичар на енергетска опрема, специјализиран
7233.29 Механичар на опрема за греење
7233.30 Механичар на опрема за греење, специјализиран
7233.31 Механичар на уреди за ладење и климатизери
7233.32 Механичар на уреди за ладење и климатизери, мајстор
7233.33 Механичар на постројки за полнење и пакување
7233.34 Механичар на постројки за полнење и пакување, специјализиран
7233.35 Механичар на производствени постројки
7233.36 Механичар на производствени постројки, специјализиран
7233.37 Механичар на опрема за компресори
7233.38 Механичар на опрема за компресори, специјализиран
7233.39 Механичар на пумпи, специјализиран
7233.40 Механичар на алатни машини
7233.41 Механичар на алатни машини, мајстор
7233.42 Механичар на бродски машини

7233.43 Механичар на бродски машини, специјализиран
7233.44 Механичар на машини за преработка на неметали
7233.45 Механичар на машини за преработка на неметали, специјализиран
7233.46 Механичар на графички машини
7233.47 Механичар на графички машини, специјализиран
7233.48 Механичар на машини за хидраулика, специјализиран
7233.49 Механичар на машини за кожарство и чевларство
7233.50 Механичар на машини за кожарство и чевларство, специјализиран
7233.51 Механичар на текстилни машини
7233.52 Механичар на текстилни машини, специјализиран
7233.53 Механичар на градежни машини
7233.54 Механичар на градежни машини, специјализиран
7233.55 Механичар на рударски машини
7233.56 Механичар на рударски машини, специјализиран
7233.57 Механичар на конфекциски машини
7233.58 Механичар на конфекциски машини, специјализиран
7233.59 Механичар на земјоделска механизација
7233.60 Механичар на земјоделска механизација, мајстор
7233.61 Механичар на шумска механизација
7233.62 Механичар на шумска механизација, специјализиран
7233.63 Механичар на претоварна механизација
7233.64 Механичар на претоварна механизација, специјализиран
7233.65 Механичар на машини за уреди
7233.66 Механичар на машини за уреди, мајстор
7233.67 Механичар на индустриска опрема
7233.68 Механичар на индустриска опрема, специјализиран
7233.69 Подмачкувач на машини
7233.70 Машинобравар
7233.71 Машинобравар, мајстор
7233.72 Одржувач на машини за шиење
7233.73 Одржувач на машини за шиење, мајстор
7233.74 Одржувач на плински уреди
7233.75 Одржувач на плински уреди, специјализиран
7233.76 Одржувач на рачен алат
7233.77 Одржувач на рачен алат, специјализиран
7233.78 Одржувач на уреди за точење на гориво
7233.79 Одржувач на уреди за точење на гориво, специјализиран
7233.80 Одржувач на противпожарни апарати
7233.81 Одржувач на други машини

## 7234. Механичари и монтери на велосипеди и слично

Механичарите и монтерите на велосипеди и слично подесуваат, монтираат, сервисираат и поправаат велосипеди, детски колички и друга дополнителна опрема за немоторизиран транспорт.

Задачите вклучуваат:

- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на велосипеди и друга немоторизирана опрема за транспорт;
- монтажа на велосипеди, инвалидски колички, детски колички и слична немоторизирана опрема за транспорт;
- испитување, подесување, сервисирање, тестирање и поправка на пневматиците, сопирачките, системот за управување и друго;
- одржување, чистење и подмачкување на синџири, лежишта и други подвижни делови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7234.01 Механичар за велосипеди
7234.02 Монтер на велосипеди

**ПОДГРУПА 73.**
**Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари**

Прецизните механичари, изработувачите на ракотворби и печатарите изработуваат и поправаат прецизни инструменти, музички инструменти, разновидни производи како што се накит, предмети од благородни метали, керамика, порцелански и стаклени садови, како и рачни изработки од дрво, текстил, кожа и слични материјали, вршат печатарски и книговезачки работи.

Работата се врши со рачен и друг алат за да се намали физичкиот напор и потребното работно време и заради подобрување на квалитетот на производите. Овие задачи бараат познавање на организацијата на работата, материјалот и алатот кои се користат, како и природата и намената на готовиот производ.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: изработка и поправка на наутички, метеоролошки, оптички и други прецизни инструменти и опрема, изработка и поправка на музички инструменти, изработка на накит и предмети од благородни метали, изработка на предмети од порцелан, керамика и стакло, бојадисување и украсување на разновидни предмети, рачни изработки од дрво, текстил, кожа и слични материјали, печатарски и книговезачки работи и друго. Задачите може да вклучуваат и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**731. Прецизни механичари и изработувачи на ракотворби**
**732. Работници на печатење и сродни занимања**

**СПОРЕДНА ГРУПА 731.**
**Прецизни механичари и изработувачи на ракотворби**

Прецизните механичари и изработувачите на ракотворби изработуваат и поправаат прецизни инструменти, музички инструменти, накит и други предмети од благородни метали, керамика, стакло, дрво, бакар, текстил, кожа и слично.

- изработка на картонски производи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
8143.01 Ракувач со машина за изработка на пликови
8143.02 Ракувач со машина за изработка на врeќички
8143.03 Ракувач со машина за преработка на хартија
8143.04 Ракувач со машина во картонажа
8143.05 Ракувач со помошна машина во картонажа
8143.06 Обработувач на материјали во преработката на хартија
8143.07 Обработувач на материјали во картонажа

**СПОРЕДНА ГРУПА 815.**

### Ракувачи со машини за текстил, крзно и кожа

Ракувачите со машини за текстил, крзно и кожа ракуваат со машините што подготвуваат влакна и предива, или големи и мали сурови кожи, и произведуваат или хемиски чистат текстил или крзнени и кожни производи.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: контрола и ракување со машини за подготовка на влакна и предење и намотување; намотување на предива и конец; ткаење и плетење; производство на облека, машински направена од различни материјали; перење, сушење, топлинско стабилизирање на димензии, белење, боење и чистење на текстилни предмети; подготвување на различни видови кожа или крзна за изработка на вештачки кожи; изработка на обувки и слични производи. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8151. Ракувачи со машини за предење и намотување на влакна**
**8152. Ракувачи со машини за ткаење и плетење**
**8153. Ракувачи со машини за шиење на текстил, кожа и крзно**
**8154. Ракувачи со машини за белење, боење и чистење на текстил, кожа и крзно**
**8155. Ракувачи со машини за подготовка на крзна и кожа**

**8156. Ракувачи со машини за производство на обувки и кожна галантерија**
**8157. Ракувачи со машини за перење**
**8159. Ракувачи со машини за текстилни, крзнени и кожни производи кои не се класифицирани на друго место**

## 8151. Ракувачи со машини за предење и намотување на влакна

Ракувачите со машини за предење и намотување на влакна ракуваат со машини коишто подготвуваат влакна и предат, дуплираат, вплетуваат и намотуваат предиво и конец.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за комбинирање на текстилни влакна во изедначени потки;
- ракување со машини за чистење и чешлање на текстилни влакна, нивно претворање во конец, чешлање на конецот за прво извлекување, комбинирање на конец во кругови или во ленти, комбинирање на повеќе конци во разредена макара со изедначен квалитет и тежина;
- ракување со машини за трансформирање на конецот во калапи;
- третирање на конец со хемикалии за да се направи отпорен на вода;
- ракување со машини за предење на конец и предиво од калапи, намотување на два или повеќе конци на калеми, вплетување на два или повеќе стракови на предиво или конец во еден единствен почеток и посилен страк или премотување на предиво или конец од една основа на друга;
- надгледување на работата на машините и нивно чистење од волнен отпад;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8151.01 Ракувач со машина за предење
8151.02 Ракувач со машина за неткаен текстил
8151.03 Ракувач со машина за јажиња

## 8152. Ракувачи со машини за ткаење и плетење

Ракувачите со машини за ткаење и плетење ракуваат со машини и опрема за ткаење и плетење кои се користат во производството на материјали и ткаенина.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за изработка на нови текстилни производи со ткаење и плетење (еднобојно и шарено платно, таписерии, чипки, килими, облека, чорапи, јажиња или други ткаенини и предмети);
- провирање на конец во иглите на машините;
- ракување со машини за изработка на рамни текстилни производи со игла и прошивање;
- надгледување на работата на машините, тековно сервисирање и нивно чистење од волнен отпад;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8152.01 Ракувач со машина за ткаење
8152.02 Ракувач со машина за плетење
8152.03 Ракувач со машина за плетење на мрежи
8152.04 Ракувач со машина за украсен текстил
8152.05 Ракувач со машина за везење
8152.06 Ракувач со машина за изработка на чипка

## 8153. Ракувачи со машини за шиење на текстил, кожа и крзно

Ракувачите со машини за шиење на текстил, кожа и крзно ракуваат со шивачките машини за изработка на текстилна, кожна и крзнена облека и со машините за везење на декоративна дезенирана облека и други материјали.

Задачите вклучуваат:

- ракување со стандардни или посебни машини за шиење со една или повеќе игли при изработка или поправка на облека, ракавици и разни предмети од текстил, крзно или кожа;
- ракување со стандардни или посебни машини за шиење со една или повеќе игли за везење на декоративни дезени на текстил или други материјали;
- порабување на крајните делови на производите од текстил, кожа и крзно;
- надгледување на работата на машините, тековно сервисирање и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8153.01 | Ракувач со машина за рамно шиење |
| 8153.02 | Ракувач со посебни машини за шиење на облека |
| 8153.03 | Ракувач со полуавтоматски и автоматски шивач |
| 8153.04 | Помошен ракувач со шивачка машина за тапацирање |
| 8153.05 | Ракувач со шивачка машина за тапацирање |
| 8153.06 | Ракувач со шивачка машина за текстил |
| 8153.07 | Ракувач со шивачка машина за кожа |
| 8153.08 | Ракувач со машина за везење |

## 8154. Ракувачи со машини за белење, боење и чистење на текстил, кожа и крзно

Ракувачите со машини за белење, боење и чистење на текстил, кожа и крзно ракуваат со машини за перење, сушење, топлинско стабилизирање на димензии, белење, боење и чистење и друга обработка на влакна, предиво, ткаенини, односно плетива, или хемиско чистење на текстилни, крзнени и кожни предмети.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини кои менуваат изглед, боја и квалитет на тексилниет производи;
- ракување со машини за перење и хемиско чистење на текстилни, крзнени и кожни производи, како и отстранување на нечистотии, хемикалии или природна гума;
- ракување со машини за влажнење на сукна и зајакнување на ткаенини со меѓусебно спојување на влакна;
- ракување со машини за импрегнирање на текстил со хемикалии со цел текстилот да стане отпорен на вода;
- ракување со машини за обработка на свила заради подобрување на квалитетот и промена на тежина;
- ракување со машини за кубење, шишање, пресување, сушење, тегнење, зацврстување на димензии, додавање на сјај или за некое друго довршување на обработката на текстилот, кожата или крзното;
- надгледување на работата на машините, тековно сервисирање и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8154.01 | Ракувач со машина за варење на текстил |
| 8154.02 | Ракувач со машина за карбонизирање на текстил |
| 8154.03 | Ракувач со машина за штиркање на текстил |
| 8154.04 | Ракувач со машина за боење на текстилни влакна |
| 8154.05 | Ракувач со машина за боење на предиво |
| 8154.06 | Ракувач со машина за боење на текстил |
| 8154.07 | Ракувач со машина за белење на текстил |
| 8154.08 | Ракувач со машина за печатење на текстил |
| 8154.09 | Ракувач со машина за топлотна обработка на текстил |
| 8154.10 | Ракувач со каландер за текстил |

8154.11 Ракувач со машина за валање на текстил
8154.12 Ракувач со машина за кубење на текстил
8154.13 Ракувач со машина за шишање на текстил
8154.14 Ракувач со машина за плисирање на текстил
8154.15 Ракувач со текстилна преса
8154.16 Ракувач со машина за пеглање на текстил
8154.17 Ракувач со машина за пеглање на облека
8154.18 Ракувач со машина за дополнителна обработка на текстил
8154.19 Ракувач со машина за намотување на текстил
8154.20 Ракувач со машина за пластифицирање на текстил

## 8155. Ракувачи со машини за подготовка на крзна и кожа

Ракувачите со машини за подготовка на крзна и кожа ракуваат со машини за подготовка на кожа и преработка на животински кожи покриени со крзно.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за отстранување на месо и маснотии од животинските крзна и кожи пред штавење;
- ракување со машини кои ги отстрануваат долгите и груби влакна од животинските крзна, ги потстрижуваат влакната на еднаква должина, тегнење и мазнење на премачкани сурови кожи;
- ракување со машини за одвојување на остатокот на волна, месо и влакна од животинските кожи или за цепење и стругање, брусење, четкање и полирање на кожа и крзно;
- ракување со машини за третирање на сурови кожи во раствори и нанесување на финален производ за да ги претворат во вештачка кожа;
- ракување со машини за нанесување на бои и лакови со прскање и печатење на кожата;
- надгледување на работата на машините, тековно сервисирање и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
8155.01 Ракувач со машина за одвојување на месо
8155.02 Ракувач со машина за цепење на кожа
8155.03 Ракувач со машина за сушење на кожа
8155.04 Ракувач со машина за стругање на кожа
8155.05 Ракувач со машина за напивање на кожа
8155.06 Ракувач со машина за брусење и четкање на кожа
8155.07 Ракувач со машина за чешлање и шишање на кожа
8155.08 Ракувач со машина за пеглање и рамнење на кожа
8155.09 Ракувач со машина за кршење на лице на кожа
8155.10 Ракувач со машина за омекнување на кожа
8155.11 Ракувач со машина за мерење на кожа
8155.12 Ракувач со машина за покриени слоеви на кожа
8155.13 Ракувач со машина за доработка на потплатнени кожи
8155.14 Ракувач со кожарско-крзнарски машини

## 8156. Ракувачи со машини за производство на обувки и кожна галантерија

Ракувачите со машини за производство на обувки и кожна галантерија ракуваат со машините за производство и поправка на стандардни или специјални обувки, чанти и други слични предмети, претежно изработени од кожа и ја надгледуваат работата на машините.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машините за обележување на мостри и сечење на делови на обувки;
- ракување со машини за шиење на делови од обувки во целина или за преработување и полирање или украсување и довршување;

- ракување со машини за производство на куфери, чанти, ремени и други слични предмети како седла, узди или ремени за животни;
- надгледување на работата на машините, тековно одржување и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8156.01 Опслужувач на машина за градирање на чевларски шаблони
8156.02 Ракувач со машина за кроење на горни делови на обувки
8156.03 Ракувач со машина за навлекување на горни делови на обувки
8156.04 Ракувач со машина за дупчење на кожни обувки
8156.05 Опслужувач на машина за украсување на обувки
8156.06 Ракувач со машина за пресување на делови на обувки
8156.07 Ракувач со машина за сечење на долни делови на обувки
8156.08 Ракувач со машина за вбризгување на потпетици на обувки
8156.09 Ракувач со машина за обработка на рабови на потпетици
8156.10 Ракувач со машина за брусење на обувки
8156.11 Ракувач со чевларски машини
8156.12 Опслужувач на машина за сечење и режење на кожна галантерија
8156.13 Ракувач со шивачка машина за обувки
8156.14 Ракувач со машина за шиење на ѓонови
8156.15 Ракувач со шивачка машина за кожна галантерија

## 8157. Ракувачи со машини за перење

Ракувачите со машини за перење ракуваат со машини за перење и хемиско чистење во претпријатија и ја надгледуваат работата на машините.

Задачите вклучуваат:

- сортирање на материјалите за перење по боја, материјал, големина и други карактеристики;
- проверка и рачно отстранување на поголеми нечистотии од материјалите за перење и хемиско чистење;
- ставање на материјалите за перење во отворот од машината предвиден за тоа;
- дозирање на машините со потребната количина на детергенти и средства за омекнување;
- ракување и програмирање за автоматска работа на машините за перење и хемиско чистење;
- сушење и подредување на испраните материјали;
- доставување на материјалите по налог на корисниците на услугата и вршење на наплата за улугата;
- надгледување на работата на машините, тековно одржување и чистење;
- водење на евиденција за работата на машините;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8157.01 Ракувач со машина за перење на алишта
8157.02 Ракувач со машина за цедење на алишта
8157.03 Ракувач со машина за перење на текстил
8157.04 Хемиски чистач
8157.05 Хемиски чистач, мајстор

## 8159. Ракувачи со машини за текстилни, крзнени и кожни производи кои не се класифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа ракувачи со машини за текстилни, крзнени и кожни производи кои не се класифицирани на друго место во споредната група 815. Ракувачи со машини за текстил, крзно и кожа.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8159.01 Ракувач со машина за изработка со лента со примерок

8159.02 Ракувач со машина за изработка на шапки
8159.03 Ракувач со машина за топлотно обликување на текстил
8159.04 Ракувач за изработка на позамантерија
8159.05 Опслужувач на машина за украсување на обувки

**СПОРЕДНА ГРУПА 816.**

**Ракувачи со машини за прехранбени и слични производи**

Ракувачите со машини за прехранбени и слични производи ракуваат со машините за преработка на прехранбени производи и производство на храна и слични производи за човечка и животинска исхрана.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: контрола и ракување со машините за колење на животни и сечење на трупови од риба и животни на парчиња за складирање или продажба; преработка на месо и производи од риба; преработка на млеко или кајмак и производство на млечни производи; дробење и мелење на зрна, жито, зачини и слични прехранбени производи, за производство на леб, тестенини и слични производи; преработка на овошје и зеленчук и добивање на конзервирани производи; преработка и рафинирање на шеќер; преработка на чај, кафе и какао; производство на пиво, вино, оцет, алкохолни и други пијалаци или тутунски производи. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8160. Ракувачи со машини за прехранбени и слични производи**

## 8160. Ракувачи со машини за прехранбени и слични производи

Ракувачите со машини за прехранбени и слични производи ракуваат со машините за колење и сечење на животински трупови и производство на производи од риба и месо, производство на млечни производи, мелење на зрна и преработка на жита и храна за човекот и животните, леб и разни видови на тестенини, преработка на овошје и зеленчук и нивно конзервирање и замрзнување, преработка на чај, кафе и други видови на безалкохолни пијалаци, производство на пиво, вино и други алкохолни пијалаци, производство на цигари и други производи од тутун.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за колење на животни и сечење на нивни трупови на стандардни парчиња;
- ракување со машините за преработка на месо и риба, производство на различни производи од месо и риба;
- ракување со машини за пастеризирање, хомогенизирање и топлинска обработка на млекото и кајмакот и производство на млечни производи;
- ракување со машини за производство на путер, сирење и други млечни производи или производи врз база на млеко;
- ракување со машини за производство на брашно, гриз, животинска храна и преработка на ориз;
- ракување со машини за подготовка на тесто за производство на леб, слатки, тестенини, чоколадни и слични производи од брашно, какао и други состојки;
- ракување со печки за печење на леб, слатки, тестенини и слични производи;
- ракување со машини за сушење, вадење, конзервирање, замрзнување или друга преработка на овошје и зеленчук;
- ракување со машини за рафинирање, кристализирање и сушење на шеќер;
- ракување со машини за преработка на мед;
- ракување со машини за сушење на листови од чај, виткање на исушени листови или сушење на виткани листови и мешање на различни видови на чај;
- ракување со машини за пржење и мелење на кафе, какао или ендивија;
- ракување со машини за производство на безалкохолни пијалаци, со исклучок на сокови од овошје и зеленчук;
- ракување со машини за преработка на јачмен и други жита во процесот на производство на дестилирани пијалаци или пијалаци од слад и контролирање на ферментациски процеси;
- ракување со машини за преработка на грозје и друго овошје во процесот на производство на вино и за контролирање на ферментациски процеси;
- ракување со машини за производство на квасец;
- ракување со машини за преработка и производство на цигари и други производи од тутун;

- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8160.01 Ракувач со уреди за обработка на месо
8160.02 Ракувач со уреди за обработка на риба
8160.03 Ракувач со машина за топење на масти
8160.04 Ракувач со машина за сушење на месо
8160.05 Ракувач со уреди за замрзнување на месо и риба
8160.06 Ракувач со уреди за стерилизација на месни и рибји конзерви
8160.07 Ракувач со уреди за изработка на колбаси
8160.08 Ракувач со машина за преработка на месо
8160.09 Ракувач со машина за преработка на риба
8160.10 Ракувач со машина за конзервирање на месо и риба
8160.11 Ракувач со машина за рибји производи
8160.12 Опслужувач на машина во преработката на месо и риба
8160.13 Ракувач со уреди за обработка на млеко
8160.14 Ракувач со уреди за пастеризација на млеко
8160.15 Ракувач со машина за конзервирање на млеко
8160.16 Индустриски обработувач на млеко, специјализиран
8160.17 Ракувач со постројка за преработка на млеко
8160.18 Ракувач со постројка за производство на млечна детска храна
8160.19 Ракувач со уреди за ладење на млечни производи
8160.20 Ракувач со уреди за пастеризација на млечни производи
8160.21 Ракувач со машина за млечни производи
8160.22 Произведувач на сирење, индустриски
8160.23 Преработувач на млеко, специјализиран
8160.24 Опслужувач на уреди во преработката на млеко
8160.25 Ракувач со машина за лупење на жито
8160.26 Ракувач со машина за мелење на жито
8160.27 Ракувач со мелничарски сита
8160.28 Ракувач со мелничарски валјаци
8160.29 Ракувач со мелница за зачин
8160.30 Ракувач со силосни уреди
8160.31 Опслужувач на машини за мелење на прехранбени производи
8160.32 Ракувач со машина за производство на добиточна храна
8160.33 Ракувач со машина за производство на диетална храна
8160.34 Ракувач со машина за производство на тесто
8160.35 Ракувач со машина за производство на жита
8160.36 Ракувач со пекарски машини
8160.37 Ракувач со машина за производство на тестенини
8160.38 Ракувач со машина за производство на бисквити
8160.39 Ракувач со машина за печива
8160.40 Ракувач со машина за производство на колачи
8160.41 Ракувач со машина за производство на слатки
8160.42 Ракувач со машина за производство на гуми за џвакање
8160.43 Ракувач со машина за производство на чоколади
8160.44 Опслужувач на машина за пекарски производи и слатки
8160.45 Кондитори
8160.46 Ракувач со машина за миење на овошје и зеленчук
8160.47 Ракувач со машина за подготовка на овошје и зеленчук
8160.48 Ракувач со уреди за сушење на овошје и зеленчук
8160.49 Ракувач со уреди за замрзнување на овошје и зеленчук
8160.50 Ракувач со уреди за стерилизирање на конзерви за овошје и зеленчук
8160.51 Ракувач со машина за обработка на овошје
8160.52 Ракувач со машина за преработка на овошје и зеленчук

8160.53 Ракувач со машина за производство на сокови
8160.54 Ракувач со машина за производство на детска храна од овошје
8160.55 Ракувач со машина за мелење на маслени лушпи
8160.56 Ракувач со машина за мелење на маслено семе
8160.57 Ракувач со машина за производство на масло за јадење
8160.58 Ракувач со машина за рафинирање на масло и масти
8160.59 Ракувач со машина за производство на маргарин и растителна маст
8160.60 Опслужувач на линија за преработка на овошје и зеленчук
8160.61 Ракувач со прехранбени машини
8160.62 Ракувач со постројки за режење на шеќерна репка
8160.63 Ракувач со постројки за екстракција на шеќер
8160.64 Ракувач со постројки за филтрирање на шеќерен сируп
8160.65 Ракувач со постројки за кристализација
8160.66 Ракувач со постројки за течен шеќер
8160.67 Ракувач со постројки за стерилизирање на уреди и транспортни средства
8160.68 Ракувач со постројки за сушење на шеќер и резанки
8160.69 Ракувач со постројки за сепарација на скроб
8160.70 Ракувач со постројки за добивање на скробен сируп
8160.71 Ракувач со постројки за рафинирање на скроб
8160.72 Ракувач со постројки за добивање на глутен
8160.73 Ракувач со постројки за производство на скробни деривати
8160.74 Ракувач со постројки за преработка на мед
8160.75 Издвојувач на лековити производи од мед, специјализиран
8160.76 Опслужувач на машина за производство на шеќер
8160.77 Ракувач со постројки за подготовка на кафе, инстанти и чаеви
8160.78 Ракувач со постројки за преработка на кафе, какао, додатоци за јадења и чаеви
8160.79 Ракувач со уреди за обработка на јачмен и слад
8160.80 Ракувач со постројки за производство на пиво
8160.81 Ракувач со уреди за производство на вино
8160.82 Ракувач со уреди за производство на алкохол
8160.83 Ракувач со уреди за производство на жестоки алкохолни пијалаци
8160.84 Ракувач со уреди за производство на безалкохолни пијалаци
8160.85 Ракувач со постројки за производство на оцет
8160.86 Ракувач со уреди за производство на квасец
8160.87 Ракувач со уреди за производство на пијалаци
8160.88 Опслужувач на линија во производството на пијалаци
8160.89 Опслужувач на линија во преработката на тутун
8160.90 Ракувач со машина за преработка на тутун
8160.91 Ракувач со уреди за преработка на тутун
8160.92 Ракувач со машина за производство на производи од тутун
8160.93 Ракувач со постројки за производство на производи од тутун

**СПОРЕДНА ГРУПА 817.**

## Ракувачи со постројки за преработка на дрво и добивање на хартија

Ракувачите со постројки за преработка на дрво и добивање на хартија ракуваат со опрема за сечење, режење и длабење на дрвото за подготовка за понатамошна обработка и претворање на дрвото и другите материјали во хартиена каша за производство на хартија.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: ракување со постројки и опрема за преработка на дрво за понатамошна употреба, преработка на дрво и други материјали во каша и добивање на хартија, надзор на работата на машините. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8171. Ракувачи со постројки за преработка на хартиена каша и добивање на хартија**
**8172. Ракувачи со постројки за преработка на дрво**

## 8171. Ракувачи со постројки за преработка на хартиена каша и добивање на хартија

Ракувачите со постројки за преработка на хартиена каша и добивање на хартија ракуваат со постројки и опрема за претворање на материјали како што се дрво, крпи, слама, отпадоци на каша и хартија во суровина за изработка на хартија. Ја надгледуваат работата на машините.

Задачите вклучуваат:

- ракување со постројки за белење на дрвена каша, крпи, слама, отпадоци од хартија и хартија;
- ракување со постројки за правење иверки и дробење на дрвото за производство на каша;
- ракување со машините со кои се добива каша од материјали како што се дрво, крпи, слама, отпадоци од хартија и хартија;
- ракување со постројки за мешање, мелење и хидрирање на каша за да се подготви суровина за производство на хартија;
- ракување со делот на машините и опремата за изработка на хартија, каде што влажната хартиена каша се претвора во хартија и хартијата се суши, пегла, намотува, пресува и повторно намотува;
- ракување со валјаци за фино пеглање на хартијата на која и даваат сјај или проѕирност;
- ракување со постројки за глазирање и импрегнирање на хартијата;
- запазување на процесот на производство според спецификациите за работа;
- надгледување на работата на машините, тековно одржување и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8171.01 | Опслужувач на постројки за дробење на дрво |
| 8171.02 | Ракувач со постројки за отстранување на влакна од хартиена каша |
| 8171.03 | Ракувач со уреди за варење на дрво |
| 8171.04 | Ракувач со уреди за мелење на дрво, целулоза и слично |
| 8171.05 | Ракувач со автоклава за сеча |
| 8171.06 | Ракувач со уреди за избелување на целулоза |
| 8171.07 | Ракувач со машина за дрвна пулпа |
| 8171.08 | Ракувач со уреди за подготовка на лепила за хартија |
| 8171.09 | Ракувач со уреди за хидрирање на пулпа |
| 8171.10 | Ракувач со млин за хартиена смеса |
| 8171.11 | Управувач со мокра преработка на стара хартија |
| 8171.12 | Опслужувач на уреди за подготовка на хартиена маса |
| 8171.13 | Ракувач со уреди за подготовка на хартиена маса |
| 8171.14 | Ракувач со машини за производство на хартија |
| 8171.15 | Ракувач со машини за производство на хартија, специјализиран |
| 8171.16 | Ракувач со машини за обработка на хартија |

## 8172. Ракувачи со постројки за преработка на дрво

Ракувачите со постројки за преработка на дрво управуваат со целосно или делумно автоматизирани машини за обработка на дрво, ги надгледуваат машините и опремата за сечење на дрво и фурнир, добивање на иверка и друга преработка на дрвото за понатамошна употреба.

Задачите вклучуваат:

- ракување со преносни системи за товарање и пренесување на трупци;
- надзор и ракување со пили за сечење на трупци и друго дрво, сечење со пила на трупците на помали делови, режење на штици, плочи и преместување на отпадоците од режаното дрво;
- надзор на постројките за изработка на фурнир и ракување со нив;
- ракување со машина за изработка на шперплоча и пресување на поставени листови и ракување со нив;
- надзор и и ракување со постројки за изработка на дрвени столбови;
- ракување со машини за обработка на плута;

- ракување со различни машини за фина обработка на дрво како дребонг, струг и слично;
- ракување со машини за лепење на дрвени делови и премачкување со заштитен слој на дрвото;
- контролирање на квалитетот на дрвените производи;
- надгледување на работата на машините, тековно одржување и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8172.01 Ракувач со машина за делење на дрво без иверка
8172.02 Ракувач со машина за подготовка на трупци
8172.03 Ракувач со машина за отковување
8172.04 Ракувач со повеќефазна машина за лупење, сечење со пила и сечење на иверка
8172.05 Ракувач со циркулар, гатер и паралица
8172.06 Ракувач со повеќелисна кружна пила
8172.07 Ракувач со машина за иверка
8172.08 Ракувач со уреди за просејување и сортирање на дрво
8172.09 Сортирач на фурнир и шперплоча
8172.10 Мерач и врзувач на фурнир
8172.11 Цртач на фурнир и масивни дрва
8172.12 Ракувач со преса за лепење на иверки и плочи
8172.13 Ракувач со преса за лепење на дрвени влакна
8172.14 Ракувач со уреди за лепење на дрвени рабови
8172.15 Ракувач со преса за втиснување на орнаменти во дрво
8172.16 Опслужувач на постројки за изработка на паркет
8172.17 Сортирач и составувач на ламелен и мозаичен паркет
8172.18 Ракувач со машина за изработка на прагови
8172.19 Ракувач со машина за обработка на плута
8172.20 Ракувач со бројчано-управувачки машини за примарна обработка на дрво
8172.21 Ракувач со шинска пила
8172.22 Ракувач со кружна пила
8172.23 Ракувач со стругалка за дрво
8172.24 Ракувач со глодалка за дрво
8172.25 Ракувач со дупчалка за дрво
8172.26 Ракувач со машина за вдлабнување на дупки во дрво
8172.27 Ракувач со двороторска машина
8172.28 Ракувач со машина за дупчење и полирање на дрво
8172.29 Резбар на дрвени фигури
8172.30 Ракувач со постројки за нанесување на сврзани слоеви на дрво
8172.31 Ракувач со машина за лепење на тесни страни на дрво
8172.32 Ракувач со машина за лепење на аголни споеви на дрво
8172.33 Ракувач со преса за лепење на дрвени плочи
8172.34 Ракувач со преса за лепење на дрвени рабови
8172.35 Ракувач со преса за одлепување на рабови
8172.36 Ракувач со машина за обработување и одлепување на дрво
8172.37 Ракувач со повеќефазна машина за обработка на дрво и спојување на рабови
8172.38 Ракувач со повеќефазна машина за дрво
8172.39 Ракувач со уреди за фарбање и лакирање на дрво
8172.40 Ракувач со постројки за белење, чадење и патинирање на дрво
8172.41 Ракувач со уреди за климатизирање и стврднување на површини од дрво
8172.42 Ракувач со уреди за кондиционирање на дрво
8172.43 Свиткувач на дрво во калап
8172.44 Ракувач со машина за обликување на дрво со свиткување и стиснување
8172.45 Ракувач со уреди за свиткување на дрво
8172.46 Ракувач со нумерички управувач за дрвообработувачка машина

**СПОРЕДНА ГРУПА 818.**

**Други ракувачи на машини и постројки**

Оваа споредна група опфаќа ракувачи на машини и постројки кои не се класифицирани на друго место во подгрупата 81. Ракувачи на машини и постројки.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: ракување со машини и опрема што се употребуваат во производството на предмети од стакло и керамика; ракување со парни котли, парни машини и турбини за производство на енергија и други комунални услуги; ракување со машини за пакување на производи, лепење етикети и додавање на приемни ознаки на производи, пакети или контејнери и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8181. Ракувачи со машини за преработка на стакло, керамика и слично**
**8182. Ракувачи со парни машини и направи и сродни занимања**
**8183. Ракувачи со машини за пакување, флаширање и етикетирање**
**8189. Ракувачи на машини и постројки, некласифицирани на друго место**

## 8181. Ракувачи со машини за преработка на стакло, керамика и слично

Ракувачите со машини за преработка на стакло, керамика и слично ракуваат со високите печки и другите печки, машини и опрема што се користат во производството на стакло, керамика, порцелан или тули.

Задачите вклучуваат:

- ракување со индустриски печки за производство и обработка на стакло;
- ракување со уреди и постројки за изработка на производи од стакло во различни форми со валање, влечење, пресување, дување и слично;
- ракување со машини и уреди за доработка на стакло;
- ракување со печки за сушење и печки за керамички производи;
- ракувач со уреди за глазирање и декорирање на керамички производи;
- ракување со уреди за производство на абразивно стакло и огледала;
- контрола на производите со цел да се утврдат неправилности и дефекти на производите;
- надгледување на уреди и постројки со кои се ракува;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8181.01 | Контролор на минеролошки процеси и производи |
| 8181.02 | Ракувач со машини и уреди за производство на керамика |
| 8181.03 | Ракувач со машини и уреди за производство на керамички производи |
| 8181.04 | Ракувач со машини и уреди за производство на стакло |
| 8181.05 | Ракувач со машини и уреди за производство на стаклени производи |
| 8181.06 | Ракувач со уреди за подготовка на стакло |
| 8181.07 | Ракувач со постројки за подготовка на керамичка смеса |
| 8181.08 | Ракувач со машина за обликување на керамика |
| 8181.09 | Керамичар на сурови производи |
| 8181.10 | Ракувач на печка за фриз |
| 8181.11 | Ракувач со уреди за подготовка на глазура |
| 8181.12 | Ракувач со постројки за изработка на стаклени влакна |
| 8181.13 | Ракувач со машина за мешање на абразивна смеса |
| 8181.14 | Оператор за пескарење |

## 8182. Ракувачи со парни машини и направи и сродни занимања

Ракувачите со парни машини и направи и сродните занимања ракуваат со различни видови парни котли, парни машини и турбини за да обезбедат енергија и други комунални услуги во комерцијални, индустриски и институционални објекти и превозни средства и ги надгледуваат.

Задачите вклучуваат:

- ракување со парни котли во индустриски котларници и електрани и нивно надгледување;
- ракување со парни машини и нивно надгледување;
- евиденција и анализа на инструментите и вршење на ситни поправки на опремата за да се спречи целокупен неуспех на системот;
- следење и контрола на ефикасноста на опремата и снабдување на котлите со вода и гориво до потребното ниво;
- одвртување и завртување на сигурносни вентили според потребите на работата;
- одржување на оптимален притисок во системот;
- водење на евиденција за работата на машините и дополнителната опрема;
- надгледување на работата на машините, тековно одржување и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8182.01 Ложач на парни котли
8182.02 Ложач на парни котли со рачно ложење
8182.03 Ракувач со парни котли со механизирано ложење
8182.04 Ракувач со парни котли со механизирано ложење, специјализиран
8182.05 Ракувач со парни котли со автоматска команда, специјализиран
8182.06 Ракувач со парни машини
8182.07 Ракувач со подвижни парни котли
8182.08 Ракувач со подвижни парни котли, специјализиран

## 8183. Ракувачи со машини за пакување, флаширање и етикетирање

Ракувачите со машини за пакување, флаширање и етикетирање ракуваат со машини за пакување, амбалажирање, лепење етикети и додавање приемни ознаки на различни производи и ја надгледуваат работата на машините.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за амбалажирање и пакување на различни производи (вклучувајќи тековни производи) и надгледување на нивната работа;
- ракување со машини за полнење и затворање на шишиња, цевки, лимени кутии, ќеси и други садови со производи како храна, пијалаци, бои, масла и лосиони;
- ракување со машини кои со лепење или други постапки етикетираат одделни производи или пакети или додаваат приемни ознаки;
- надгледување на работата на машините, тековно одржување и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8183.01 Ракувач со машина за пакување
8183.02 Ракувач со машина за миење на шишиња
8183.03 Ракувач за обележување на стока
8183.04 Ракувач за додавање на финансиски маркички
8183.05 Ракувач со постројки за полнење на шишиња
8183.06 Ракувач со машина за пакување под притисок
8183.07 Ракувач со машина за пакување на таблети
8183.08 Ракувач на машина за етикетирање
8183.09 Оператор за подготовка на документација за готови производи

## 8189. Ракувачи на машини и постројки, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа ракувачи на машини и постројки кои не се класифицирани на друго место во споредната група 818. Други ракувачи на машини и постројки.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8189.01 Ракувач со уреди за производство на сијалични плочи
8189.02 Ракувач со машина за провлекување на електрични водови
8189.03 Ракувач со машина за составување на кабли и јажиња
8189.04 Ракувач со машина за херметичко затворање
8189.05 Ракувач со постројки за полнење на боци со технички плин
8189.06 Ракувач со машина за означување на патишта
8189.07 Ракувач со опрема во забавен парк
8189.08 Ракувач со вага
8189.09 Ракувач со машина за миење на вагони
8189.10 Ракувач со постројки за миење на цистерни
8189.11 Ракувач со уреди за миење на возила
8189.12 Ракувач со индустриски роботи, специјализиран
8189.13 Ракувач со автоматизирани подвижни ленти, специјализиран
8189.14 Бројач на жици
8189.15 Бројач на пресувани елементи

**ПОДГРУПА 82.**

**Составувачи на машини и опрема**

Составувачите на машини и опрема ја следат работата на индустриските машини и составуваат производи од делови во согласност со конкретни спецификации и процедури за монтажа. Производите на коишто се работи можат да одат од еден работник до друг на подвижна производно - составна лента.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: проучување на прегледи за работа и различни цртежи и дијаграми за монтажа, составување на производи и склопови од составни делови според конкретни спецификации и процедури, монтирање на различни механизми и машини, монтажа на електрична и електронска опрема и друга останата опрема, контрола и тестирање на составените компоненти и отстранување на дефектите. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**821. Составувачи на машини и опрема**

**СПОРЕДНА ГРУПА 821.**

**Составувачи на машини и опрема**

Составувачите на машини и опрема ја следат работата на индустриските машини и составуваат производи од делови во согласност со конкретни спецификации и процедури за монтажа. Производите на коишто се работи можат да одат од еден работник до друг на подвижна производно - составна лента.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: проучување на прегледи за работа и различни цртежи и дијаграми за монтажа, составување на производи и склопови од составни делови според конкретни спецификации и процедури, монтирање на различни механизми и машини, монтажа на електрична и електронска опрема и друга останата опрема, контрола и тестирање на составените компоненти и отстранување на дефектите. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8211. Составувачи на механизми и машини**
**8212. Составувачи на електрична и електронска опрема**
**8219. Составувачи на опрема и производи, некласифицирани на друго место**

## 8211. Составувачи на механизми и машини

Составувачите на механизми и машини составуваат делови и склопови како мотори, машини, дигалки, возила и турбини, според конкретно дефинирани процедури.

Задачите вклучуваат:

- разгледување и проучување на спецификациите за работа како и помошни дијаграми и шеми потребни за склопување и монтирање;
- составување на делови и склопови од механички машини, моторни возила, локомотиви и слични производи според конкретно дефинирани процедури;

- користење на специјална опрема и алат за работа;
- тестирање на производите и елиминирање на дефектните производи;
- водење на евиденција за работата во посебна документација;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8211.01 | Составувач на мотори |
| 8211.02 | Составувач на возила |
| 8211.03 | Составувач на машини |
| 8211.04 | Составувач на дигалки |
| 8211.05 | Составувач на парни котли |
| 8211.06 | Составувач на парни турбини |
| 8211.07 | Составувач на плински турбини |
| 8211.08 | Составувач на машински прибор |

## 8212. Составувачи на електрична и електронска опрема

Составувачите на електрична и електронска опрема составуваат електромеханички компоненти или делови од електрична опрема, како и компоненти или делови од електроопрема според конкретно дефинирани постапки.

Задачите вклучуваат:

- проучување на прегледи за работа, спецификации, цртежи и дијаграми за да се утврди потребниот материјал и инструкции за монтажа;
- составување на електромеханички компоненти или делови од електрична опрема според конкретно дефинирани постапки;
- составување на делови на електрична опрема во финален производ според конкретно дефинирани постапки;
- составување на електронски компоненти или делови во потсклопови според конкретно дефинирани постапки;
- составување на потсклопови во електронски склопови според конкретно дефинирани постапки;
- користење на специјална опрема и алат за лемење и микрозаварување на елементите;
- тестирање на завршените производи и елиминирање на дефектните инсталации и кола;
- водење на евиденција за работата во посебна документација;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8212.01 | Составувач на батерии |
| 8212.02 | Ракувач со машини за производство на батерии |
| 8212.03 | Составувач на акумулатори |
| 8212.04 | Електронамотувач |
| 8212.05 | Електронамотувач, специјализиран |
| 8212.06 | Импрегнирач на електромеханичарски компоненти и склопови |
| 8212.07 | Составувач на електромотори |
| 8212.08 | Составувач на мали трансформатори |
| 8212.09 | Составувач на електрични мерни инструменти и склопови |
| 8212.10 | Составувач на електроинсталациски материјал |
| 8212.11 | Составувач на сијалици |
| 8212.12 | Опслужувач на машина за производство на сијалици |
| 8212.13 | Составувач на расветни тела |
| 8212.14 | Спојувач на електротехнички елементи |
| 8212.15 | Составувач на електрожичани снопови |
| 8212.16 | Составувач на апарати за домаќинство |
| 8212.17 | Составувач на електромеханички компоненти и склопови |
| 8212.18 | Составувач на печатени плочи |

8212.19 Составувач на електронски склопови
8212.20 Составувач на телефонски апарати
8212.21 Составувач на телекомуникациска опрема
8212.22 Составувач на електронска опрема
8212.23 Составувач на сметачка опрема
8212.24 Оператор за монтирање на бојлери
8212.25 Оператор за производство на грејачи
8212.26 Оператор за производство на инсталации

## 8219. Составувачи на опрема и производи, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа составувачи на опрема и производи кои не се класифицирани на друго место во споредната група 821. Составувачи на машини и опрема.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
8219.01 Ракувач со машина за поставување на дренажа
8219.02 Ракувач со машина за поставување на цевни инсталации
8219.03 Ракувач со машина за поставување на електрични кабли
8219.04 Ракувач со машина за поставување на изолација
8219.05 Составувач на очила
8219.06 Опслужувач на машина за составување на четки
8219.07 Составувач на производи од различни материјали
8219.08 Составувач на метален мебел
8219.09 Составувач на метални производи
8219.10 Составувач на пластични производи
8219.11 Составувач на гумени производи
8219.12 Ракувач со уреди за составување на лизгачки затворачи
8219.13 Составувач на дрвени производи
8219.14 Составувач на градежна столарија
8219.15 Ракувач со машина за ковање клинци
8219.16 Ракувач со машина за составување на мадраци
8219.17 Ракувач со линија за составување на тапацирани производи
8219.18 Составувач на кожни производи
8219.19 Составувач на хартиени производи
8219.20 Составувач на картонски производи
8219.21 Составувач на текстилни производи

**ПОДГРУПА 83.**

## Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж

Возачите на моторни возила, подвижни постројки и бродскиот екипаж возат и управуваат со возови и моторни возила, возат и надгледуваат подвижни индустриски, градежни и земјоделски машини и опрема, ракуваат со нив, како и вршат должности на палуба и брод или други пловни објекти.

За вршење на задачите потребно е искуство и познавање на постројките и опремата со кои се ракува и кои се надгледуваат. Многу често се бара способност за совладување на брзината на машинските операции и прилагодување на иновациите поврзани со машините и опремата.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: управување со возови и моторни возила, управување со подвижни индустриски, градежни и земјоделски машини и опрема и нивен надзор, вршење на должности на палуба и на брод или друг пловен објект. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**831. Возачи на локомотиви и сродни работници**
**832. Возачи на моторни возила**
**833. Возачи на тешки возила и автобуси**
**834. Возачи и ракувачи со транспортни направи**
**835. Екипаж на бродски палуби и сродни работници**

**СПОРЕДНА ГРУПА 831.**

**Возачи на локомотиви и сродни работници**

Возачите на локомотиви и сродните работници возат локомотиви за превоз на товар и на патници, маневрираат со железнички вагони, ракуваат со железничка сигнализација и го контролираат движењето на железничкиот сообраќај.

Задачите што се изведуваат најчесто вклучуваат: управување со железнички локомотиви, ракување со железничка сигнализација, префрлување на колосеци и одржување на возниот парк во железничката станица. Задачите вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8311. Возачи на локомотиви**

**8312. Железнички кочничари, сигнализатори и свртничари**

## 8311. Возачи на локомотиви

Возачите на локомотиви возат или помагаат при возење на локомотиви при транспорт на стока и патници.

Задачите вклучуваат:

- управување или помош при управувањето на парна, електрична или дизел локомотива;
- управување со подземен или височки патнички воз;
- управување со локомотива за влечење на вагони над или под површината на земјата во рудници или каменоломи;
- правилно следење на железничката сигнализација;
- читање на податоците од мерните инструменти во локомотивата;
- преземање на заштитни мерки за безбедност на патниците и стоката што се пренесува;
- комуникација и контрола со другите возови и главните станици за безбедно разминување и остварување на возниот ред;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите вработени.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8311.01 | Машиновозач за маневар на дизел влечни возила |
| 8311.02 | Машиновозач на дизел влечни возила |
| 8311.03 | Машиновозач за маневар на електрични влечни возила |
| 8311.04 | Машиновозач на електрични влечни возила |
| 8311.05 | Ложач на парна локомотива |
| 8311.06 | Машиновозач на парна локомотива |
| 8311.07 | Возач на моторни пружни возила |
| 8311.08 | Прегледувач на вагони |

## 8312. Железнички кочничари, сигнализатори и свртничари

Железничките кочничари, сигнализаторите и свртничарите се одговорни и се грижат за товарните возови во текот на патувањето, го контролираат железничкиот сообраќај преку работа со сигнализацијата, свртуваат колосеци и маневрираат возови на железнички станици, подготвуваат возови за влечење во рудници и го надгледуваат нивното движење.

Задачите вклучуваат:

- учество во обезбедувањето и следењето на патничките и товарните возови за време на патувањето;
- контролирање на текот на железничкиот сообраќај долж еден дел на пругата, со помош на оперативна сигнализација;
- свртување и спојување на вагони на железничките станици и споредните перони, а во согласност со наредбите за товарање, растоварување и составување на возови;
- составување на возови за влечење со локомотиви или кабел и насочување на нивното движење долж колосеците за влеча во рудниците или каменоломите;

- проверка на системите за кочење, греење, сигнализирање и друга опрема на возовите пред да бидат пуштени во сообраќај;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите вработени.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
8312.01 Маневрист
8312.02 Кочничар
8312.03 Свртничар
8312.04 Чувар на патен премин
8312.05 Одјавувач
8312.06 Возен манипулант
8312.07 Придружувач на локомотиви
8312.08 Поставувач
8312.09 Сигналист
8312.10 Чувар-надгледувач
8312.11 Чувар на пруга
8312.12 Чувар на мост
8312.13 Чувар на тунел
8312.14 Чувар на забавено возење
8312.15 Чувар на свртници

**СПОРЕДНА ГРУПА 832.**

**Возачи на моторни возила**

Возачите на моторни возила управуваат со моторни возила за превоз на стока и патници.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: управување со мотоцикли, автомобили, такси и комбиња за превоз на стока и патници и други моторни возила. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8321. Возачи на мотоцикли**

**8322. Возачи на автомобили, такси-возила и комбиња**

## 8321. Возачи на мотоцикли

Возачите на мотоцикли управуваат со мотоцикли или моторизирани трицикли опремени за превоз на патници, материјали и стока.

Задачите вклучуваат:
- управување со мотоцикли или моторизирани трицикли опремени за превоз на патници, материјали и стока;
- следење на сообраќајни правила и сигнали;
- почитување на сообраќајната етика;
- водење на евиденција за патувањата;
- одржување на возилото, чистење и ситни поправки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите вработени.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
8321.01 Возач на мотоцикл
8321.02 Возач на трицикл

## 8322. Возачи на автомобили, такси-возила и комбиња

Возачите на автомобили, такси-возила и комбиња управуваат со автомобили, такси-возила, комбиња и мали камиони за превоз на стока и патници. Овие возила имаат најмногу до 3.500 кг. дозволена тежина и најмногу до 8 седишта за превоз на патници.

Задачите вклучуваат:

- управување со автомобили и такси-возила за превоз на патници;
- управување со автомобили, камионети и мали камиони за испорака на стока;
- следење на сообраќајни правила и сигнали;
- почитување на сообраќајната етика;
- давање на помош на патниците во врска со нивниот багаж;
- давање на помош при транспорт на патници со психофизички пречки;
- вршење на наплата на билети за дадените услуги за превоз;
- воспоставување на контакт со центарот за комуникација и следење на нивните упатства;
- водење на евиденција за патувањата;
- одржување на возилата, чистење и ситни поправки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите вработени.

